ООУ „Стојан Бурчевски-Буридан", с. Иванковци-Велес
тел. 043/253-185, e-mail: stojanburcevski@yahoo.com

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско основно училиште
Стојан Бурчевски Буридан
Бр. 01-329/1
13. 08. 2025 год.
с. Иванковци, Велес

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА

# ООУ „Стојан Бурчевски Буридан"Иванковци



**За учебната 2024-2025 година**

**Иванковци, Август 2025 година**

# СОДРЖИНА



**Вовед**


1.Општи податоци за основното училиште.........................................................4
2.Податоци за условите за работа на основното училиште ..................................5
3.Податоци за вработените и за учениците ........................................................7
4.Материјално-финансиско работење на основното училиште..............................9
5.Мисија и визија...........................................................................................9
6.„Lessons learned“- Веќе научено / стекнати искуства ......................................10
7.Подрачја на промени, приоритети и цели .......................................................10
8.Програми и организација на работата во основното училиште .......................12
9.Настава.....................................................................................................13
10.Воннаставни активности ...........................................................................17
11.Ученичко организирање и учество ..............................................................19
12.Вонучилишни активности .........................................................................19
13.Натпревари и постигнати резултати ...........................................................26
14.Унапредување на мултикултурализмот/меѓуетничката интеграција ............30
15.Проекти што се реализираат во основното училиште ..................................30
16.Поддршка на учениците ............................................................................30
17.Оценување.................................................................................................33
18.Безбедност во училиштето .........................................................................34
19.Грижа за здравјето ....................................................................................35
20.Училишна клима ........................................................................................37
21.Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар ............38
22.Соработка на основното училиште со родителите/старателите ..................40
23.Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште ...................41
24.Согледување и предлог мерки за состојбите................................................43

**25.ПРИЛОЗИ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НАУЧИЛИШТЕ.......44**

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА УЧЕБНАТА 2024-2025 ГОДИНА**
**ООУ „Стојан Бурчевски-Буридан”, с. Иванковци-Велес**

## Воведен дел

Информациите во извештајот се методолошки и хронолошки подредени според подрачјата предвидени во годишната програма за работа, имајќи ги предвид реформските промени, подигањето на стандардите, планираните подрачја и приоритетни активности, значајните настани, обезбедувањето транспарентност во реализација на планираните активности, како и желбата да се унапреди воспитно-образовниот процес, се потрудивме овој годишен извештај да содржи повеќе синтетизирани и конкретни информации.
**Годишниот извештај** на **ООУ„Стојан Бурчевски Буридан“ с. Иванковци** е изготвен согласно Законот за основно образование, Статутот на училиштето, како и годишната програма за работа на училиштето за учебната **2024/2025 година**, со напоредно информирање на БРО, МОН, Локалната самоуправа и општествената заедница за резултатите од работата на училиштето. Наставата и другите форми на воспитно-образовната работа се реализирани врз основа на Законот за основно образование, годишните планови и програми пропишани од Бирото за развој на образование, Министерството за образование и наука, како и по Календарот на воспитно-образовната работа на основното училиште за учебната 2024/25 година, објавен во Службениот весник на Република Северна Македонија. Сите внесени содржини се во согласност со законските промени (бр.на Службен весник 161/2019), ревидираните наставни планови и програми, со подзаконските акти и другите акти со кои се регулира животот и работата во училиштето. Годишниот извештај претставува документ кој содржи значајни информации за работата на училиштето и остварувањето на годишната програма за работа во учебната 2024/2025година. Во извештајот квантитативно се претставени ангажирањата на наставниците и стручните соработници, токму поради тоа тој содржи факти и информации од аспект на:

- Ангажирање на наставниците во реализацијата на наставата;
- Ангажирање на наставниците во значајни активности: значајни датуми, екскурзии, излети, ученички натпревари, конкурси и сл.
- Ангажирање на наставниците во работата на стручните органи: одделенско раководство, одделенски совети, стручни активи, наставнички совет, комисии, и други стручни тимови.
- Ангажирање во реализација на програмите на другите органи и организации: совет на родители, училишен одбор, училишен парламент, спортски активности, вонучилишни и вонннаставни активности и сл.;
- Ангажирање во реализација на други посебни програми од воспитно-образовниот процес: грижа за здравјето на учениците, професионална ориентација на учениците, општествено-корисна и хуманитарна работа, работа на програми и разни проекти и друго;
- Ангажирање во реализација на програмите за унапредување на наставата и оценување;
- Ангажирање во реализација на програмата за стручно усовршување на професионален и кариерен развој на наставниците и стручните соработници;

**Целта и задачите на годишниот извештај** е да се проследат материјално техничките услови за работа во училиштето, организацијата и начинот на остварување и унапредувањето на воспитно-образовната работа во училиштето, формите и методите на наставна и вонннаставна активност, соработката со локалната средина, следењето, вреднувањето и успехот на учениците. За голем дел информации на овој извештај, училиштето располага со аналитички прилози (листи на ученици, наставници, на активности, фотокопии од дипломи, видео записи, фотографии, докумети, прилози, извештаи, записници, инструменти, протоколи и сл.).
Тој во суштина писмено ја изразува ангажираноста на училиштето (директорот, стручниот соработник, наставниците, учениците и родителите) во остварувањето на дејноста на училиштето.
Неговото изготвување е потреба на училиштето што ќе се користи во понатамошната работа.

## 1.ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ООУ „СТОЈАН БУРЧЕВСКИ БУРИДАН“ Иванковци

**ООУ„Стојан Бурчевски Буридан“ Иванковци - Велес** опфаќа широко рурално подрачје (одалечено едно од друго населено место и до 10 км. додека од градот Велес 20 км.), кое ги прибира сите обврзници за редовно деветгодишно основно образование од населените места: с. Иванковци с. Мамутчево, с. Кумарино, с. Сујаклари и с. Отовица.

| **Име на училиштето** | **ООУ„ Стојан Бурчевски Буридан “ с.Иванковци** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Иванковци** | **П.У Сујаклари** | **П.У Мамутчево** | **П.У Отовица** |
| **Место, Општина** | Иванковци, Велес | Сујаклари, Велес | Мамутчево, Велес | Отовица, Велес |
| **Телефон** | 043 253 185 | | | |
| **Веб страница Фсб страна** | www.stojanburcevski.edu.mk https://www.facebook.com/oouostojan.burcevskiburidan | | | |
| **Е-маил** | **stojanburcevski@yahoo.com** | | | |
| **Основано од** | 08-2264/2 23.10.1965 | 08-2264/223.10.1965 | 08-2264/223.10.1965 | 08-2264/223.10.1965 |
| **Верификација број на актот** | 10-1408/7 | 10-1408/7 | 10-1408/7 | 10-1408/7 |
| **Верификација** | 08.06.1995 година | 08.06.1995 година | 08.06.1995 година | 08.06.1995 година |
| **Година на изградба** | 2011 година | 1954 година | 2001 година | 2012 година |
| **Тип на градба** | модуларно училиште | тврда градба | тврда градба | модуларно |
| **Површена на објектот** | 200 м$^2$ | 540 м2 | 206 м2 | 90 м2 |
| **Површина на училшниот двор** | уреден училишен двор 75м$^2$, и друга површина 8200м$^2$ | 5000м2 | 2500м2 | 20 м2, и друга површина 2000м2 |
| **Површина на спортски терени** | / | / | / | / |
| **Начин на загревање на училиштето** | парно со дрва | ќумбиња на дрва | ќумбиња на дрва | парно со дрва |
| **Училиштето работи во смена** | две смени | една смена | една смена | една смена |
| **Број на одделенија** | 8 | 5 | 1 | 2 |
| **Број на паралелки** | 1 комбинирана 7 чисти | 1комбинирана 4 чисти | 1комбинирана | 2 комбинирани |
| **Јазик** | Македонски јазик | Македонски јазик | Македонски јазик | Македонски јазик |
| **Статус на еко училиште** | Сребрено знаме **Април, 2015 година** | | | |

## 1.1 Органи на управување, стручни органи и ученичко организирање во училиштето

| | |
|---|---|
| **Членови на училишен одбор** | **Претседател на училишен одбор**:Александар Арсовски (Совет на родители)<br>Преставник од училиштето – Катеринчо Груев<br>Преставник од училиштето – Маја Стојанова<br>Преставник од училиштето – Александар Ѓорѓиев<br>Преставник од Советот на родители- Маја Китановска<br>Преставник од Советот на родители –Христина Стојчевска<br>Преставик од Локална самоуправа- Василка Малинова |
| **Членови на совет на родители** | **Претседател на Совет на родители**: Христина Стојчевска<br>**Членови на Совет на родители:** Јелена Алексиќ,Ивана Спасовска, Ивана Величковска, Александар Богдановиќ, Сања Додевска, Христина Стојчевска, Ивана Бојковска, Бранкица Бојковска, Сања Стојановска, Линдита Димовска, Симона Коцевска,Миле Велковски, Александар Арсовски, Тања Филипова, Маја Китановска**.** |
| **Стручни активи** | Актив на одделенска настава, актив на природни науки, актив на општествени науки, актив на уметност, техника и спорт. |
| **Одделенски совети (број на наставници)** | Одделенска настава – 8 наставници<br>Предметна настава – 15 наставници |
| **Членови на ученички парламент** | **Претседатели на ученички парламент:**<br>Иван Страшевски- Иванковци, Пепита Димовска- П.У Сујаклари<br>**Ученички правобранители:**<br>Ивона Богдановиќ- Иванковци, Стефан Пановски- П.У Сујаклари |

# 2. ПОДАТОЦИ ЗА УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШТЕТО

## 2.1. Мапа на основното училиште

| Име на училиштето | ООУ„Стојан Бурчевски Буридан“ Иванковци |
|---|---|
| Општина | Велес |
| Адреса | Иванковци |
| Директор | Трајче Недев |
| Телефон/моб | 043 253 185 / 075 359 086 |
| Е-пошта и веб страна на училиштето | stojanburcevski@yahoo.com<br>www.stojanburcevski.edu.mk |

**План на училишен простор**












## 2.2. Податоци за училиштниот простор

| Иванковци<br>П.У Сујаклари<br>П.У Мамутчево<br>П.У Отовица | ООУ<br>„Стојан Бурчевски Буридан“<br>Иванковци | П.У Сујаклари | П.У Мамутчево | П.У Отовица |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупен бр. на училиш.згради** | 1 | 1 | 1 | 1 |
| **Број на подрачни училишта** | 3 | 1подрачно | 1подрачно | 1подрачно |
| **Површена на објектот** | 200 м$^2$ | 540 м2 | 206 м2 | 90 м2 |
| **Број на спортски сали** | / | 1 | / | / |
| **Број на катови** | 1 | 1 | 1 | 1 |
| **Број на училници** | 4 | 5 | 4 | 2 |
| **Број на помош.простории** | 2 | 2 | 1 | 2 |
| **Број на училиш.библиотеки** | 1 | 1 | / | / |
| **Начин на загревање** | парно со дрва | ќумбиња на дрва | ќумбиња на дрва | парно со дрва |

## 2.3. Простор во ООУ„Стојан Бурчевски Буридан“ Иванковци

| ООУ,,Стојан Бурчевски Буридан,,Иванковци<br>Простории | Иванковци | П.У Сујаклари | П.У Мамутчево | П.У Отовица |
|---|---|---|---|---|
| **Број на училници** | 4 | 5 | 4 | 2 |
| **Кабинети** | / | / | / | / |
| **Број на училишни библиотеки** | 1 | 1 | / | / |
| **Медијатека** | / | / | / | / |
| **Читална** | / | / | / | / |
| **Број на спортски сали** | / | 1 | / | / |
| **Број на канцеларии** | 2 | 3 | 1 | 1 |
| **Број на помошни простории** | 2 | 2 | 1 | 2 |
| **Потребата од дополнителни простории, реконструкции** | Изготвен проект за реконструкција и доградба | Реализирано | Реализирано | / |

## 2.4. Опрема и наставни средства

Во првото и второто полугодие беше направена набавка на техничка опрема, нагледни средства и материјали за потребата на учениците и наставниците, за успешна реализација на наставата во училиштето. Во ООУ,,Стојан Бурчевски Буридан“ с.Иванковци има постоечка и набавена опрема и наставни средства што моментално ги поседува училиштето. Во учебната 2024-2025 година беше направена набавка на техничка опрема, нагледни средства и материјали за потребата на учениците и наставниците, за успешна реализација на наставата во училиштето. Средствата кои ги има училиштето ги користат наставниците од одделенска и предметна настава од ООУ,,Стојан Бурчевски Буридан“ Иванковци.

Стручните активи реализираа средби и изготвија листа на потребни ресурси за олеснување на наставата.

Формираната комисија направи попис за 2024 година на целата опрема и инвентар која ја има и поседува училиштето. За истото има целосна документација во службата.

## 2.5. Податоци за училишната библиотека

ООУ „Стојан Бурчевски Буридан“ с.Иванковци располага со две библиотеки кои се наоѓаат во централното училиште во Иванковци и подрачното училиште во Сујаклари.Училишната библиотека во рамките на создадените услови за работа и претпоставените очекувани резултати успешно ги остваруваше поставените цели и задачи на современиот образовен процес што бара оспособување на учениците за самостојна работа, самообразование и подготовка за перманентно образование.



Училишната библиотека во текот на целата учебна година, преку книжевниот фонд кој го поседува, ги ангажираше учениците и ги обединуваше нивните интереси.Библиотечниот простор е нивно секојдневие, потреба и катче, каде учениците поминуваа дел од своето време.Соодветни публикации, предавања, разговори и други активности се форми за развивање на воспитната улога на библиотеката со што учениците се воспитуваат и изградуваат во една творечка личност. Со цел за што поуспешно комуницирање на младата личност, училишната библиотека настојуваше преку различни форми на соработка да создаде место за што поуспешно совладување на наставните содржини по сите предмети. Со тоа го афирмираше самостојното учење и зазема соодветно место во наставниот процес. Навремено и уредно беше извршен системот на прием и распределба на бесплатните учебници на почетокот на учебната година.
Уредно се водеше евиденција, што овозможуваше за кратко време да се добие информација за бараните наслови, позајмените или евентуално подолго задржаните наслови. Училишната библиотека им служеше и служи и понатаму на наставниците како соодветен извор за перманентно стручно усовршување и следење на најновите трендови од областа на наставно-образовниот процес. Паралелно со овие активности во рамките на материјалните можности на училиштето, билиотеката тековно го зголемува книжевниот фонд.
Во структурниот состав на програмата за работа на училишните библиотекари, беа опфатени се по карактеристични задачи, содржини и активности и истите беа реализирани.
Во текот на целата учебна 2024-2025 година се издаваа книги на сите ученици.

### 2.6. План за обновување и адаптација во основното училиште

Планот за обновување и адаптација во ООУ„Стојан Бурчевски Буридан“ Иванковци за учебната 2024-2025 година се однесуваше на организирање, реконструкција и адаптација на просториите во училишниот објект во П.У Сујаклари, изготвување на проект за доградба и реконструкција на училиштето во Иванковци, подобрување на работните услови во училиштата, уредување на училишните дворови и продолжување на тековните активности за обезбедување на неопходни настани средства и материјали во согласност со идниот развој на техологијата.
Планот е реализиран во целост во тековната 2024-2025 година.

## 3. ПОДАТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ И ЗА УЧЕНИЦИТЕ

### 3.1. Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар

| Кадар | Вкупно | Етничка и полова структура на вработените | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | други | |
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| **Број на вработени** | **32** | 9 | 23 | | | | | | | | |
| **Број на наставен кадар** | 23 | 5 | 18 | | | | | | | | |
| **Број на стручни соработници** | 1 | | 1 | | | | | | | | |
| **Административни работници** | 1 | | 1 | | | | | | | | |
| **Техничка служба** | 6 | 3 | 3 | | | | | | | | |
| **Директор** | 1 | 1 | | | | | | | | | |
| **Образовен медијатор** | | | | | | | | | | | |

### 3.2. Вкупни податоци за степенот на образование на вработените

| Образование | Број на вработени |
|---|---|
| **Последипломски студии-втор циклус** | / |
| **Магистер** | 1 |
| **Високо образование** | 23 |
| **Виша стручна спрема** | 1 |
| **Средно образование** | 7 |
| **Основно образование** | / |

## 3.3. Вкупни податоци за старосната структура на вработените

| Години | Број на вработени |
|---|---|
| 20-30 | 2 |
| 31-40 | 11 |
| 41-50 | 9 |
| 51-60 | 9 |
| 61 | 1 |

## 3.4. Податоци за учениците во основното училиште

Врз основа на член 61 став(1) од Законот за Основно образование(Сл.Весник на Р.С.М бр161/2019, Директорот на училиштето донесе решение за формирање на комисија за запишување на ученици во прво одделение што ќе учат во учебната 2025/2026 година.
Именувани се членови на трочлена училишна комисија за запишување на ученици во прво одделение за учебната 2024-2025 година во следниот состав:

- Елена Илиева Недев- училишен педагог
- Жана Ѓорѓиева - специјален едукатор и рехабилитатор
- Далиборка Крстевска-одделенски наставник

Училишната комисија ги извести родителите за подготвеноста на децата за тргнување во училиште. За запишаните ученици училиштето истакна листа на огласна табла на училиштето на 15 јуни 2025 година.
Постапката за уписот на ученици според член 60 од Законот за основно образование (Службен весник на Р.С.М,бр.161/19) се реализираше регуларно во месец Мај 2025 година.
Во ООУ„Стојан Бурчевски Буридан“с. Иванковци во учебната 2024-2025 година учеа вкупно 87 ученици од I до IX.

**Табела со ученици кои учеа во учебната 2024-2025 година**

| Одд. | Иванковци | м | ж | П.У Сујаклари | м | ж | П.У Мамутчево | м | ж | П.У Отовица | м | ж | Вкупно ученици | вкупно м | вкупно ж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | 8 | 2 | 6 | 2 | 1 | 1 | | | | 2 | 1 | 1 | 12 | 4 | 8 |
| II | 9 | 3 | 6 | | | | | | | 2 | | 2 | 11 | 3 | 8 |
| III | 7 | 4 | 3 | 2 | | 2 | | | | | | | 9 | 4 | 5 |
| IV | 8 | 4 | 4 | 1 | | 1 | 1 | | 1 | | | | 10 | 4 | 6 |
| V | 2 | 1 | 1 | 2 | 1 | 1 | 1 | 1 | | 1 | 1 | | 6 | 4 | 2 |
| **I-V** | **34** | **14** | **20** | **7** | **2** | **5** | **2** | **1** | **1** | **5** | **2** | **3** | **48** | **19** | **29** |
| VI | 5 | 2 | 3 | 4 | 2 | 2 | | | | | | | 9 | 4 | 5 |
| VII | 5 | 3 | 2 | | | | | | | | | | 5 | 3 | 2 |
| VIII | 8 | 5 | 3 | 3 | 1 | 2 | | | | | | | 11 | 6 | 5 |
| IX | 8 | 6 | 2 | 6 | 2 | 4 | | | | | | | 14 | 8 | 6 |
| **VI-IX** | **26** | **16** | **10** | **13** | **5** | **9** | | | | | | | **39** | **21** | **18** |
| **Вкупно** | **60** | **30** | **30** | **20** | **7** | **13** | **2** | **1** | **1** | **5** | **2** | **3** | **87** | **40** | **47** |

## 3.5. Број на чисти паралелки

| Училишта | Одделенска настава | Предметна настава | Број на чисти паралелки |
|---|---|---|---|
| Иванковци | I, II,III,IV,V | VI,VII,VIII, IX | 9 |
| П.У Сујаклари | | VI,VIII, IX | 3 |
| П.У Мамутчево | | | |
| П.У Отовица | | | |

## 3.6. Комбинирани паралелки

| Училишта | Одделенска настава | Наставници | Број на ученици |
|---|---|---|---|
| **Иванковци** | **/** | **/** | **/** |
| П.У Сујаклари | I-III-IV-V | Александра Кузмановска | 7 |
| П.У Мамутчево | IV - V | Биљана Тренчова Ботарева | 2 |
| П.У Отовица | I-II-III -V | Далиборка Крстевска | 5 |

## 4. МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО

Средствата за финансирање на училиштето се обезбедуваа од Буџетот на Р.С.Македонија, на начин и постапка утврдени со Законот за буџетите на Р.С.Македонија, Законот за извршување на Буџетот на Р.С.Македонија и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Средствата се распределуваат на Општина Велес по пат на блок дотации и наменски дотации согласно Уредбата за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотациите и Уредбата за методологијата за распределба на капиталните и наменските дотации утврдени во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Општината ги распределува средствата на основните училишта на своето подрачје за обезбедување на реализација на воспитно-образовниот процес, во согласност со утврдените стандарди и нормативи. Распределбата на средствата од блок дотацијата и од наменската дотација се врши врз основа на формула и согласно фазите за фискалната децентрализација утврдени во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Формулата за распределба на средствата се изведува базично од бројот на учениците во основното училиште на подрачјето, но можат да имаат влијание и други дополнителни показатели. Средствата за финансирање на дејноста на основното образование можат да се обезбедуваат и од други извори (легати, подароци, завештанија и друго), а се користат наменски за развој на воспитно образовната дејност. Училиштето плански и наменски ги користи распределените финансиски средства од општината, како и финансиските средства од сопствената сметка. За своето работење, беше изготвен годишен финансов план, програма и завршна пресметка, придржувајќи се на насоките дадени од Министерството. Советот на општината исто така утврдува мерила и критериуми за распоредување на средства за нашето училиште. Податоците од годишниот финансиски план и од завршната сметка, училиштето ги доставува до Советот на Општина Велес, кој после презентирањето и усвојувањето ги објавува во своето службено гласило. Наменското користење на средствата кои се распределуваат од Буџетот на Р.С. Македонија, ги контролира Министерството.

## 5. МИСИЈА И ВИЗИЈА

### МИСИЈА

**Учениците ги дочекуваме со топлина и од нивниот прв училишен ден ги воспитуваме во духот на: Толеранција, искреност, доверба, поттикнување и меѓусебно разбирање.**
**Ги почитуваме нивните размислувања и идеи, потреби, емоции, ставови, градејќи ги во личности со самодоверба.**

### ВИЗИЈА

**Ние сме училиште - пријател, сите различни, а подеднакво вредни.**
**Заедно создаваме луѓе, денес мали, а утре поголеми од нас.**

### Мото на училиштето

**Ученикот не мора да биде одличен ученик,може да стане одличен човек**

## 6. ВЕЌЕ НАУЧЕНО/СТЕКНАТИ ИСКУСТВА

Тековно и континуирано ги следиме сите современи промени во образовниот систем и ги применуваме во сите области од нашето работење.
Во годишниот извештај за работа на училиштето во учебната 2024/2025 во целост е опфатена реализацијата на воспитно–образовната работа во училиштето.
Во планирањето на активностите за оваа учебна 2024/2025 година се користени искуствата од работата на училиштето од изминатите учебни години и анализите на работењето на сите органи и тела кои функционираат во училиштето, како и реализација на воспитно- образовната работа во училиштето: Анализи и заклучоци од интегралната инспекција, анализи и заклучоци од самоевалуацијата на работата на училиштет, план за развој на училиштето, анализи и препораки од училишниот одбор, анализи и заклучоци од работењето на наставнички совет, одделенски совет, стручни активи, инклузивен тим, реализацијата на програмата за професионален развој на наставниот кадар; знаења стекнати од обуки, искуства од реализација на наставните планови и програми; нови знаења и вештини од планирање, подготовки и реализација на наставата по новата Концепција и воннаставните активности во нашето училиште.
Изготвување на годишниот извештај и останатите извештаи за работа на училиштето се показател за континуирано следење на реализираните планирани активности и постигнатиот успех од реализиацијата.
Потоа, имплементација на: Програми за еколошката едукација во образовниот систем, успешно учество во разни проекти и многу натпревари и конкурси, придобивките од употребата на училишните кодекси и правилници, од примената на ИКТ во планирањето и реализацијата на наставата и воннаставните активности, промоција на училиштето, соработка со родителите, локална средина, медиумите и други организации, како и организација на хуманитарните акции и активнсоти, напоредно развивајки ја хуманоста кај нашите ученици.
Училиштето успешно ја организира средината за учење со поставување очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците.
Имаме воспоставено добра соработка со Локалната самоуправа и заедницата во однос на подобрувањето на инфраструктурата.
Од досегашната работа на сите структури во училиштето, успешно се релизираат сите предвидени тековни активности како резултат навремена информираност за начинот на нивно постигање и очекуваните ефекти.
Постигањата на целите редовно се евалуираат со осврт на ефективноста на работата во училиштето.
Училиштето се стреми првенствено да ги земе во предвид ставовите на родителите и на учениците. Сите наставници активно учествуваат во постигање на поставените цели.

## 7. ПОДРАЧЈА НА ПРОМЕНИ И ПРИОРИТЕТИ

Подрачјата на промени и приоритети и цели произлегуваат од Развојната програма за работа на училиштето и констатираната состојба во годишниот извештај, а се земаа и во предвид оние подрачја и потреби кои се приоритетни за училиштето и за тековната учебна година каде всушност ќе се направи промена.
Од подрачјата напоредно се дефинираа приоритетите и целите кои се реализираа во текот на годината, сето ова е во тесна врска со потребите и интересите на сите субјекти, а особено со потребите на учениците и во склад со реалните можности на училиштето и усогласеноста со финансискиот план.
Целите беа насочени кон постигнување на резултати, временски определени и водеа кон остварување на визијата на училиштето.
Изборот на приоритетите во училиштето придонесоа позитивни промени, а од нив напоредно произлегоа и акциските планови.

**Во табелата се наведени неколку приоритетни подрачја на нашето училиште**

| Приоритетно подрачје на промени | Стратешки цели | Развојни цели | Конкретни цели | Исход |
|---|---|---|---|---|
| Оганизација и реализација на наставата | **1.**Имплементациј а на концепцијата за воннаставни активности | Систематско планирање, организирање, реализирање и евидентирање на ВНА | 1.1.1Формарње на тим за реализација на концепцијата на ВНА<br>1.1.2.Стекнување на знаења, ставови и вештини зацртани со националните стандарди<br>1.1.3. Зголемување на соработка со родителите<br>1.2.1 Спроведување анкета за избор на слободни изборни предмети<br>1.2.2 Изготвување на листи за слободни изборни предмети и истакнување на веб страна на училиштето<br>1.2.3 Изработка на програми раководејќи се од водичот за СИП и усвоените стандарди | -Реализирани се воннаставни активности (краткорочни и долгорочни)<br>Сите реализации се внесени во елек. дневник и<br>-Соработката со родителите е добра<br>-Изготвени се листи со слободни изборни предмети-<br>Изработени програми со усвоени станд. |
| Управување и раководење | **2.**Подобрување на ифраструктурата во училиштето | Реконструкција на училишните простории во Сујаклари | 2.1.1Согледување на моменталната состојба во училиштето<br>2.1.2.Изработка на план за прибирање средства за реконструкција на училиштето<br>2.1.3. Реализација на планот | Реконструкција на учлиниците во с. Сујаклари |
| Професионален развој на наставниците стручните сораб. и раководниот кадар | **3.**Стручно усовршување на наставниот кадар | Обука на наставниот кадар за компетенциите, вештините и знаењата потребни за образование во 21 век | 3.1.1Утврдување на искуствата и потребите за спроведување обуки<br>3.1.2 Воспоставување процедури за планирање на активностите од следените обуки<br>3.1.3 Изготвување планови за интерни активности за професионален развој | Реализирани се обуки во месец Јуни 2025 година<br>Обучени наставници за новата Концепција за 7 мо одделение |

## 7.1. План за евалуација на акциските планови

Во планот за евалуација се наведени конкретни задачи за нивна реализација, време на реализација, одговорни лица за спроведување на активноста, начин на спроведување на активноста, кои се очекувани резултати од реализираната активност, следење на реализацијата, индикатор за реализираната активност. Со следењето или формативната евалуација се проверува и утврдува дали акциониот план се остварува, за да може да се преземат корективни активности. Акциониот план го реализираме според постоечкиот план за развој на училиштето.
Поставени ни се следниве приоритети кои тековно се реализираа:

- Интензивирање на родител-ученици-училиште
- Подобрување на работните услови во училиштето
- Професионален развој на наставниците

**Одговорни за следење**

1.Директор, ментор-наставник, стручна служба
2.Директор, наставници, стручни соработници (педагог)
3.Тимови, комисии, секретар, технички персонал
4.Директор, училишен одбор, стручна служба, наставници, совет на родители, стручни лица од Општина Велес

**Критериум за успех**

1.Зголемен фонд на нагледни средства и помагала, годишен извештај за работа на училиштето за учебна 2024/2025 година
2.Успешна соработка меѓу наставниот кадар, стручните служби, родителите и Општината

3. Утврдување на искуствата и потребите за споведување на обуки
4. Реализација на проектот за реконструкција

**Инструменти**

1. Фактури, извештаи, записници, инструменти
2. Анкети и листи за изборни предмети, анализи
3. Планови за професионален развој, годишен и полугодишен извештај
4. Документи за реализација на реконструкција на училишни простории.

**Индикатори за успешност**

1. Подобрени услови за успешно изведување наквалитетна наставата
2. Успешно спроведување на новата концепција во однос на изборните предмети
3. Систематско планирање, организирање и евидентирање на ВНА
4. Реализирани работилници, обуки, семинари за професионалниот развој на наставниците и стручните соработници

**Повратна информација**

1. Полугодишен и годишен извештај, извештаи од тимови, наставници и стручна служба
2. Извештаи од евиденција на реализираните ВНА
3. Извештај од реализација на изборните предмети
4. Записници и извештаи од вклученоста на родителите во сите свери во училиштето
5. Записници од посета на часеви за изведба на квалитетна настава

## 8. ПРОГРАМИ И ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА ВО УЧИЛИШТЕТО

Пред почетокот на учебната година училиштето навремено ги прилагоди условите за реализирање на наставата со цел обезбедување непречен воспитно-образовен процес.
Училиштето работи според Годишната програма за работа во која се зацртани сите активности и подрачја според планот и програмите за воспитно-образовна дејност на училиштето, Концепцијата за деветгодишно основно воспитание и образование, Законот за основно образование и други документи кои се поврзани со основното образование.
Зацртаните задачи во Годишната програма на крајот од учебната година се целосно реализирани.
Новите наставни програми се изработија врз основа на усвоените Национални стандарди за постигањата на учениците и истите обезбедуваат целосната автономија на наставниците за прилагодување на наставата кон поединци и групи што овозможува остварување на очекуваните резултати од секој ученик. Фактографското учење се заменува со учење со разбирање. Формативното оценување добива предност наспроти сумативното, што значи секојдневно се следи и евидентира напредокот на учениците.
Учениците уште од најрана возраст се воведуваат во граѓански вредности поврзани со родовата еднаквост, инклузивноста, мултикултурализмот, грижа за животната средина и слично. Тие стекнуваат компетенции во неколку области кои современиот свет ги нотира како најважни.Сите одделенски и предметни наставници навремено изготвија годишни планирања по сите наставни предмети: задолжителни наставни предмети, изборни наставни предмети, дополнителна настава, додатна настава, слободни ученички активности, час на одделенската заедница и воннаставни активности, што се наведени во е-дневникот на паралелката.
Наставниците обучени и подготвени во оваа учебна година ги применуваат новите наставни програми по новата Концепција за основно образование. Како и усовршени во нивниот професионален план, со посета на акредитираните обуки организирани од БРО, пред почетокот на новата учебна година.
Годишните планирања се изработени согласно Наставниот план и Наставните програми изготвени од БРО и одобрени од Министерот за образование и наука. Спомenатите годишни планирања се подготвени во два примероци: еден за наставникот и еден за педагошката потреба на училиштето во електонска форма. Увид во планирањата и посетата на часови се врши од страна на директорот и педагогот на училиштето. Согласно Законот за основно образование, во училиштето, успехот и постигањата на учениците се бележат во евидентни листови и електронски дневник.

При изготвувањето на наставните програми од I до IX одделение се води грижа за оптимално користење на информатичката технологија во наставата и учењето. Заради ефективно поврзување на предметите се користи практиката за тимско планирање на наставата.
Во ООУ„Стојан Бурчевски Буридан” с. Иванковци во новата учебната година се стремеше кон потребата да се добијат максимални придобивки за учениците, наставниците и вработените во училиштата и пошироката заедница, имајќи предвид дека едно од основните човекови права покрај образованието е и правото на здравје. Стручните служби и вработените во училиштето се постојано достапни за учениците во секое време. Нивните контакти се ставени на веб страната на училиштето.

### 8.1. Календар за организацијата и работата во основното училиште

Врз основа на член 52 став (3) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20), министерот за образование и наука донесува календар за организација и работа на основните училишта за учебната 2024/2025 година.Учебната година во основните училишта почнува на 2 септември 2024 година, а завршува на 31 август 2025 година. Наставната година започнува на 2 септември 2024 година и завршува на 10 јуни 2025 година.
Наставната година ја сочинуваат две полугодија - I и II полугодие.
Првото полугодие започна на 2 септември 2024 година и заврши на 31 декември 2024 година.
Второто полугодие започна на 21 јануари 2025 година и заврши на 10 јуни 2025 година.Во текот на учебната година учениците користеа зимски и летен одмор.
Зимскиот одмор започна на 01 јануари 2025 година и заврши на 20 јануари 2025 година.
За време на зимскиот одмор вработените во училиштето од 2 јануари 2025 година до 10 јануари 2025 година користат платени неработни денови. Летниот одмор за учениците започнува на 11 јуни 2025 година и завршува на 31 август 2025 година.
Во учебната 2024/2025 година наставата се остваруваше во 180 наставни денови.

## 9. НАСТАВА



Основната задача на ООУ „Стојан Бурчевски Буридан“ с. Иванковци е организацијата на воспитно –образовната дејност во согласност со Законот за основно образование.Воспитно-образовната работа за учениците се организираше во текот на целата работна недела. Наставата се изведува на македонски јазик со кирилско писмо. Истата се изведуваше во 15 паралелки со 87 ученика.

### 9.1 Распоред на часеви

Поделбата на часевите и распоредот на часевите беше изготвен пред самиот почеток на учебната 2024/2025 година,поради добивање на по прецизни податоци.
Наставата во училиштето се одржуваше со физичко присуство на учениците.
Наставниот час траеше 40 минути. Напоредно се водеше евиденција на дневна основа за присуството на учениците. Реализацијата на наставата и отсуствата на учениците се евидентираа во е-дневникот.
Распоредите беа напишани во електронскиот дневник, јавно достапни и поставени на паното во училиштата како и истакнати на веб страната на училиштето.

### 9.2 Работа во смени

Во оваа учебна 2024/2025 година централното училиште работеше во две смени и тоа:
Прва смена и втора смена наизменично, неделно ротираа учениците и наставниците од одделенска и предметна настава.
Во подрачните училишта, наставата  се изведуваше само во прва смена- претпладне.

| Име на училиштето | ООУ„Стојан Бурчевски Буридан„с.Иванковци | | | |
|---|---|---|---|---|
| Училишта | Иванковци | П.У Сујаклари | П.У Мамутчево | П.У Отовица |
| Училиштето работи во смени | две смени | една смена | една смена | една смена |

## 9.3. Јазик /јазици на кој/и се изведува наставата

| Наставнен јазик на кој се изведува наставата | Наставен јазик македонски | Наставен јазик Албански | Наставен јазик турски | Наставен јазик српски |
|---|---|---|---|---|
| Број на паралелки | 15 | | | |
| Број на ученици | 87 | | | |
| Број на наставници | 23 | | | |

## 9.4. Вид на настава

Настава по задолжителните предмети; настава по изборни предмети; други видови на настава со разновидна дидактичка функција.Во учебната 2024/2025 година наставата во нашето училиште се организираше според наставниот план и програма за деветгодишно основно образование. Училиштето подготвено ја започна учебната 2024/2025 година. Воспитно-образовната работа е планирана со календарот и годишната програма за работа на училиштето, која навремено е доставена до соодветните органи и институции.
Наставата по задолжителните предмети се организираше во согласност со наставниот план за Основно образование, како и насоките зацртани во него. Задолжителната настава се реализираше напоредно со годишни планови, тематски распределенија и примена на дневни подготовки.

## 9.5. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

Во ООУ„Стојан Бурчевски Буридан“ Иванковци во учебната 2024-2025 година задолжителен странски јазик е англиски јазик, додека како втор задолжителен јазик од шесто одделение е германски јазик. Вкупно ученици кои го изучуваа **Англискиот јазик**: во одделенска настава се: 48, додека во предметна настава се вкупно: 39 ученика, на ниво на училиште англискиот јазик го изучуваа вкупно 87 ученика. **Германски јазик** во предметна настава како втор јазик го изучуваа вкупно 39 ученика во учебната 2024-2025 година.

## 9.6.Реализација на ФиЗО со учениците од прво до петто одделение

Во нашето училиште се реализира тандем настава по физичко и здравствено образование од страна на следниве наставници:

| Одделенски наставници | Наставник по ФиЗО |
|---|---|
| Далиборка Крстевска, Биљана Тренчова Ботарева, Александра Кузмановска, Анета Јакимовска, Панче Бошков, Емилија Илиева, Златко Јанев, Охрида Колодезни | Кристијан Пешов |

Спортските активности придонесуваат за развивање на позитивни особини на личноста на ученикот:дружељубивост,упорност, издржливост, толерантност, меѓусебно разбирање и соработка, придонесуваат за емоционалната стабилност, социјалната интеракција и комуникација. **Физичкото и здравственото образование** е значајно за правилен раст и развој на учениците.

## 9.7. Изборна настава

Училиштето ги почитува правата и обврските на учениците при определување на изборни предмети и ги спроведува прописите поврзани со таа проблематика.
Согласно Концепцијата за основно образование донесена од страна на министерката за образование и наука со решение бр. 08-3980/1 од 3.03.2021 изработен е Водич за слободни

изборни предмети во основното образование. Во Водичот се дадени водечките принципи на слободните изборни предмети, начинот на определување на слободните изборни предмети во училиштето, изработката на наставните програми за изборните предмети, изборот и организацијата на слободните изборни предмети, планирањето и реализацијата на наставата, како и начинот на следење и оценување на постигањата на учениците. Наставниците од основните училишта изготвуваат наставни програми за слободните изборни предмети според интересите на учениците, притоа можат да ги користат примерите кои се изработени во Бирото за развој на образование но и наставните програми за слободните изборни предмети кои се изработени од наставници од различни основни училишта и кои се одобрени од предметните советници како соодветни за реализација во наставата. Изборот на изборни предмети за учебната 2024/2025 година се изврши по претходно спроведена анкета за учениците и родителите.

## 9.8. Дополнителна настава

| Име на изборниот предмет | Одделение |
|---|---|
| Слободни изборни активности | I до III |
| Иванковци<br>Справување со природни катастрофи – прво полугодие<br>Моделарство, креативни идеи, направи сам – второ полугодие<br>П.У Сујаклари<br>Логичка математика– прво полугодие<br>Моделарство, креативни идеи, направи сам- второ полугодие<br>П.У Мамутчево<br>Моделарство, креативни идеи, направи сам – прво полугодие<br>Справување со природни катастрофи – второ полугодие | IV |
| Иванковци, П.У Мамутчево. П.У Отовица<br>Моделарство, креативни идеи, направи сам – прво полугодие<br>Справување со природни катасторфи – второ полугодие | V |
| Иванковци<br>Театарот, уметност на емоции - прво полугодие<br>Религии во светот- второ полудогие<br>П.У Сујаклари<br>Театарот, уметност на емоции - прво полугодие<br>ОжВ- второ полугодие | VI |
| Иванковци<br>Класична култура 2 - прво полугодие<br>Театарот, уметност на емоции - второ полугодие | VII |
| Истражување на родниот крај | VIII |
| Нашата татковина | IX |

Се организираше во текот на целата наставна година, паралелно со редовната настава. Дополнителната настава се организираше за ученици кои имаа потреба од дополнителна поддршка за определени наставни предмети за да ги постигнат очекуваните резултати, односно на барање на ученикот, неговиот родител и по проценка на наставникот.

Додека наставникот ја планираше, водеше евиденција и го известуваше родителот во рок од три дена од констатирањето на потребата.

Таа се реализираше според наставниот план од БРО и согласно Член 31 од Законот за основно образование.

Во Правилникот за организацијата и начинот на спроведување бр.12-4095/1 од 23.03.2020 година, во член 7 по ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:„

Дополнителната настава за учениците во второ, трето четврто,петто и шесто одделение се реализира во рамки на петте задолжителни саати (во случај на поголем број ученици со иста потреба) или по петте задолжителни саати (доколку се работи за мал број ученици– индивидуализиран пристап во планирањето).“

## 9.9. Додатна настава



Додатната настава се организираше за ученици кои во текот на редовната настава постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети. Наставникот е должен да им ја понуди на учениците, а учениците одлучуваат дали ќе ја посетуваат додатната настава. Додатната настава се реализираше според наставниот план и Член 32 од Законот за основно образование. Според член 17 од Законот за наставници и стручни соработници (3)-40 работни часови неделно, наставникот е обврзан да има 5 работни часа неделно директна, непосредна работа со ученици во додатна, дополнителна настава и вонаставни активности.
Реализацијата на дополнителната и додатната настава за учениците, наставникот ја планираше во рамките на неделното планирање на паралелката во делот на другите активности, а ги евидентираше и во електронскиот дневник со наведената цел.
Во однос на реализацијата на додатната и дополнителната настава, училиштето пред почетокот на учебната година изготви распоред за секој наставен предмет каде беше објавен на огласна табла и на својата интернет веб страница.

**Реализирани часеви дополнителна и додатна настава за крај на учебната 2024-2025 година**
**Одделенска настава**

| Одделение | Реализација на часови дополнителна настава | Реализација на часови додатна настава |
|---|---|---|
| II | 64 | 55 |
| III | 70 | 27 |
| IV | 90 | 11 |
| V | 178 | 15 |
| Вкупно часови во одделенска настава од II-Vодделение | 402 | 108 |

**Предметна настава**

| Одделение | Реализација на часови дополнителна настава | Реализација на чаоеви додатна настава |
|---|---|---|
| VI | 113 | 12 |
| VII | 55 | 2 |
| VIII | 118 | 29 |
| IX | 101 | 18 |
| Вкупно часови во предметна настава од VI-IX одделение | 387 | 61 |

Во одделенска настава реализирани се вкупно **402** наставни часови доплнителна настава и **108** часа додатна настава.
Во предметна настава реализирани се вкупно **387** наставни часови дополнителна настава, и **61** наставен час додатна настава.

## 9.10. Работа со надарени и талентирани ученици

Работата со надарените деца, денес претставува важен сегмент во образовниот систем. Надарените и талентираните ученици се ученици кои имаат развиено една или повеќе способности на ниво кое ги надминува способностите на нивните врсници.
Надареноста се однесува на високи постигања во областа на природните науки, математика, ј/азици, додека талентираноста се однесува на постигањата во областа на уметноста, ликовно изразување, музика, дизајн и спорт.
Според програма за идентификација на надарени и талентрани ученици, наставниците во рамките на своите планирања имаат направено програма за работа со овие ученици. Педагогот на училиштето има изготвено сопствена програма за работа со надарени и талентирани ученици

која е дел од прилозите на годишната програма. Во програмата се наведени времето на реализација, процедурата за идентификација на надарените и талентирани ученици, кои наставници се вклучени во активностите и работата со овие ученици.
Исто така, и преку опсервација, организација на предавања и работилници напоредно се влијае на сензибилизација на родителите за идентификација на посебните карактеристики на нивното дете.

## 9.11.Работа со ученици со посебни образовни потреби

Во училиштето се идентификувани ученици со посебни образовни потреби.
Во нашето училиште оваа учебна година не се идентификувани ученици со посебни образовни потреби. Доколку се појави потреба, тогаш родителот ќе достави барање за образовен асистент до стручната служба.
Според член 16 од Законот за основно образование во ООУ„Стојан Бурчевски Буридан" Иванковци одлично функционира училишниот инклузивен тим кои е со мандат од три години составен од седум члена и индивидуалниот инклузивен тим за ученик.
Тимовите редовно одржуваа средби и дискутираа по одредени теми. Се пренесуваа значајни информации, совети и мислења за постапувања по одредени ситуации.
Инклузивниот тим пред крајот на учебната година одржа една средба по барање на родителот за достава на документ со наод и мислење за видот и степенот на попреченост во физичкиот и психичкиот развој и специфичните потреби и документ од МКФ Скопје и следење на насоките со започнување од учебната 2025-2026 година.
Ученичката оваа учебна година учеше во трето одделение во комбиниранaта паралелка во подрачното училиште во с. Сујаклари.
Напоредно беа проследени неколку информативно советодавни средби организирани од страна на Ресурсниот центар- Велес.
Во ООУ„Стојан Бурчевски Буридан" Иванковци се води целосна подршка за учениците со посебни образовни потреби.

# 10. ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

Вонанаставните активности се дел од воспитно-образовниот процес кои заедно со наставните активности претставуваат нераскинлива целина. Согласно Концепцијата за вонаставни активности, во рамките на воспитно-образовната дејност во училиштето се организираа и остваруваа разновидни активности кои беа во согласност со развојните потреби и интереси на учениците.
Педагошката евиденција за учеството на ученикот во вонаставните активности ја води одговорниот наставник согласно член 17 од Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на педагошката евиденција и документација во основното училиште, во Образецот бр.15. Вонаставните активности се внесуваа и во електронскиот дневник на паралелката. Тие се дел од воспитно-образовниот процес кои заедно со наставните активности претставуваат нераскинлива целина.

## 10.1. Секции и слободни ученички активности

СУА се организираа во училиштето за сите ученици од одделенска и предметна настава.
Слободни ученички активности најчесто се организираа во областа на општествените и природните науката, техниката, уметноста, спортот, или со учество на учениците во културно-уметнички и општествено-хуманитарни активности.
На тој начин се создаваа можности учениците кои имаат интерес за одредени предмети и области, без оглед на успехот во наставата, да се потврдуваат со своите постигања. За да не доаѓа до преголема оптовареност на учениците со слободните активности, по правило секој ученик учествуваше во една слободна активност. Бројот на учениците беше во согласност со нивната заинтересираност кон видот на секцијата. Тие имаат за цел да ги задоволат и негуваат индивидуалните интереси и способности на учениците, да ги развиваат самостојноста, доследноста, истрајноста, како и создавањето навика за правилно користење на слободното

време. Наставниците овие слободни ученички активности ги реализираат според претходно изработен план и програма.Слободните ученички активности во одделенска настава функционираат на ниво на актив (одделение).Одговорните наставници навремено, и одговорно ја реализираа својата програма за секциите во училиштето.На огласната табла и на веб стрната на училиштето на почетокот на учебната година е објавена листата на секциите што се предвидени со годишната програма за работа на училиштето. Во текот на одвивањето на активностите во секцијата, учениците добиваа повратни информации од реализаторите на секцијата за својот напредок и како да се подобрат, тоа им овозмжува и самите да учествуваат во вреднувањето на сопственото напредок, како и на напредокот на соучениците.

| Ред. бр | Назив на секцијата | Одговорен наставник/ наставници | Време/ период |
|---|---|---|---|
| 1 | Еколошка секција | Андријана Сарагиновска | Тековно во цела учебна година |
| 2 | Драмско рецитаторско литературна и библиотекарска секција | Мирјана Пановска | Тековно во цела учебна година |
| 3 | Млади математичари | Андријана Кариланова | Тековно во цела учебна година |
| 4 | Географска секција | Катерина Петрова | Тековно во цела учебна година |
| 5 | Историска секција | Македонка Арсовска | Тековно во цела учебна година |
| 6 | Ликовни млади креативци | Тања Милошева Петрушева | Тековно во цела учебна година |
| 7 | Англиска секција | Маринела Пановска | Тековно во цела учебна година |
| 8 | Сообраќајна секција | Весна Христовска | Тековно во цела учебна година |
| 9 | Одбојка | Катеринчо Груев | Тековно во цела учебна година |
| 10 | Ликовна секција<br>Секција и запознавање со активностите | Далиборка Крстевска<br>Анета Јакимовска<br>Златко Јанев<br>Панче Бошков<br>Емилија Илиева<br>Александра Кузмановска<br>Биљана Тренчова Ботарева | Тековно во цела учебна година |

## 10.2. Акции

Акциите што се одржуваа во училиштето се значаен дел од неговата севкупната воспитно-образовна дејност. Во нив активно земаа учество учениците, родителите и наставниците.
Нашето училиште е вклучено во најразлични акции, хуманитарни акции и акции кои се организираат на ниво на училиште и Општина. Акции се организираа и по официјално добиени дописи, согласно со нашите можности. Хуманитарните акции ги следеа и организираа одговорниот наставник- Катеринчо Груев, воедно и член на Црвениот крст како и педагогот на училиштето, кој напоредно ја водеше тековна евиденција за истите. Другите интерни акции се организираа и реализираа според годишниот календар за работа, од страна на одредениот тим.Училиштето има изготвено план по месеци со јасно дефинирани содржини, време на реализација, поставени цели, наведени материјали и вклученост на наставниците, учениците, родителите и службата во училиштето, извештај, едвиденции и други документи од самата организација.
Сите акции во учебната 2024-2025 година беа успешно реализирани.
Акциите претставуваат значаен дел од едукацијата на учениците во училиштето.

## 11. УЧЕНИЧКО ОРГАНИЗИРАЊЕ И УЧЕСТВО

Заедницата на учениците е значаен сегмент во организацијата на животот и работата на училиштето. Преку оваа форма учениците се договараа и земаа учество во заедничките ставови за сите позначајни прашања што се во врска со животот и работата на училиштето. Ученичкиот парламент според Член 68 (4) од Законот за Основно образование го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките. Ученичкиот парламент на организиран начин активно учествува во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците. Организира и зема учество во повеќе активности и дава предлози по одредени точки. Ученичкиот парламент работи на седници, кои се одржуваатво тековната учебна година, освен во месеците кога учениците беа на годишен распуст. Седниците на ученичкиот парламент се одржуваа во соодветна просторија определена од директорот на училиштето, водена според протоклот за работа. Седниците ги свикуваше претседателот на ученичкиот парламент по писмен пат.
Првото свикување на уненучкиот парламент го изврши директорот на училиштето.
Во однос на улогата и надлежностите, ученичкиот парламент:

- активно учествуваше во застапување на правата и интересите на учениците,
- го промовираше ученичкиот активизам,
- учествуваше во активностите за обезбедување поддршка на учениците со ПОП,
- учествуваше во подготовката на годишната програма за работа,
- даваше предлог-активности за год. програми за екскурзии, излети и тернска настава,
- даваше предлози за вonнаставни и вонучилишни активности на училиштето,
- потоа, се разговараше за подобрување на ученичкиот стандард,
- преку свои претставници учествуваше во советот на родители и наставничкиот совет
- организираше и учествуваше во хуманитарните и еколошките активности и во општествено корисната работа.

Плановите за работа на ученичкиот парламент, и ученичкиот правобранител беа дел од прилозите на годишната програма за учебната 2024-2025 година.
Во тековната учебна година се реализираа повќе средби на ученичкиот парламент со уредна документација од истите.

## 12. ВОННУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ

### 12.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Врз основа на член 42 став (2) од Законот за основно образование (,,Службен весник на Р.С.М“ бр.161 /19 година) за учениците од ООУ „Стојан Бурчевски-Буридан“ - с.Иванковци, во согласност со правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии на учениците од основните училишта и по обработката и анализата на спроведените анкети на учениците, беа планирани следниве релации, во месец Мај 2025 година, со изготвена програма:

- **Еднодневен излет во блиската околина за учениците од I-IX одделение: Стоби**
- Еднодневна екскурзија за учениците од III одделение: Крушево
- Дводневна екскурзија за учениците од VI и од IX одделение: Охрид

Во месец Мај беше изведен само еднодневниот излет во блиската околина (Археолошки Локалитет(наоѓалиште) Стоби за учениците од од I-IX одделение.
**Стручен тим за екскурзии:** Трајче Недев (директор), Катерина Петрова (наставник по географија) и Александар Ѓорѓиев (наставник по историја), Елена Илиева Недев(педагог).
Во нашите програми беа поставени следниве цели и задачи кои беа реализирани:
**Цели:** Проширување на стекнатите знаења, примена на вештини и ставови преку непосердно запознавање на појавите, како и односи во природата и општествената средина, запознавање со културно - историските знаменитости, индустриските и земјоделските капацитети, во согласност со воспитно - образовната работа на училиштето, а крајната цел е - образовно богато и задоволно дете (остварено, мотивирано, сигурно самоуверено, среќно со развиена самопочит).

**Задачи:** Истражување на објекти во природата, поттикнување интерес за природата и развивање еколошки навики, запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни предели, градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот.
Како и развивање позитивен однос кон: националните, културните и естетските вредности, поттикнување и манифестирање позитивни емоции, социјализација и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе, развивање интерес за спортски активности, рекреација, дружење и создавање навики за здраво живеење, поттикнување меѓусебно почитување и напоредно развивање љубов и грижа кон природните убавини
Преку излетите и екскурзиите, учениците имаат можност да се запознаат со природните реткости и знаменитости, да ги прошират своите знаења, а воедно кај нив да се развиваат и навиките за културно и одговорно однесување.

## 12.2 Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучил. активности

Во вонучилишните активности беа вклучени учениците од одделенска и предметна настава од нашето училиште. Вклученоста на учениците во самите активности се одвиваше според однапред подготвениот план за реализација. Наставниците кои се организатори регуларно преку целата учебна година доставуваа барања за одобрување на активностите.
За секоја реализирана активност педагогот на училиштето водеше тековна евиденција.
Во прилог табела од реализирани активности во учебната 2024-2025 годона.

### <u>Извештај за реализирани активности во учебната 2024-2025 година</u>

| Ред бр | Одбележани значајни датуми | Време на реализација | Реализатори | Индикатори/докази |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Одбележување на почетокот на учебната 2024/2025 година<br><br>**Свечен прием на првачињата со пригодна програма** | 02.09.2024 | Одделенски наставници и ученици од централното и подрачните училишта<br>Директор | <br> |
| 2 | **8ми Септември – Ден на независноста**<br><br>Презентација за одбележување на празникот | 06.09.2024 | Наставник по историја<br>Александар Ѓоргиев<br>Ученици од VII до IXодделение во ПУ-Сујаклари и Иванковци |  |
| 3 | **Светскиот ден за заштита на озонската обвивка**<br>Одбележување преку едукативно предавање и работилница | 16 09 2024 | Одговорен на Еко програмата<br>Андријана Сарагиновска<br>Ученици IXто одделение<br>Иванковци |  |
| 4 | **Есенски работилници на теми:**<br>Есен во моето училиште<br>Боите на Есента<br>Есенските бои | 20 09 2024<br>26 09 2024<br>24 09 2024 | Одделенски наставници<br><br>Ученици од: ЦУ-Иванковци, ПУ-Сујаклари,ПУ-Отовица |  |
| 5 | Работилница<br><br>**Европски ден на јазиците**<br>Колку јазици знаеш-за толку луѓе вредиш | 26 09 2024 | Наставник по македонски јазик<br>Мирјана Пановска<br>Марија Димова<br>Стручен актив општествени науки<br>Ученици од VI до<br>IX то одделение од с. Иванковци |  |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6 | **Квиз по повод Денот на учителот**<br>Македонскиот јазик кај авторите од 19 век | 04 10 2024 | Реализатор<br>Наставник по македонски јазик<br>Мирјана Пановска<br>Ученици од VIII одделение |  |
| 7 | Предавање и видео презентација по повод **Светскиот ден на учителот** | 07 10 2024 | Реализатор<br>Наставник по македонски јазик<br>Маја Стојанова<br>Ученици од IX одд. |  |
| 8 | **Светски ден за заштита на животните**<br>Предавање и видео презентациј | 07 10 2024 | Реализатори<br>Наставници:<br>Андријана Сарагиновска<br>Маја Стојанова<br>Ученици од предметна настава |  |
| 9 | **Ликовна работилница по повод Детските права** | 08 10 2024 | Реализатор<br>Наставник по ликовно образование<br>Тања Милошевска Петрушевска |  |
| 10 | Предавање по повод<br>11 ти Октомври<br>**Ден на Народното востание** | 10 10 2024 | Реализатор<br>Александар Ѓоргиев<br>Ученици од VIто IXодделение во ПУ-Сујаклари и Иванковци |  |
| 11 | **Детска недела**<br><br>Читање на одредбите од Конвенцијата за правата<br>Низа активности<br>Свечен прием на првачињата во детската организација | 07 – 11.10.2024 | Одделенски наставници, наставник по ФиЗО<br>Педагог,Елена Илиева Недев<br>Ученици од одделенска настава<br>Одделенски наставници |  |
| 12 | **Меѓународен ден на здрава храна**<br><br>Работилница и предавање | 16 10 2024 | Реализатор<br>Наставник<br>Андријана Сарагиновска<br>Ученици од предметна настава од с.Сујаклари |  |
| 13 | **Ноќ на вештерките**<br><br>Работилница за изработка на рачни творби | 25-30 10 2024 | Реализатор<br>Наставника по англиски јазик Рената Есенчева<br>Ученици ододд. настава:<br>ПУ-Сујаклари, ЦУ-Иванковци, ПУ-Отовица и П.У Мамутчево |  |
| 14 | **Посета на театарска престава за деца**<br><br>**Мачорот во чизми** | 05 11 2024 | Одделенски наставници<br>и ученици од<br>I-V одд. |  |
| 15 | **Едукативни активности**<br>**Математички игри**<br>Математиката е игра каде поимите се правила,а броевите играчи | 23 11 2024 | Конект -Скопје<br>Одговорен<br>наставник по математика<br>Ученици од предметна настава од централното училиште |  |
| 16 | **Работилница**<br>**Државите во Европа** | 27 11 2024 | Реализатор<br>Наставник по географија<br>Катерина Петрова<br>Ученици од VIII одделение од Иванковци |  |
| 17 | **Предавање**<br><br>**Денот на благодарноста** | 27-28 11 2024 | Реализатор<br>Наставниканглиски јазик<br>Рената Есенчева<br>Ученици од одд. настава:<br>ПУ-Сујаклари, ЦУ-Иванковци, ПУ-Отовица и П.У Мамутчево |  |
| 18 | **Работилница**<br><br>**Јас предложувам народна приказна-прочитај ја и ти!** | 28 11 2024 | Реализатор<br>Наставник по македонски јазик<br>Мирјана Пановска<br>Ученици од VI одделение<br>Родители |  |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **19** | **Практична настава по предвидена програма**<br><br>**Железнички сообраќај и планетариум** | 04 12 2024 | Организатор<br>Катерина Петрова<br>Наставници<br>Маринела Пановска<br>Андријана Кариланова<br>Ученици од предметна настава |  |
| **20** | **Учиме и изработуваме модели по биологија и природни науки** | 05 12 2024 | Реализатор<br>Наставник по билогија<br>Андријана Сарагиновска<br>Ученици од предметна настава од с.Сујаклари(VIII) ,и<br>с. Иванковци (VI) |  |
| **21** | **Новогодишна ликовна работилница** | 06 12 2024 | Реализатор<br>Наставник по ликовно оразование<br>Тања Милишева Петрушева<br>Ученици од VI до IX |  |
| **22** | **Предавање**<br>**Св. Климент Охридски** | 06 12 2024 | Реализатор<br>Наставник по историја<br>Александар Ѓоргиев<br>Ученици од VI до<br>IX одделение во<br>ПУ-Сујаклари и Иванковци |  |
| **23** | **Презентација, игра, дебата**<br><br>Ден на универзалната декларација под мотото<br>Дали децата треба да имаат права, покрај своите обврски | 06 12 2024 | Реализатор<br>Наставник по граѓанско образование<br>Македонка Арсовска<br>Ученици од VIII и IX одд. |  |
| **24** | **Предавање и видеопрезентација**<br>по повод<br>8ми Декември,<br>Ден на Св.Климент Охридски<br>на тема: Ликот и делото | 10 12 2024 | Реализатор<br>Наставник по македонски јазик<br>Маја Стојанова<br>Ученици од VI, VIII и IX одд. |  |
| **25** | **Едукативно предавање на тема Превенција од злоупотреба на пиротехнички средства** | 12 12 2024 | Реализатори<br>Катерина Петрова<br>Наставник по македонски јазик-<br>Мирјана Пановска<br>Педагог-Елена Илиева Недев<br>Ученици од VI до IX<br>П.У Сујаклари, Иванковци |  |
| **26** | **Новогодишна работилница** | 20 12 2024 | Реализатор<br>Наставник по германски јазик<br>Марија Димова<br>Ученици од VIII одд.<br>ПУ-Сујаклари |  |
| **27** | **Работилница**<br><br>**Подготовки во нашата училница за дочек на**<br>**Нова Година** | 20 12 2024 | Реализатор<br>Наставник по одд. настава<br>Биљана Тренчова -Ботарева<br>Ученици од комб. паралелка<br>ПУ-Мамутчево |  |
| **28** | **Новогодишна работилница и базар со хуманитарна цел** | 18-27 12 2024 | Реализатор<br>Наставник по англиски јазик<br>Маринела Пановска<br>Ученици и наставници од предметна настава<br>Педагог, Директор |  |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **29** | **Работилница<br>Новогодишен дух во нашата училница** | 23 12 2024 | Реализатор<br>Наставник по одд. настава<br>Александра Кузмановска<br>Наставник-Рената Есенчева<br>Ученици од ком.п ПУ-Сујаклари |   |
| **30** | **Новогодишна приредба<br>Новогодишни желби и радости** | 23 12 2024 | Реализатори<br>Наставници по<br>одделенска настава од централното училиште<br>Ученици од одделенска настава |  |
| **31** | **Работилница<br>Нова Година и Божиќ** | 23-27 12 2024 | Реализатор<br>Наставник по англиски јазик Рената Есенчева<br>Ученици ододд. настава:<br>ПУ-Сујаклари, ЦУ-Иванковци,<br>ПУ-Отовица и П.У Мамутчево |  |
| **32** | **Работилница, приредба<br>и продажен базар<br>Дедо Мараз –пак кај нас** | 27 12 2024 | Реализатор<br>Наставник по<br>одделенска настава<br>Далиборка Крстевска<br>Наставници-Весна Христовска<br>Рената Есенчева<br>Ученици од комб. паралелка<br>П.У Отовица |  |
| **33** | **Новогодишна приредба<br>Постои ли Дедо Мраз** | 30 12 2024 | Реализатори<br>Наставник по македонски јазик<br>Маја Стојанова<br>Александра Кузмановска,<br>Биљана Тренчова - Ботарева Ученици<br>од I до IX то одд. |  |
| | | | | |
| **34** | **Работилница<br>Бон-тон за убаво однесување** | 05 02 2024 | Реализатор<br>Наставник по одд. настава<br>Биљана Тренчова - Ботарева<br>Ученици од комб. паралелка<br>ПУ-Мамутчево |  |
| **35** | **Работилница<br>Денот на вљубените** | 12.02-14.2 2024 | Реализатор<br>Наставник по англиски јазик Рената Есенчева<br>Ученици од одд. настава |  |
| **36** | **Работилница<br><br>Традиција, суеверие и легенди за денот на вљубените** | 14 02 2024 | Реализатор<br>Наставник по македонски јазик<br>Маја Стојанова<br>Ученици од IX то одд. |  |
| **37** | **Куклена претстава<br>Добрата Јана и<br>лошиот дедо** | 20 02 2025 | Ученици и наставницин<br>од одделенска настава |  |
| **38** | **Работилница и квиз<br>Одбележување на<br>Денот на мајчиниот јазик** | 21 02 2025 | Реализатор<br>Наставник по македонски јазик<br>Мирјана Пановска<br>Ученици од VI до IX то одд. |  |
| **39** | **Работилница по повод 8ми Март<br>Денот на жената** | 05-07 03 2025 | Реализатор<br>Наставник по англиски јазик Рената Есенчева<br>Одделенски раководители<br>Александра Кузмановска,<br>Ученици од одделенска настава |   |
| **40** | **Работилница по повод<br>8ми Март<br>Денот на жената** | 05 03 2025 | Реализатор<br>Наставник по одд. настава<br>Биљана Тренчова - Ботарева<br>Ученици од комб. паралелка<br>ПУ-Мамутчево |  |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **41** | **Работилница и приредба<br>по повод<br>Денот на жената на тема:<br>Празникот на мама** | 06 03 2025 | Реализатор<br>Наставник по одделенска настава<br>Емилија Илиева<br>Рената Есенчева<br>Наставници во одд.настава<br>Ученици од I до Vод с. Иванковци |  |
| **42** | **Работилница по повод на 8ми<br>Март<br>Денот на жената** | 06 03 2025 | Реализатор<br>Наставник по македонски јазик<br>Маја Стојанова<br>Ученици од VIII и IX то одд |  |
| **43** | **Работилница по повод Денот на<br>жената на тема:<br>Среќен 8ми Март мамо** | 07 03 2025 | Наставник по одделенска настава<br>Далиборка Крстевска<br>Наставник: Весна Христовска<br>Рената Есенчева<br>Ученици од комб.пар.<br>П.У Отовица |  |
| **44** | **Работилница<br>Математика, уметност и<br>креативност** | 14 03 2025 | Реализатор<br>Наставник по математика<br>Андријана Карилановa<br>Ученици од VI до IX то одд |  |
| **45** | **Работилница<br><br>Изготвување на хамер<br>Класификација и својства на<br>четириаголници** | 21 03 2025 | Реализатор<br>Наставник по математика<br>Марина Јанушевска<br>VIII одд с.Сујаклари |  |
| **46** | **Работилница по повод<br>Денот на пролетта на тема:<br>Пролетта во мојата училница** | 21 03 2025 | Реализатор<br>Одделенски раководител<br>Александра Кузмановска,<br>Ученици од одделенска настава |  |
| **47** | **Работилница по повод Денот на<br>пролетта на тема:<br>Пролет мила дојде** | 21 03 2025 | Реализатор<br>Анета Јакимовска<br>Одделенски раководители<br>Ученици од I,II,III,IV,V то одд.<br>од с. Иванковци |  |
| **48** | **Акција со работилница<br>по повод<br>Денот на пролетта на тема:<br>Пролетно чистење** | 21 03 2025 | Реализатор<br>Наставник:<br>Андријана Сарагиновска<br>Ученици од предметна настава<br>VIII и IX одд. с.Сујаклари |  |
| **49** | **Работилница по повод Денот на<br>пролтта** | 21 03 2025 | Реализатор<br>Наставник по одд. настава<br>Биљана Тренчова- Ботарева<br>Ученици од комб. паралелка<br>ПУ-Мамутчево |  |
| | | | | |
| **50** | **Одбележување на<br>Денот на шегата** | 01 04 2025 | Реализатор<br>Златко Јанев<br>Одделенски раководители<br>Ученици од I,II,III,IV,V то одд.<br>од с. Иванковци |  |
| **51** | **Одбележување на<br>Денот на шегата<br>1ви Април** | 01 04 2025 | Реализатори:<br>Наставници по одделенска<br>настава<br>Александра Кузмановска<br>Далиборка Крстевска<br>Биљана Тренчова- Ботарева<br>Ученици од комб. пар.<br>П.У Сујаклари,ПУ Мамутчево,<br>П.У Отовица |  |
| **52** | Работилница и предавање<br>**Светски ден на здравјето**<br>под мотото<br>Здрави почетоци за здрава<br>иднина | 07 04 2025 | Реализатор<br>Наставник:<br>Андријана Сарагиновска<br>Ученици од предметна настава<br>VII одд. с.Иванковци |  |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **53** | **Велигденска работилница** | 15 04 2025 | Реализатор<br>Наставник по одд. настава<br>Далиборка Крстевска<br>Ученици од комб. паралелка<br>ПУ Отовица |  |
| **54** | **Велигденска работилница и базар под мотото Велигденски радости** | 15 04 2025<br>16 04 2025 | Одговорни наставници:<br>Емилија Илиева и<br>Анета Јакимовска<br>Одделенски раководители<br>Ученици од I,II,III,IV,V то одд.<br>од с. Иванковци |  |
| **55** | **Велигденска работилница Frohe Ostern** | 16 04 2025 | Реализатор<br>Наставник по германски јазик<br>Марија Димова<br>Ученици од VI и VII одд.<br>с.Иванковци |  |
| **56** | **Работилница по повод Велигден (Easter)** | 16 04 2025<br>17 04 2025 | Реализатори<br>Рената Есенчева<br>Биљана Тренчова Ботарева<br>Ученици од I,II,III,IV,V то одд.<br>од с. Иванковци, и подрачните училишта |  |
| **57** | **Работилница по повод Денот на планетата Земја** | 22.04 2025 | Реализатори<br>Далиборка Крстевска<br>Катерина Петрова,<br>Весна Христовска<br>Ученици од комб.пар.ПУ Отовица |  |
| **58** | **Низа активности по повод Денот на училиштето**<br><br>Еко работилници и активности, спортски и забавни активности, предавање од стручната служба, натпревар во шах, театар со сенки, квиз на знаење, пешачење до Рудник | 22.04-29.04 2025 | Одговорни наставници<br>Педагог, Директор<br>Ученици од одделенска и предметна настава од<br>с. Иванковци и подрачните училишта |  |
| **59** | Теренска едукативна настава по програма<br>**Посета на Золошка градина и Природно научен музеј-Скопје** | 23 04 2025 | Одговорен наставник<br>Катерина Петрова и наставници од одделенска настава<br>Ученици од I- V то одд. од<br>с. Иванковци и подрачните училишта |  |
| **60** | **Положување на цвеќе** пред бистата на Патронот<br>**Програма** по повод Патрониот празник на нашето училиште<br><br>(Народана приказна)<br>Мрзливата жена и метлата<br>**Свечено доделување на дипломи** од конкурс | 30 04 2025 | Одговорен наставник<br>Маја Стојанова<br>Учесници во програмата<br>Наставници:<br>Александра Кузмановска<br>Рената Есенчева,Далиборка Крстевска,Марија Димова<br>Биљана Тренчова Ботарева<br>Ученици од с. Иванковци и подрачните училишта |  |
| **61** | Квиз ,предавање иработилница<br><br>**Светскиот ден на пчелата 20 Мај**<br>Изработка на пчелини производи<br>Едукативна онлајн игра | 19 05 2025 | Одговорен наставник<br>Андријана Сарагиновска<br>Маринела Пановска<br>Тања Милошева Петрушева<br>Ученици од с. Иванковци и<br>П.У Сујаклари |  |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **62** | **Работилница по повод Денот на желката** | 23 05 2025 | Одговорен наставник Александра Кузмановска Ученици од комб.паралелка ПУ Сујаклари |  |
| **63** | **Гледање на филм Денови на Германскиот филм на тема: Деца, деца** | 29 05 2025 | Реализатор Наставник по германски јазик Марија Димова Ученици од VI,VII, VIII,IX одд. Иванковци и ПУ-Сујаклари |  |

## 13. НАТПРЕВАРИ И ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ



Иако е мал изборот на ученици, со голем труд од страна на наставниците, нашето училиште учествуваше на сите тековни пристигнати дописи.
Учествата се однесуваат на оние учениците каде покажуваа особен успех по одделни наставни предмети и напоредно земаа учество на училишните, општинските, регионалните, државните и меѓународните натпревари.
Потоа, на распишани конкурси и други форми на натпревари организирани по повод на државни празници, јубилејни прослави, Патрони и слично.
Реализацијата се одвиваше по планот за ученички натпревари, со наведени имиња на ученици (учесници), со место на реализација, наставен предмети, временски период и одговорен наставник.Секој наставник имаше изработено програма за ученички натпревари.
Службата водеше тековна евиденција, и известуваше за истите.

### Одделенска настава

| Ментори | Област/тема | Распишува | Вид на конкурс натпревар | Ученици | Датум |
|---|---|---|---|---|---|
| **Александра Кузмановска** | Ликовен конкурс Штедење | Народна банка Министерство за финансии | Државен | Ангела Маневска Теа Настова Никола Маневски Софија Пановска (учества) | 18 10 2024 |
| **Далиборка Крстевска** | Ликовен конкурс Штедење | Народна банка Министерство за финансии | Државен | Ива Трајковска Ева Трајковска (учества) | 18 10 2024 |
| **Далиборка Крстевска** | Ликовен конкурс на тема: Љубов | ООУ Блаже Конески -Велес | Меѓуучилишен | Ива Трајковска Ева Трајковска (учества) | 13 12 2024 |
| **Далиборка Крстевска** | Ликовен конкурс Слободна тема | Ротари клуб-Велес | Државен | Ива Трајковска (учества) | 15 04 2025 |
| **Далиборка Крстевска** | Ликовен конкурс на тема Едукацијата денес, иднината утре | ООУ Лирија с.Бузалково, Велес | Меѓуучилишен | Ива Трајковска (учество) | 16 04 2025 |

**Предметна настава**

| Ментори | Област/тема | Распишува | Вид на конкурс/натпревар | Ученици | Датум |
|---|---|---|---|---|---|
| **Андријана Сарагиновска** | Конкурс Презентација по хемија на тема Водата –Двигател на животот | ССОУ Димитрија Чуповски-Велес | Меѓуучилишен | Михаела Додевска (дипломи за учество) | 06 11 2024 |
| **Маја Стојанова** | Литературен конкурс по повод 57 Детски Рацинови средби на тема Мене и душата ми е црвена | Организациски одбор на 57 Детски Рацинови средби | Меѓународен | Ивона Андреевска (втора награда) | 04 11 2024 |
| **Мирјана Пановска** | Литературен конкурс по повод 57 Детски Рацинови средби на тема Мене и душата ми е црвена | Организизациски одбор на 57 Детски Рацинови средби | Меѓународен | Ивона Богдановиќ (учество) | 04 11 2024 |
| **Маја Стојанова** | Литературен конкурс по мак.јазик и литература на тема: Мојот сон е.... | ССОУ Димитрија Чуповски-Велес | Меѓуучилишен | Ивона Андреевска Диплома Втора награда | 04 11 2024 |
| **Андријана Кариланова** | Конкурс Квиз натпревар математика и природни наки | ССОУ Димитрија Чуповски-Велес | Меѓуучилишен | Иво Богдановиќ Ивона Богдановиќ Димитар Спасовски (дипломи за учество) | 05 11 2024 |
| | | | | | |
| **Андријана Кариланова** | Натпревар Дабар 2024 | Здружение на информатичари Математика | Интернационален | Ученици од предметна настава VI-VII | 04-08 11.2024 |
| **Весна Христовска** | Натпревар Дабар 2024 | Здружение на информатичари | Интернационален | Ученици од предметна настава VIII-IX | 04-08 11.2024 |
| **Андријана Кариланова** | Денови на донирање Настан Математиката е игра каде поимите се правила, а броевите играчи | Здружение на математичари Природно математички актив УСАИД | Меѓуучилишен | Михаела Додевска Ана Бојковска Валерија Бојкова Ива Величковска (учество) | 23 11 2024 |
| **Катеринчо Груев Кристијан Пешов** | Државно првенство во Шах Ресен | Федерација на училишен спорт на Македонија | Државен | Иво Богдановиќ Андреј Антиќ (учество) | 28 11 2024 |
| **Тања Милошева Петрушева** | Ликовна работилница на тема -Есенски пејсаж | ОУРЦ Маца Ѓ.Овчарова | Меѓуучилишен | Александра Ташевска Пепита Димовска (учество) | 04 12 2024 |
| **Андријана Кариланова** | Математичка работилница Колку математика има во електрониката | ДСУ Коле Неделковски-Велес | Меѓуучилишен | Иво Богдановиќ Ивона Богдановиќ Димитар Спасовски (учество) | 10 12 2024 |
| **Мирјана Пановска** | Литературен конкурс Куќа цел свет братски ми е, братски срце што отвора | СОУ Гимназија Кочо Рацин-Велес | Меѓуучилишен | Ивона Богдановиќ (учество) | 12 12 2024 |
| **Маја Стојанова** | Литературен конкурс Куќа цел свет братски ми е, братски срце што отвора | СОУ Гимназија Кочо Рацин-Велес | Меѓуучилишен | Ивона Андреевска (Втора награда) | 12 12 2024 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Мирјана Пановска** | Литературен конкурс Новогодишна магија во секој дом | Локална библиотека Гоце Делчев-Велес Клуб на писатели Кочо Рацин-Велес | Општински | Ивона Богдановиќ (Прва награда) Леонардо Стојановски (учество) | 18 12 2024 |
| **Маја Стојанова** | Литературен конкурс за поетски творби Новогодишна магија во секој дом | Локална библиотека Гоце Делчев-Велес Клуб на писатели Кочо Рацин-Велес | Општински | Пепита Димовска (Трета награда) | 27 12 2024 |
| | | | | | |
| **Маја Стојанова** | Литературен конкурс Моќта на книгата | Локална библиотека Гоце Делчев-Велес | Општински | Пепита Димовска (Прво место ) Ивона Андреевска (Второ место) | 29 01 2025 |
| **Мирјана Пановска** | Литературен конкурс Моќта на книгата | Локална библиотека Гоце Делчев-Велес | Општински | Леонардо Стојановски Димитар Спасовски Лана Јордановска (учество) | 29 01 2025 |
| **Маја Стојанова** | Литературен конкурс по повод Патрон празник на тема Мирот почнува со нас | ООУ Рајко Жинзифов г.Оризари-Велес | Меѓуучилишен | Ивона Андреевска (втора награда) | 10 02 2025 |
| **Мирјана Пановска** | Литературен конкурс по повод Патрон празник на тема Мирот почнува со нас | ООУ Рајко Жинзифов г.Оризари-Велес | Меѓуучилишен | Лана Јордановска Ели Спасовска (учество) | 10 02 2025 |
| **Тања Милошева Петрушева** | Литературен конкурс по повод Патрон празник на тема Мирот почнува со нас | ООУ Рајко Жинзифов г.Оризари-Велес | Меѓуучилишен | Јана Арсовска ( диплома за второ место) Александра Ташевска (диплома за трето место) | 14 02 2025 |
| **Мирјана Пановска** | Литературен конкурс Силата на мајчиното срце | Локална библиотека Гоце Делчев-Велес Клуб на писатели Коста Солев Рацин | Општински | Лана Јордановска Ели Спасовска (учество) Иван Мијодраговиќ (Диплома за трета награда) | 28 02 2025 |
| **Маја Стојанова** | Литературен конкурс Силата на мајчиното срце | Локална библиотека Гоце Делчев-Велес Клуб на писатели Коста С. Рацин | Општински | Ивона Андреевска (учество) | 28 02 2025 |
| **Андријана Кариланова** | Работилница Математика уметност и креативност по Пи денот | Здружение на математичари | Општински | Учество на ученици од 7,8,9 то одделение Ива Величковска Ивона Богдановиќ (пофалници) | 14 03 2025 |
| **Маринела Пановска** | Натпревар Англиски јазик | Асоцијација на наставници по англиски јазик на РСМ,ЕЛТАМ МК | Општински | Адриан Азири (учество) | 15 03 2025 |
| **Андријана Кариланова** | Конкурс Питагорова спирала | ООУ Васил Главинов- Велес | Општински | Ива Величковска Валерија Бојковска (учество) | 17 03 2025 |
| **Мирјана Пановска** | Натпревар за најдобар рецитатор | ООУ Васил Главинов- Велес | Меѓуучилишен | Ана Бојковска Иво Богдановиќ (пофалница за учество) | 11 04 2025 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Мирјана Пановска** | Ликовен и литературен конкурс на тема Едукацијата денес, иднината утре | ООУ Лирија с.Бузалково, Велес | Меѓуучилишен | Лана Јордановска (учество) | 16 04 2025 |
| **Мирјана Пановска** | Ликовен и литературен конкурс на тема Времето поминато со постраите е богатство што не може да се симне од интернет | ООУ Тодор Јанев- Чашка | Меѓуучилишен | Ели Спасовска (пофалница) | 16 04 2025 |
| **Мирјана Пановска** | Детски лирски трепрења 2025 Слободна тема | Сојуз за грижи и воспитување на децата на Македонија | Државен | Лана Јордновска Ели Спасовска Ивона Богдановиќ Ангелче Миланов (учество) | 25 04 2025 |
| **Мирјана Пановска** | Делата, огледало на нашите постапки | ООУ Петре Поп Арсов с.Богомила | Меѓуучилишен | Димитар Спасовски (прво место) | 12 05 2025 |
| **Мирјана Пановска** | Есеј на тема Мојот Македонски јазик-мој идентитет, културно наследство и аманет | МОН | Државен | Ангелче Миланов (учество) | 15 05 2025 |
| **Мирјана Пановска** | Литературен конкурс на тема Јазикот е наша татковина | ООУ Св. Кирил и Методиј Велес | Меѓуучилишен | Лана Јордановска (прво место) | 16 05 2025 |
| | | | | | |

По повод Патрониот празник на ООУ Стојан Бурчевски Буридан Иванковци –Велес се реализираше интрен училишен конкурс на тема Народното творештво-чувар на традицијата каде дел од нашите ученици од одделенска и предметна настава земаа учество заедно со нивните ментори. Во рамките на истото беше организиран и турнир шах.
Иако е мал изборот на ученици, со голем труд од страна на наставниците, нашето училиште учествуваше на сите тековни пристигнати дописи.
Учествата се однесуваат на оние учениците каде покажуваа особен успех по одделни наставни предмети и напоредно земаа учество на училишните, општинските, регионалните, државните и меѓународните натпревари.Потоа на распишани конкурси и други форми на натпревари организирани по повод на државни празници, јубилејни прослави, Патрони и слично. Реализацијата се одвиваше по планот за ученички натпревари, со наведени имиња на ученици (учесници), со место на реализација, наставен предмети, временски период и одговорен наставник.Секој наставник имаше изработено програма за ученички натпревари.
Службата водеше тековна евиденција, и известуваше за истите.

## 14. УНАПРЕДУВАЊЕ НА МУЛТИКУЛТУРАЛИЗМОТ

Важна компонента во воспитно-образовниот процес и во целокупниот развој на индивидуата е соживот на сите етнички групи во заедницата. Целта на проектот „Меѓуетничката интеграција во образованието“ е да се подигне свеста за меѓуетничка интеграција и толеранција кај учениците, наставниците и локалната заедница.
Преку активностите ќе се поттикнува почитувањето на различностите, независно од етничката припадност, јазикот, полот, вероисповеста и развивање на сопствената култура и прифаќање на вредностите на другите култури. Гостувањата, успешните меѓусебните посети и заедничките активности спроведени во рамките на соработката со партнер училиштето, овозможуваат запознавање на учениците и наставниците со културните вредности, обичаи и практики на другите етнички групи, надминување на стереотипните рзмислувања и предрасудите, прифаќање и почитување на етничките разлики, се дополнителна мотивација за зголемување на активностите кои се релизираат во учебната 2024-2025 година.

Директорот има формирано тим за училишна интеграција за период од три години, составен од пет до седум члена според член 46 од Законот за Основно образование.
МИО тимот на училиштето пред почетокот на учебната година изготви годишна програма со активности и акционен план за соработка со родителите кој е во прилог на годишната програма за оваа учебна година.

## 15. ПРОЕКТИ ШТО СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО НАШЕТО УЧИЛИШТЕ

Сите долу наведени проекти се вклучени во нашето училиште и за истите е извршено планирање и програмирање во наставата.

| р.бр | ПРОЕКТИ ШТО СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО НАШЕТО УЧИЛИШТЕ |
|---|---|
| 1 | Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем |
| 2 | Меѓуетничка интеграција во образованието |
| 3 | Заедничка грижа за правилно насочување на учениците |
| 4 | Со читање до лидерство - јазична писменост |
| 5 | Училиште на 21 век |
| 6 | Антикорупциска едукација на учениците |

## 16. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

### 16.1. Постигнување на учениците

Училиштето води целосна и уредна евиденција за постигањата на учениците.
Наставниците редовно подготвуваа извештаи и анализи по квартали.
Податоците се доставуваа кај педагогот на училиштето каде истите беа обработени, анализирани и сумирани. Врз основа на истите се изготвуваа извештаи и се презентираа на наставнички совет, совет на родители и училишен одбор. Резултатите добиени од анализите се користат и денес за подобрување на воспитно-образовниот процес.

**спехот и поведението на учениците за крај на учебнта 2024-2025 година**



Сите 87 ученици од I-IX одделение се оценети за крај на учебната 2024-2025 година.
Нема не оценети ученици.
Описно оценети се вкупно 32 ученици од I-III одделение.
Бројчано се оценети се вкупно 55 ученици од IV-IX одделение.
Ученици со слаби оценки за крај на учебната 2024/2025 година, нема.

**<u>Прогласување за најдобар ученик на генерација за учебната 2024-2025 година</u>**

Одделенскиот совет врз основа на член 75 од Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ бр.161 од 05 08 2019година), за доделување на дипломи, пофалници и награди, по приложените документи за постигањата на учениците и нивното следење од изминатите учебни години, го донесе следново едногласно мислење за учениците од ООУ„Стојан Бурчевски-Буридан", с.Иванковци-Велес:

- **Ивона Богдановиќ** (диплома за првенец на генерација) IX одделение,с. Иванковци
- **Ивона Андреевска**(диплома за континуиран одличен успех и примерно поведение и посебно залагање за афирмација на училиштето) IX одделение,П.У Сујаклари

## Преглед на средниот успех на учениците за крај на учебната 2024 -2025 година

| Одд. | Вкупно Ученици | | Описно Оценети | Бројчано Оценети | Одличен успех | Многу добар успех | Добар успех | Дов. успех | Со 1.сл | Со 2.сл | Со 3 и повеќе слаби | Среден Успех за крај |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | ученици | ученици | број | број | Број | број | број | број | број | 2024-2025 |
| I | 4 | 8 | 12 | | | | | | | | | |
| II | 3 | 8 | 11 | | | | | | | | | |
| III | 4 | 5 | 9 | | | | | | | | | |
| I-III | 11 | 21 | 32 | | | | | | | | | |
| IV | 4 | 6 | | 10 | 7 | 2 | 1 | | | | | 4,62 |
| V | 4 | 2 | | 6 | 2 | 3 | 1 | | | | | 4,12 |
| VI | 4 | 5 | | 9 | 2 | 5 | 2 | | | | | 3,92 |
| IV-VI | 12 | 13 | | 25 | 11 | 10 | 4 | | | | | 4,21 |
| VII | 3 | 2 | | 5 | 2 | 3 | | | | | | 4,29 |
| VIII | 6 | 5 | | 11 | 8 | 1 | 2 | | | | | 4,33 |
| IX | 8 | 6 | | 14 | 6 | 4 | 4 | | | | | 4,05 |
| VII-IX | 17 | 13 | | 30 | 16 | 8 | 6 | | | | | 4,19 |
| Вкупно | 40 | 47 | 32 | 55 | 27 | 18 | 10 | | | | | 4,20 |

**Средниот успех на учениците за крај на учебната 2024-2025 година изнесува 4.20**

Преглед на успехот на учениците кои се описно оценети за крај на учебната 2024-2025 година на ниво на училиште:

- Во високо ниво се оценети вкупно: 30 ученика
- Во средно ниво се оценети вкупно: 2 ученика
- Во ниско ниво се оценети вкупно: нема

Оценувањето на учениците се изврши согласно стандардите за оценување во наставните програми, следењето, проверувањето и оценувањето на учениците беше континуирано, систематски и јавно. Успехот по одделенија е внесен во инструментите наменети за одделенски совет за наставниците, инструментите на педагогот на училиштето и во записничка книга.

## Споредбена анализа на средниот успех на учениците на крај на учебните години

| Учебна година | Број на ученици | | Повторува | | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|
| | Се | Ж | се | ж | |
| 2022/2023 | 84 | 39 | / | / | 4.33 |
| 2023-2024 | 83 | 42 | / | / | 4.23 |
| 2024-2025 | 87 | 47 | / | / | 4.20 |

При споредбена анализа на средниот успех на учениците од минатите учебни години и оваа учебна 2024-2025 година, се забележува дека успехот на учениците е минимално намален.

## Преглед на изостаноци на учениците за крај на учебната 2024-2025 година

| Одделение | I | II | III | IV | V | I-V | VI | VII | VIII | IX | VI-IX | I-IX |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Оправдани | 24 | 17 | 49 | 26 | 36 | 152 | | | 91 | 60 | 151 | **303** |
| Неоправдани | | | | | 2 | 2 | | 1 | | 2 | 3 | **5** |
| Вкупно изостаноци | 24 | 17 | 49 | 26 | 38 | 154 | | 1 | 91 | 62 | 154 | **308** |

## Преглед на испишани ученици

| Одделение | I | II | III | IV | V | I-V | VI | VII | VIII | IX | VI-IX | I-IX |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ученици | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | | | | | | | | | | | | |

Учебната 2024-2025 година година е завршена со **87 ученика** во ООУ„Стојан Бурчевски Буридан“ с. Иванковци- Велес.

## Преглед на поведение на учениците

| Одделение | I | II | III | IV | V | I-V | VI | VII | VIII | IX | VI-IX | I-IX |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Примерно | 12 | 11 | 9 | 10 | 6 | **48** | 9 | 5 | 11 | 14 | **39** | **87** |
| Добро | | | | | | | | | | | | |
| Незадоволително | | | | | | | | | | | | |

## Ученици со изречени педагошки мерки

Усна опомена: **нема.**
Писмена опомена: **нема.**
Укор : **нема.**
Преместување на ученик во друга паралелка: **нема.**
Намалување на поведението: **нема.**
**Поведението на сите 87 ученика е примерно за крај на учебната 2024-2025 година.**

## 16.2 Преглед на учениците кои користат исхрана

Во учебната 2024-2025 година во ООУ „Стојан Бурчевски Буридан“ с.Иванковци по донесената одлука на родителите немаше организирана исхрана за учениците.

## 16.3 Професионална ориентација на учениците

Целта на професионалната ориентација е да им се помогне на учениците да се одлучат да го продолжат своето школување и да се насочат кон занимања, кои најмногу би им одговарале.
Според член 47 од Законот за основно образование училиштето им помага на родителите на учениците при изборот на средно училиште, согласно со особеностите, способностите и афинитетите на учениците.
Процесот на професионална ориентација е сложен процес и во себе ги содржи следниве фази:

- Професионално информирање;
- Професионално советување;
- Евалуација-следење на оствареното советување.

Педагогот на училиштето ги следи индивидуалните афинитети на учениците и дава помош на родителите при изборот, со користење на посебни алатки и инструменти за утврдување на способностите, интересите и можностите на учениците. По ова подрачје тековно се водеше портфолио по претходно изготвена програма за професионално ориентирање на учениците. Со професионалната ориентација во основното образование се овозможува учениците полесно да се ориентираат и да го продолжат образованието во средните училишта. Реализацијата на активностите за професионална ориентација влијаат врз продолжувањето на понатамошното образование во средните училишта.

## 16.4. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

Во нашето училиште нема децата кои злоупотребуваат алкохол, дрога и други супстанции и децата кои страдаат од злоупотреба. Целта на оваа програма е да се спречи насилното однесување во училиштето и да се едуцираат учениците за ненасилно решавање на конфликтите. Педагогот на училиштето заедно со тимот пред почетокот на учебната 2024-2025 година изработи програма за добросостојба и менталното здравје на учениците каде опфатени се активности за намалување на насилството во училиштето, злоупотреба и спречување на дискриминација кои се составен дел на прилозите од годишната програма. Опфатени се разновидини активностите проследени со индивидуална или групна работа преку предавања, работни средби, презентации изготвени од учениците или стручните лица.

Како учесници се учениците, наставниците и стручните соработници,општината или надворешни стручни лица инволвирани во соодветна тема.
Во тековната учебна година се реализирани следниве активности:
-**Дебата и предавање на тема:** „Превенција од употреба на пиротехнички средства",
**-Едукативна презентација на тема:** „Запознавање со правилата на однесување во училиштето“
**- Дебатна работилница:** „Насилство во училиштето и надвор, видиви насилство и начини со кои би се заштитиле учениците од секаков вид на насилство“
**- Работилница и спортска работилница на тема:**„Решавање на конфликтни ситуации“
**-Хуманитарна акција со насочени донирани средства за здравјето на ученичка.**
**-Предавање** мотото:„Нашата училишна соработка и комуникација“ и многу други слични теми.
Заедничка активност, предвање и работилница со претставници од Црвен крст- Велес.
За сите реализирани активности тимот доставува извештаи по месеци.
**Целта на проектот** е преку практични вежби да се даде поттик за развивање на социо-емоционална добросостојба кај учениците. Потоа, поддршка на учениците во развојот на социо-емоционални вештини поврзани со нивниот животен стил и секојдневните интеракции во однос на справување со стресни ситуации, справување со социјална изолација, нарушена самодоверба, анксиозност, отфрленост од другарчињата и општо од средината. Развивање на емпатија, благодарност, почитување, толеранција, позитивна мисла и став, трпеливост, чесност, искреност, дружељубивост, емоционална сигурност итн.

## 17. ОЦЕНУВАЊЕ

### 17.1 Видови оценување

Секој ученик се оценува врз основа на систематско следење со различни облици и постапки за испитување на знаењето. Постигањата на учениците се оценуваат описно и бројчано по периоди. Во учебната година се следат сите насоки и препораки за оценување на учениците по класификациони периоди. Оценувањето на учениците, зависно од наставниот предмет, се врши преку усно проверување на постигањата и преку писмени работи, тестови на знаење, чек листи, портфолио и друго. Оценувањето е јавно, каде за оценката ученикот е информиран. Постигнувањата на учениците се вреднуваат со примена на различни стратегии на оценување кои ги применувааат наставниците, со запишување на описни или бројчани оценки. Предност се дава на формативното, наспроти сумативното оценување што подразбира дека постигањата на учениците се следат на дневна основа, наместо само да се организираат тестирања на крајот на одредени периоди – тримесечје или полугодие. Во однос на оценувањето на учениците по слободните изборни предмети согласно Водичот на изборни предмети, оценката е запишна одделно по дадените насоки во дописот од БРО со бр.08-1200/1 од 16 06 2022 година и истата е запишана во електронскиот дневник на паралелката и секако во свидетелствата за крај на учебната година, со пресметување во општиот успех на ученикот. Училиштето применува добра политика на фер оценување, притоа не правејки разлика помеѓу учениците по пол, социјален статус или во зависност од периодот на оценување.Секој наставник води досие за ученици и сопствено портфолио. Досието за ученици содржи ученички изработки и инструменти, со цел перманентно следење на учениците и формирање објективна оценка. Училиштето по потреба ќе формира комисија составена од членови за повторна проверка на знаењето на учениците, како и испитна комисија за одделенски испит, поправен испит и испит за побрзо напредување.

### 17.2 Тим за следење, анализа и поддршка

Во училиштето има формирано тим за следење, проверка, анализа и поддршка на наставниците при изведувањето на процесот на оценувањето и проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандардии критериуми за оценување. Се утврдува процедура за поплаки и жалби по добиени оцени, се утврдува начин на информирање на родителите и учениците за овие прашања. Следењето и проверувањето се реализира преку непосредни педагошки увиди, изготвување извештаи, анкетирање, анализи, информации, периодични

писмени согледувања, полугодишен и годишен извештај и слично, нивно разгледување на состаноците на стручните органи и тела и донесување заклучоци и ставови по истите. Следење, анализа и поддршка при усогласувањето на оценувањето со предвидените стандарди врши директорот и стручната служба. Со стандардите и критериумите за оценување се запознаени учениците и родителите во училиштето.

### 17.3 Самоевалуација на училиштето

Квалитетот на работата на училиштето се мери преку самоевалуација, интегралната евалуација и надворешни мерења на постигањата на учениците, како и оценување на работата на наставниците и директорите, кои се вршат согласно закон.
На секои две години училиштето врши самоевалуација за сопствената работа и постигањата според Член 129 од Законот за основно образование. Квалитетот на работата на училиштето се мери преку самоевалуација, интегралната евалуација, надворешни мерења на постигањата на учениците, како и оценување на работата на наставниците и директорите, кои се вршат согласно закон. Училиштето спроведува самоевалуација на целокупната работа, изготвува извештај по спроведената самоевалвација по која се определуваат силните и слабите страни и се даваат предлози за подобрување на работата. Во самоевалуацијата на училиштето се вклучени сите наставници кои работат во тимови поделени по подрачја. Самоевалуацијата ја спроведува училишна комисија составена од пет члена. Извештајот со резултатите од самоевалуацијата училиштето го доставува до училишниот одбор, директорот на училиштето и основачот. Извештајот е изготвен во Август 2023 година, каде истиот е писмено доставен и електонски објавен на интернет старната на Општина Велес. Врз основа на извештајот од извршената самоевалуација со предлог за подобрување на квалитетот на наставата, училиштето го изготви и Планот за развој (за периодот од 2022-2026 година).

## 18. БЕЗБЕДНОСТ ВО УЧИЛИШТЕТО

Пред почетокот на учебната 2024-2025 година беа направени сите неопходни инфраструктурни промени за учениците пријатно да се чувствуваат во училишната средина. Навремено беше извршена набавка на огревно дрво за претстојната грејна сезона.
Беа обезбедени сите потребни средства за дезинфекција и се обезбеди се што следува според протоколот за заштита на учениците и вработените во училиштето.
Редовно во тековната година се одржуваше строга хигиена и дезинфекција.
Училиштето имаше изготвено план и програма за заштита и спасување при случај на елементарни и непогоди.
Одговорните од тимот на ден 15 11 2024 година реализираа интерно предавање и практична вежба за правилна примена на ПП апарати и ризици од пожар.
Исто така училиштето располага со противпожарни апарати и план за движење при евакуација кои се поставени на видно место во училиштата и на секое од нив има упатсво за употреба.

## 19. ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ

Заштитата и унапредувањето на здравјето на учениците е обврска на сите ученици и вработените во училиштето, во непосредна соработка и поддршка од родителите, здравствената служба и пошироката заедница. Тоа секако влијае на унапредување на здравјето и благосостојбата на сите, при што се негува здрав и правилен начин на живеење.

### 19.1. Хигиена во училиштето

Во однос на хигената, посебно внимание се обрнува на одржувањето на хигиената во училиштето.Кај учениците се правеа неколку проверки во однос на нивната хигена од страна на одделенските раководители заедно со педагогот, со превземање на посебни мерки за подобрување на нивната лична хигена. За хигиената на училиштето се грижат: техничкиот персонал, наставниците и учениците. Додека за одржување на хигиената во училиштето континуирано се употребуваат високо квалитетни хигиенски средства за дезинфекција и

уништување на микроорганизмите. Во однос на начинот на одржување на хигиената во училиштето се врши: секојдневно чистење на сите простории, еднаш во неделата се врши темелно чистење и еднаш во месецот генерално чистење на просториите во училиштето.
Покрај тоа се врши редвна дезинфекција, а дезинсекција и дератизација двапати годишно од служби во Центарот за јавно здравје, а по потреба и вондредно. Наставниците во соработка со родителите водеа грижа за развивање навики кај учениците и за одржување на личната хигиена. Тие во тековната учебна година одржаа неколку предавања и акции за одржување на хигиената во училишниот двор, училиштето, училишниот хол, училницата.

## 19.2. Систематски прегледи

Санитарни прегледи за сите вработени се организираа во месец Август 2024 година.
Во однос на грижата на здравјето на учениците се реализираат повеќе систематски и стоматолошки прегледи според календарот за имунизација и акцискиот план, без да се попречува наставата.
Во текот на учебната 2024/25 година поголем број на посети на систематски и стоматолошки прегледи за учениците се спроведоа во школскиот диспанзер во Велес, но секако по претходен телефонски повик за доаѓање по даден и договорен распоред.

## 19.3. Вакцинирање

Според календарот за имунизација и вакцинација се реализираше вакцинација на учениците. Вакцинацијата се спроведуваше во Ј.З.У „Здравен дом“ или „Хигиенски завод“- Велес. Учениците беа придружувани од родителите-старателите. Напоредно се водеше редовна евиденција за здравјето на учениците од страна на училишниот педагог. Педагогот на училиштето редовно е во комуникација со здравствените лица и навремено ги известуваше одделенските раководители. Училиштето за здравствените прегледи на учениците, ги извстува родителите преку маил, телефонска комункација преку раководителите, или со јавно известување објавено на страната на училиштето.

**Евиденција за во делот за грижа на учениците од одделенска и предметна настава**

**Одделенска настава**

| Одд | Година на раѓање | Број на ученици | Систематски преглед /датум | Стоматолошки преглед/ датум | Вакцини Датум |
|---|---|---|---|---|---|
| I | 2018 | 12 | | | |
| II | 2017 | 11 | | | 05 12 2024 |
| III | 2016 | 9 | 05 12 2024 | 26-27 03 2025 | |
| IV | 2015 | 10 | | 24-25 03 2025 | |
| V | 2014 | 6 | 05 12 2024 | | |

**Предметна настава**

| Одд. | Година на раѓање | Број на ученици | Систематски преглед/датум | Стоматолошки преглед/датум | Вакцини Датум |
|---|---|---|---|---|---|
| VI | 2013 | 9 | | 21 11 2024 | |
| VII | 2012 | 5 | 21 10 2024 | 30 09 2024 | 14 02 2024<br>HPV<br>01 07 2025 |
| VIII | 2011 | 11 | 21 10 2024 | | 21 10 2024<br>Di-Te-Polio |
| IX | 2010 | 14 | 21 10 2024 | | |

## 19.4 Едукација за здрава исхрана




Во учебната 2024-2025 година, училишниот Еко тим по програмата има реализација на активности и разни едукативни предавања за здрава храна наменети за учениците.
Одговорните наставници спроведуваа едукација на учениците за здрава храна преку едукативни предавања, презентации и работилници со вклученост на здравствени стручни лица и експерти од оваа област кои се реализираа во воннаставните активности.
Покрај тоа наставниците на часот на одделенската заедница обработуваат теми за здрава храна, здрав начин на исхрана и живеење.
Предавањата и работилниците се реализираат по барање и по потреба на учениците и родителите, преку взаемна соработка и комуникација, како и преку иницијатива на советот на родители, каде во тековната учебна година се даваа предлози по истото.

**Едукација за здравјето на учениците за крај на учебната 2024-2025 година**

| Грижа за здравјето на учениците | | |
|---|---|---|
| **Активности (едукативни предавања и работилници)** | **Реализатори** | **Датум** |
| Предавање<br>Превенција за заштита од настинки | Одговорни нставници и ученици од<br>VII и IX одд. | 28 10 2024 |
| Работилница и дебата за здравјето и личната хигиена | Одговорни нставници и ученици од<br>IV,VI-IXодд. | 04 10 2024<br>04 12 2024<br>20 09 2024 |
| Разговор-дебата<br>Пренесување на разби заразни болести кај луѓето поради нехигиена | Одговорни нставници и ученици од<br>VI-IXодд. | 04 11 2024 |
| Предавање<br>Како да се заштитиме себе си  и како да ги заштитиме другите од заразни болести | Одговорни нставници и ученици од  VI-IXодд. | 27 11 2024 |
| Предавање<br>Пренесување на разни заразни и цревни заболувања | Одговорни нставници и ученици од  VI-IXодд. | 04 12 2024 |
| Одржување на хигената и уредување на училниците | Одговорни нставници и ученици од<br>III,IV, V,VI, VII, VIII одд. | 16 09 2024<br>13 09 2024<br>26 09 2024<br>25 11 2024 |
| Одржување на хигената во училишниот двор и хол | Одговорни нставници од<br>III, IV, VII, одд. | 13 09 2024<br>04 10 2024<br>11 11 2024 |
| Одржување на хигената во училиштето | Одговорни нставници од<br>III, IV, VII, одд. | 16 12 2024 |
| Работилница и предавање<br>под мотото<br>Ретки болести | Одделенски наставник<br>Од комб.паралелка во Отовица | 28 02 2025 |
| Предавање на тема:<br>Борба против болести на зависности(цигари, алхохол, дрога) | Реализатори<br>Црвен крст Велес<br>Одговорни наставници<br>Катеринчо Груев<br>Мирјана Пановска<br>Ученици од VI-IX одделение | 20 05 2025 |

## 20. УЧИЛИШНА КЛИМА

Во нашето училиште постои добра организација на воспитно-образовната работа со навремен проток на информации и размена на искуства. Наставниот кадар е со позитивен и професионален однос кон учениците и колегите со желба за реализација на идеите. Тековно се организираа заеднички состаноци, работилници, дебати, работни средби и дискусии на разни теми на кои се разгледуваа слабостите на комуникацијата. Сите средби беа доследно запазени, по протоколите за работа во нашето училиште.

### 20.1 Дисциплина

За подобрување на училишната дисциплина во училиштето е донесен куќен ред.
Се изработени правилници и кодекси за однесување на вработените, учениците и родителите. Дисциплината во училиштето се одржувше преку редовно дежурство и редарство на наставниците по утврдениот распоред. Дежурните наставници водеа писмена евиденција за тековните збиднувања во наставниот ден и случувања за време на одморите. Дежурните наставници и техничкиот персонал имаат обврска да го одржуваат редот, дисциплината и безбедноста во училиштето и училишниот двор, од отварање до затварање на училиштето во текот на денот. Секој наставник посветува големо внимание на дисциплината на учениците преку советодавни разговори, едукативни предавања и работилници. На видно место во училницата се истакнати правилата за однесување, каде учениците задолжително ги почитуваат.

### 20.2 Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Во тековната учебна година, вработените и учениците имаат развиено одговорен однос кон уредувањето и одржувањето на просторот и опкружувањето на училиштето, каде заеднички се грижеа за уредување на паноата во училниците, одржување на катчињата со ученички изработки во училишниот ходник, како и тековно одржување на хигиената во училишниот двор, естетско и функционално уредување на просторот во училиштето.Со уредување на училишниот двор и набавка на нов ентериер во училиштето се задоволени естетските потреби на едно современо училиште. Сите простории во училиштето се функционални и опремени со современа технологија и ги задоволуваат потребите на учениците и наставниците, каде реализацијата на наставата се одвиваше непречено.

### 20.3 Етички кодекси

Училиштето има Кодекс на однесување во кој се поставени принципите и правилата на однесување на учениците, наставниците и родителите, како и останатите структури во училиштето. Училиштето има изготвено и Еко кодекс кој содржи различни еко пораки за заштита и унапредување на училишната средина и пошироката локална средина.Еко кодексот го изработија самите ученици и одговорниот наставник преку повеќе креативни изработки кои се изложени на влезот во централното и подрачните училишта.

### 20.4 Односи меѓу сите структури во училиштето

Во учебната 2024-2025 година се стави акцент и се водеше грижа за подобрување на меѓусебната комуникација помеѓу сите субјекти во училиштето. Директорот редовно водеше состаноци во кои присуството беше задолжително, каде преку континуирана соработка и комуникација со сите вклучени субјекти беа разменети мислења, ставови и идеи за тековните проблеми и прашања од работата на училиштето. При тоа, се направи анализа на критичните точки во комуникацијата помеѓу одредени структури во училиштето и врз основа на истите се организираа заеднички средби, работилници, дебати на кои се разгледаа слабостите во комуникацијата, се предложија разни начини за надминување на тие појави и нови начини на комуницирање, кои би имале за цел подигнување на квалитетот на комуникацијата, меѓусебната доверба и соработка.

## 21. ПРОФЕСИОНАЛЕН И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ НА ВОСП.-ОБРАЗОВР.КАДАР

Училиштето води грижа за професионалниот развој на образовниот кадар водејќи сметка редовно да се посетуваат обуките и семинарите кои се одобрени и организирани од МОН и БРО. Стручната служба редовно го води професионалното досие за наставниците со кое се собираат докази за нивното напредување.
Тимот за професионален развој на образовниот кадар направи средба за професионалната подготовка и стручност на наставниот кадар во која наставниците ги изнесоа своите потреби од дополнителни обуки.

### 21.1 Детектирање на потребите и приоритетите

Од детектираните состојби од самоевалуацијата, интегралните евалуациии и спроведено анкетирање на наставниците, се утврдени следниве потреби за професионалниот развој на образовниот кадар: едукација на наставници за работа со ученици (со посебни образовни потреби, ученици со облици на интелектуална попреченост во развојот, ученици со хиперактивност, талентирани и надарени ученици), обука за информатичка технологија, странски јазик, меѓусебна комуникација, потоа обука на наставници за давање на прва помош и заштита на ученици, обуки според сопствените потреби и планирање на сопствениот професионален развој.
Потребите на наставниците за професионален развој беа утврдени на првите состаноци на стручните активи.

### 21.2 Хоризонтално учење

Педагогот на училиштето на почетокот на учебната година изготви план за реализација на нагледни часеви од програмите на стручните активи, кои уредно беа доставени од претседателите на активите.
Стручните активи редовно одржуваат состаноци и организираа нагледни часеви кои се посетени и документирани од страна на педагогот на училиштето.
Тие дискутираат на разни теми, разменуваат искуства и мислења.
Размената на професионалното искуство и тимската соработка е многу важна и продуктивна за развивање на отворена комуникација, взаемно почитување и доверба, како и конструктивно решавање на проблемски ситуации.

### 21.3 Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Училиштето предвидува начини и форми за поттикнување на взаемната соработка помеѓу наставниците. Меѓусебната соработка и почитување играат важна улога во функционирањето на училиштето. Подигнување на квалитетот на воспитно-образовниот процес е можно само кога во него ќе се вклучат повеќе учесници здружени професионално и со користење на умешноста на секој од учесниците.Тука акцент се става на отворената комуникација, почитување на поединечни мислења како и критичноста и самокритичноста.
Со тимската работа, помеѓу вработените се зголеми взаемното почитување, се дојде до обострана соработка, интеракција, комуникација и позитивно решавање на наставнички проблемски ситуации. Членовите на тимовите одржуваа тековни но ефективни состаноци со конкретни предлози мерки и заклучоци. За таа цел, училиштето во текот на целата учебна година се грижи за професионалниот развој на наставниците и се залага за нивно активно учество на работилници, обуки и семинари.
Сите овие предвидени активности се реализираат во согласност со потребите и барањата на училиштето и образовниот кадар.
Тимската работа овозможува унапредување на позитивната клима и култура во училиштето.
Професионалниот развој на воспитно – образовниот кадар подразбира секојдневно професионално и лично усовршување / напредување на наставникот, долготраен, континуиран процес кој започнува со почетокот на работата во професијата и трае до крајот на работна

кариера, процес кој се реализира на најразлични начини и подразбира оспособување на наставникот со нови знаења, вештини, способности, стратегии во соодветните области и оспособеност за примена на соодветна технологија.
Истакнување на сопствените цели и селектирање на активностите овозможуваат реализација на поставените цели, гледање на примери на поучување и учење во училница, читање стручна литература, студии на случај. Училиштето ги мотивира наставниците за посетување на семинари и обуки за стекнување сертификати.
Секој наставник ги согледува и истакнува сопствените цели.
Стручната служба редовно ги известува наставниците и напоредно води професионално досие со собрани докази за нивното напредување.
На почетокот на учебната година од страна на наставниците беа доставени планови за стручно и педагошко усовршување. Во учебната 2024-2025 година се посетени неколку обуки (прилог извештај-табели). По утврдување на потребите за професионалниот развој на вработените се организираа и реализираа интерни обуки и дисеминации.

### 21.4 Личен професионален развој

Училиштето изготви акциски план со планирани активности. Се организираа и пренесуваа разни знаења, се разменуваа професионални искуства, преку стручните активи како и организирање на отворени и нагледни часеви и работилници.
Во тековната учебна година се реализираа посети и анализи на наставни часови кај секој наставник. На самото следење на часот се водеше педагошки инструмент.
По посетата на часот наставникот соработуваше со (директорот и педагогот) и притоа му се укажуваше на силните и слабите страни од реализацијата на часот, со насоки за надминување на пропустите и унапредување на професионалниот развој.
За професионален развој се води педагошки картон од страна на педагогот на училиштето. Наставниците и педагогот на училиштето имаат изготвено свои индивидуален личен план и извештај за професионален развој кои се состои од планирање, реализација на личниот план, согледување и препораки.
Училиштето ги мотивира наставниците за посетување на семинари и обуки за стекнување на нови знаења и вештини и добивање на сертификати.
Стручната служба редовно ги известува наставниците и напоредно води професионално досие со собрани докази за нивното напредување.
Беа посетени неколку обуки и семинари. Исто така имаше и големо учество на јавни работилници, едукативни предавања, презентации, работни и менторски средби кој се во прилог на годишната евиденција и документација на службата во училиштето.

## 22.СОРАБОТКА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ СО РОДИТЕЛИТЕ/СТАРАТЕЛИТЕ

Взаемната комуникација на родителите со училиштето придонесоа продуктивни соработки, бидејќи родителите се значајна алка во процесот на учење на учениците. Тие се важна поддршка на учениците во нивниот развој, како и во усвојување на вредностите и воспитувањето во целина.
Родителите се во континуирана комуникација и соработка со училиштето.

### 22.1 Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Вклученост на родителите во животот и работата на училиштето: Во училиштето активно делува Советот на родители кој работи според претходно изготвена програма за работа. Родителите се вклучуваа во целокупната работа на училиштето и земаа улога во работењето на училишниот одбор. Потоа се презентираше планот за вклученоста на родителите во давање на идеи, предлози и донесување на одлуки, преку советот на родители и училиштниот одбор. Во училиштето беше навремено изготвен распоредот за прием на родителите/старателите и истиот беше јавно истакнат на таблото во сите училишта. Вклученоста на семејствата во работата во училиштето се одвиваше преку најразлични форми на организирање.

### 22.2 Вклученост на родителите во процесот на учење и вонnаставните активности

**Вклученост на родителите во процесот на учење:** Процесот на учење е континуиран процес каде бара континуирана соработка и вклученост на родителите во сите активности.
Тие се вклучени во процесот на позитивни промени кои се случуваа во нашето училиште.
Родителите беа навремено информирани за индивидуалниот напредок, дисциплината, изостаноците и социјализацијата на нивното дете преку индивидуални средби со одделенскиот раководител, предметните наставници и педагогот на училиштето.
Сите средби се обострани со договор за начинот на комуникација.
**Вклученост на родителите во активностите на училиштето:** Родителите помагаа и зимаа редовно учество на училиштето во организација на разни манифестации, организирани работилници, продажни штандови, украсување на училиштето, прослави по повод одбележување на разни настани или празници, приредби, научни посети, помош во реализација на училишните проекти, излети и други активности.
Како членови на органите на училиштето активно даваа предлози за донесувањето на одлуки и мислења во врска со изведување екскурзии, излети, опременост на училиштето, идеи за разни организации, хуманитарни донации, разговараа на теми поврзани со училиштето, наставта, за нивните ученици и слично.

### 22.3 Едукација на родителите/старателите

Едукацијана на родителите се реализираше преку работилници на Советот на родители, едукативни предавања реализирани на општите родителски средби, разговори и советувања. Во училиштето се реализираше и програмата за советување родители со која родителите се советуваа и едуцираа како да им помогнат на своите деца во надминувањето на проблемите и подобрување на училишниот успех. Вклученоста на семејствата во работата во училиштето се одвиваше преку најразлични форми на организиација.
Согласно програмата за работа на училиштето се одржаа тековно планираните родителски средби при што на родителите им беа соопштени сите информациите во врска со: животот и работата на училиштето, успехот и поведението на учениците, осигурување и начин на исхрана на учениците, се направи избор на член во Совет на родители и друго. Комуникацијата со родителите се одвиваше непрекинато, со покана, телефонски повик или преку педагогот во училиштето. Информираноста на родителите и денес се врши преку интернет (web и fsb страните на училиштето, е-дневникот, затворените групи на социјалните мрежи, преку платформата за учење и настава и слично). Сите потребни информации и тековни активности се истакнуваа преку соодветни известувања и соопштенија прикачени на видни места во училштата.На почетокот на учебната година директорот и педагогот на училиштето изработија брошура за родителите, при што истата им беше презентирана на родителите, со цел тие да бидат што повеќе информирани за работењето и организацијата на училиштето.

## 23. КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И ПРОМОЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

### 23.1 Локална заедница

Општината Велес ја унапредува и продлабочува соработката со училиштата на нејзината територија.Претставници во училишниот одбор од Општината допринесуваат во унапредување на работата на училиштето, присуствуваа на јавни настани кои ги реализира училиштето и ја следат тековно дејноста на училиштето. Општината Велес и Општинските советници континуирано ги следат и поддржуваат активностите кои ги реализира нашето училиште.
Соработка со Општинскиот просветен инспектор, Советник за образование,Советник за спорт и физичка култура, Државниот просветен инспектор -подрачна единица Велес, БРО-подрачна единица Велес реализират континуирана соработка со цел промовирање на успесите на учениците. Преку комуникацијата со јавноста, нашето училиште врши и промоција на целокупните училишни активности. Соработката на нашето училиште со локалната средина е

од посебно значење со единствена цел училиштето што повеќе да се доближи до локалната средина и да се афирмира како културен и образовен центар.Училиштето планира и понатаму успешна соработка со локалната заедница, вклучување на локалното население и родителите во реализација на училишните проекти, преку усна, пишана електронска комуникација и физички средби (состаноци, манифестации, дебати, трибини, едукативни средби и слично).

## 23.2 Институции од областа на културата

Во контекс на оваа област се следеа објавените литературни и ликовни конкурси и натпревари за учениците од одделенска и предметна настава. Во тековната учебна 2024-2025 година се посетени две театарска претстави за учениците од одделенска настава.

## 23.3 Институции од областа на образованието

Училиштето преку својата работа остваруваше континуирана соработка со другите училишта, соработка со Општина Велес, БРО, МОН, ДИЦ, Државниот и Општинскиот просветен инспекторат, Советници за образование, урбани заедници, со Здравствените ординации во локалната средина, други посети на институциите и останати форми на соработка.

## 23.4 Здравствени организации

Бидејќи грижата за здравјето на учениците е една од најзначајните задачи во воспитно-образовниот процес,нашето училиште на овој план континуирано соработува со голем број здравствени институции, меѓу кои се: оддел за училишна медицина и училишна стоматологија, Центар за социјални грижи, Центар за јавно здравје. Преку соработката со овие институции перманентно, превентивно и континуирано се заштитуваше здравјето на учениците.

## 23.5 Медиуми

Како и секое современо училиште и нашето училиште има соработка, афирмација на неговата работа за постигнатите резултати во соработка со медиумите. На овој начин и ученичкото творештво и постигања во разни области добиваа можности за поширока афирмација. Исто така задолжително се следеа објавените конкурси и натпревари на кои учениците земаа активно учество, каде резултатите од истите јавно се соопштуваа преку социјалните мрежи.Тековно се реализираше соработката со повеќе печатени и електроски медиуми: телевизиски програми, списанијата за деца и млади: Развигор, Другарче, Наш свет и друг дневен печат. Јавноста континуирано е информирана за тековните активности на училиштето преку страните:
Fsb страната на училиштето **https://www.facebook.com/ooustojan.burcevskiburidan**
Web страната на училиштето **http://stojanburcevski.weebly.com/**
E-mail на училиштето:**stojanburcevski@yahoo.com.**

**Реализирани активности во прилог на афирмирање на училиштето**

| Програмска активност | Време | Организатори и учесници | Содржини на објавување | Очекувани исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| **Јавна промоција и афирмација** | | | | |
| Меѓународен литературен конкурс по повод 57 Детски Рацинови средби на тема Мене и душата ми е црвена | 04 11 2024 | **Организациски одбор на 57 Детски Рацинови средби** Одговорен наставник Маја Стојанова Ученик Ивона Андреевска IX одд Диплома за втора награда | Објавување на конкурс песна Организациски одбор на 57 Детски Рацинови средби | Афирмирање на училиштето Промовирање на постигања на учениците во делот на творењето |
| Меѓународен литературен конкурс по повод 57 Детски Рацинови средби на тема Мене и душата ми е црвена | 04 11 2024 | **Организациски одбор на 57 Детски Рацинови средби** Одговорен наставник Мирјана Пановска Ученик Ивона Богдановиќ IX одд. | Објавување на конкурс песна Организациски одбор на 57 Детски Рацинови средби | Афирмирање на училиштето Промовирање на постигања на учениците во делот на творењето |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Државно првенство во Шах | 28 11 2024 | ООУ Мите Богоевски-Ресен<br>Одговорни наставници<br>Катеринчо Груев<br>Кристијан Пешов<br>Ученици<br>Иво Богдановиќ<br>Андреј Антиќ | Објавување на резултати од играта<br>Федерација на училишен спорт на Македонија | Афирмирање на училиштето Промовирање на постигања на учениците во делот од спортот |
| Велигденски базар 2025 | 17 04 2025 | **Општина Велес**<br>**Присутни наставници**<br>Анета Јакимовска<br>Александра Кузмановска<br>Далиборка Крстевска<br>Панче Бошков<br>Емилија Илиева<br>Златко Јанев<br>Рената Есенчева<br>**Ученици од одделенска настава** | Велигденски штанд со креативно изработени Велигденски украси и јајца | Афирмирање на училиштето Промовирање на постигања на учениците во делот на креативноста |
| Државен натпревар по македонски јазик | 15 05 2025 | МОН<br>Учесници:<br>Ученик: Ангелче Миланов<br>Ментор: Мирјана Пановска | Учество на натпревар по македонски јазик | Афирмирање на училиштето Промовирање на постигања на учениците во делот на македонскиот јазик, идентитетот и културното наследство |
| **Електронски медиуми** | | | | |
| Интернет,<br>FB страна на училиштето (активна)<br>WEB страна на училиштето | тековно | Педагог<br>Елена Илиева Недев<br>Наставник<br>Весна Христовска ментор | Брошура,годишна програма,годишен и полугодишен извештај, Прилог-фотографии, видео записи од тековни активности,награди и сл. | Транспарентно информирање за работата на училиштето |

## 24. СОГЛЕДУВАЊЕ И ПРЕДЛОГ МЕРКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ

Врз основа на Конечниот извештај од извршената интегрална евалуација во нашето училиште од страна на тим државни просветни инспектори на крајот од оваа учебна година тимот на одговорни наставници изготвија Акционен план. Во прилог на акциониот план се наведени следниве страни:

| **Силни страни** |
|---|
| •Училиштето има систем за редовно известување на родителите за напредокот на учениците;<br>•Добра училишна клима, добри односи на наставниците, родителите и учениците;<br>•Добро и ефективно распоредување на наставниот кадар и вработените во училиштето,<br>•Добро раководење на училиштето<br>•Добри процедури за креирање на училишната политика. |
| **Слаби страни** |
| • Делумно изградени пристапни патеки до влезот на училишните згради,освен во ПУ во с.Отовица каде е целосно изградена<br>• Нема обезбедени доволно соодветни услови за реализација на физичко и здравствено образование кога временските услови не дозволуваат истото да се релизира надвор, нема сала во централно училиште ниту во подрачните училишта |
| **Реализација на слабите страни и исполнување на дадените препораки** |
| •Училиштето има регистрирано ученички спортски клуб.<br>•Училиштето рализираше симулативна вежба со наставниците за заштита и спасување од елементарни непогоди<br>• Доставено барање за вработување на психолог во училиште<br>•Добро уредени и делумно заградени училишните дворови во ЦУ и ПУ<br>•Реконструкција на училишниот објект во ПУ Сујаклари |
| **Препораки** |
| • Да се превземат мерки и дејствија за подобрување на услови за физичко и здравствено образование кога временските услови не дозволуваат истото да се релизира надвор. |
| **Закани од опкружувањето** |
| • Намалување на бројот на учениците,<br>• Мигрирање на населението,<br>• Комбинирање на паралелки,<br>• Потешкотии со патната поврзаност. |

## 25. ДОКУМЕНТАЦИСКИ ПРИЛОЗИ



### ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДИРЕКТОРОТ

**Директорот** напоредно се стремеше кон квалитетно и одговорно реализирање на зацртаните приоритети и активностите планирани со годишната програма за работа на училиштето.
Со планирањето се поставуваше основата за организација на работата на училиштето; се изврши селекција на содржините; се утврдуваат целите со потребните методи и процедури; бараните стандарди за квалитетот на работата и стратегиите за спроведување на потребните кадровски, материјални и финансиски потенцијали и се утврдуваат временските рамки во кои спаѓаат. Со редовни посети на часовите им помагаше на наставниците преку повратни информации, идеи и стратегии за подобрување на наставата.
Тој ја организираше работата во училиштето, раководеше и контролираше.
Согласно годишната програма за работа на училиштето и програмата за работа на директорот, од предвидените активности реализирани се следните :

**Водство**
- Изготвување на годишната програма за работа на училиштето
- Распределба на наставни предмети, систематизација, избор на претседатели на стручни комисии, учество во тимови за работа, определување на одговорни наставници на ученички активности и други подрачја
- Координирање при изготвување на распоред на часови, слободни ученички активности, изборна, додатна и дополнителна настава
- Изготвување на сопствена програма за работа
- Учество во самоевалуацијата и програма за развој на училиштето
- Учество во изработка и водење контрола и анализа на педагошката документација

**Следење на организацијата и реализацијата на воспитно образовната и друга стручно педагошка работа во училиштето**
- Увид во годишните глобални планирања на наставниците
- Увид во тематските и дневните планирања
- Увид во главните книги и во електронскиот дневник
- Посета на наставни и нагледни часови со однапред одредена цел, со изготвување на записник од слдењето. Потоа спроведуваше средба за дополнителна консултација со наставниците од самата реализација на наставните и нагледни часеви.
- Планирање и реализација на диференцирани активности на часот во рамките на ИОП.

**Перманентно педагошко - психолошко усовршување на наставниот кадар, стручните соработници и директорот**
- Обезбедување на стручна литература
- Учество на семинари, советувања, дебати, работилници, работни средби, обуки
- Учество и организирање на интерни обуки во училиштето

**Работа со стручни органи во училиштето**
- Планирање и програмирање на работата на наставничкиот совет
- Следење, насочување и учество во работата на стручните активи
- Учество во планирање и реализирање на задачите на одделенските совети
- Соработка и следење на реализација на задачите на одделенските раководители
- Учество на советот на родители со определени точки од дневниот ред
- Учество на училишен одбор со застапување на одредени точки од дневниот ред
- Учество на првата средба на Ученичкиот парламент

**Аналитичко-студиска работа, изготвување информации, извештаи, осврти и анализи**
- Анализа на тематските подготовки за часови на наставниците со посебен осврт на дополнителна, додатна и изборна настава
- Создавање на  услови за работа во училиштето

- Анализа и обработка на податоците од успехот и поведение на учениците на крајот од секое тромесечие, полугодие и на крај на учебната година
- Следење на реализацијата на Развојниот план на училиштето и поставените приоритети во училиштето
- Учество и следење на реализација на проектите во училиштето
Подобрување на квалитетот на додатната настава со цел поттикнување на учениците за учество на натпревари на знаења

**Соработка со родители,ученици и локална средина**

- Планирање и реализирање на родителските средби
- Планирање и реализирање на форми на соработка со родителите (работилници, дебати, идивидуални и групни средби)
- Соработка со ученици за одредени прашања на ниво на ученичка заедница, почитување на мислењата и предлозите од учениците при донесување одлуки на ниво на училиште
- Соработка со Претседателот на Училишниот одбор
- Соработка со Локалната самоуправа
- Соработка со МОН и БРО
- Соработка со месната заедница
- Соработка со претседателот на СОНК
- Соработка со претпријатија и фирми
- Соработка со други образовни и здравствени институции и стручни лица од различна област

**Други работи и работни задачи во учебната 2024-2025 година**

- Следење и увид во работата на административната служба на училиштето
- Следење и увид во финансиското работење на училиштето.
- Учество во работата на училишниот одбор и соработка со Претеседателот

**Реализација на активности за подобрување на материјално-технички услови за работа:**

- Набавка на огревно дрво
- Набавка на средства за хигена
- Набавка на повеќе нагледни средства и материјали за потребите во наставата за учениците, наставниците и службата
- Бојадисување на внатрешните ѕидови во централното и подрачните училишта
- Реализација на слабата страна од акцискиот план за уредување на дворовите( Еко Оаза)
- Реконструкција на подрачното училиште во с. Сујаклари и подобрување на условите за реализација на наставата
- Училиштето регистрираше Ученички спортски клуб
- Организација на стимулативна вежа за заштита и спасување од елементарни непогоди и примена на ПП апарати
-Разговор и координација со стручни лица од Општина-Велес за реконструкција на училишниот објект во с. Сујаклари за идна беазбедна средина за учениците и вработените
-Целосна реконструкција на учлница во подрачното училиште во Сујаклари за потребите на учениците и наставниците и подобрување на работните услови во училиштето.
-Соработка со Општината и изготвување на проекти за доградба и реконструкција на централното училиште во Иванковци.

Директорот на училиштето како раководен орган доследно ја пренесуваше мисијата до наставниците, родителите и учениците. Планирањето и програмирањето на работата на Директорот како и реализацијата од планираното произлегувше од општото знаење во успешната реализација на секоја работа од специфичноста и разновидноста на ВО содржини, активности, цели и задачи, форми и методи кои треба да се следат, анализираат и проучуваат.
Директорот беше вклучен во севкупната воспитно - образовна работа во училиштето.

**Директор:Трајче Недев**

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТАТА НА УЧИЛИШНИОТ ПЕДАГОГ

**Педагогот на училиштето** работеше по сопствениот изготвен план и програма за работа.Во тековната учебна 2024-2025 година работата течеше според програмските содржини и активностите дадени во годишната програма.
За работата, училишниот педагог изготвува сопствен неделен и месечен извештај.



Пред почетокот на учебната година се зема учество во работата на годишниот извештај и годишната програма за работа на училиштето за оваа учебна година. Беа изготвени сите програми, листи и прилози за годишната програма со сите опфатени податоци.
Редовно соработуваше со активите, се планираа и реализираа разновидни активности, се разговараше за новините, програмите, изготвувањето на планирањата,сценаријата и слично. На наставниците им помагаше во нивната тековна работа.Соработката беше обострана.
Потоа, ги спроведе и обработи анкетите наменети за ескурзиите и изборните предмети кои учениците ги изучуваа во тековнава учебна година, во соработка со менторот на училиштето.
Континуирна и одлична соработка со стручни лица од Општината, други институции и достава на бараните тековни информации, табели, листи, извештаи, записници и друга документација. Во контекст на истото следеше и напоредно евидентирање на тековната работа.
Сопственото професионално и кариерно усовршување се одвиваше преку учество на обуки, семинари, работилници, презентации, конференции, потоа читање на стручна литература, дисиминации, предавања, работни средби, информативни менторски средби и следење на образовни портали на интернет.
**Соработката со наставниците** се одвиваше преку инструктивно - советодавни разговори и учество во работата на активите, со цел изготвување квалитетни глобални, тематски и процесни планирања, дневни подготовки, сценарија и правилно водење на целокупната педагошката евиденција и документација. Давање поддршка и советодавна помош при планирањето на наставата, подготовка и реализација на наставните часови со примена на новата технологија со наставниците од одделенска и предметна настава.
Водење на наставничко досие во електронска форма и педагошки картон за сите наставници.
Редовно во тековната учебна година се вршеше посета на наставни и нагледни часови според однапред изготвен план за реализација по одделни наставни предмети, во соработка со стручните активи, каде истите беа евидентирани во записник со сите изготвени документи и прилози. Исто така, напоредно учество во реализацијата на дел од воннаставните активности, акции и донации во училиштето. Постојано водење на разговори со класните раководители за нивните ученици и другите тековни задолженија. Следење и давање на насоки за водење на електонскиот дневник во соработка со директорот и администраторот на училиштето.
Посета на часевите по одделенска заедница, часевите по дополнителна, додатна настава и изборна настава. Редовно се правеше увид во педагошката евиденција и документација на наставниот кадар, во соработка со директорот на училиштето.
Тековно следење и евидентирање на секоја планирана и реализирана активност спроведена во училиштето и надвор од него.
По потреба, работа и соработка со наставниците-приправници со давање на насоки и совети за целокупната работа со учениците, помош за правилно водење на педагошаката документација и реализација на наставата. Информирање за новостите кои тековно ни следеа, евидентирање и известување на наставниците за нивното професионално усовршување. Наставниците навремено се известуваа за објавените конкурси, натпревари, обуки, семинари, работилници и слично, каде истите беа и напоредно евидентирани. Исто така во тековната учебна година се зема заедничко учество во организираните работилници, реализација на предавања по одредени теми како и теми планирани по сопствената програма.
Во тековната учебна година се продолжи со соработката со Ресурсниот центар, се реализираа средби со специјалниот едукатор, членовите од целиот Инклузивен училишен и индивидуален тим за ученик. Педагогот зема учество во работилниците, конференциите и предавањата во организација на Општината, по повод одбележување на значајни датуми, делегација за празници, настани, манифестации и слично.
Работа и ангажираност во неколку проекти:
- Проект: Меѓуетничка интеграција во образовниот систем (со изготвување на програми, следење, анализа на реализираните часеви и активности на наставниците и изготвување на полугодишен и годишен извештај во соработка со одговорниот наставник на проектот.).

Во месец ноември 2024 година МИО тимот повторно аплицираше и го доби грандот кои е наменет за спроведување на заеднички активности со партнер училиштето согласно член 46 став 4 од Законот за основно образование. Планот беше оправдано одложен и со мали промени ќе се реализира во новата учебна година. Како дел од тимот ќе се зема учество во организацијата, изготвување на планот и во успешната реализација на активностите со партнер училиштето.

- Проект: Унапредување на добросостојбата и менталното здравје на учениците( со изготвување на акциски план и месечни извештаи. По реализацијата на активноста педагогот изготвува извештај по месеци и го доставува до одговорниот на МОН.
  Сите активности се одржуваат по планот без остапување со цел да се даде важност на менталното здравје на учениците и развивање на социо-емоционална добросостојба кај учениците.
- Проект: Заедничка грижа за правилно насочување на учениците,(со изготвување на план на почетокот на учебната година, потоа учество во предвидените активности и подготовка на полугодишен и годишен извештај од реализацијата, во соработка со одговорниот наставник.
- Еко проект (следење, евидентирање на часеви и вклученост во дел од планираните активностите).

Учество и во други активни училишни проекти.

**<u>Работата со учениците се реализираше преку следниве активности:</u>**

Учество во средбите на ученичкиот парламент со водење на дневен ред, одлична соработка на членовите и заедничко планирање и успешно реализирање на активностите (прилог целосна документација).

Секојдневно водење инструктивно-советодавни индивидуални и групни разговори по актуелни теми. Следење на поведението на учениците, успехот по класифик.периоди и изостаноците на учениците. Редовни и навремени советодавни средби со учениците кои покажуваа несоодветно однесување за време на часовите и одморите во училиштето. Потоа, работа со ученици кои имаа потешкотии во учењето и совладувањето на одредени наставни содржини со примена на прилагодливи инструменти за работа. Разговор со учениците од предметна настава на одредени теми и континуирано следење на нивниот напредок.

- Во тековната учебна година се реализираа и други работни задолженија:

- Теренско истражувачка работа за упис на ученици во I одделение за учебната 2025/2026г.
- На почетокот на оваа учебна година се изготвија листи за ученици и првачиња, потоа запис во главната книга и подготовка на дополнителни документи наменети за одделенските раководители кои водат прво одделение. Додека во месец мај 2025 година беа реализирани уписите на првачињата. Педагогот ја изготви целосната документација за упис и во соработка со комисијата успешно ја спроведоа постапката.
- Во тековната учебна година се вршеа постапка на отпишување и запишување на ученици.
- Следење и водење на грижа за здравјето на учениците(евиденција на систематски, стоматолошки прегледи и вакцинација, каде беа организирани и неколку предавања) во соработка со здравствените институции.
- Идентификација на надарени ученици и ученици со посебни образовни потреби, работа и нивно следење со изготвување и водење на потребната документација.
- Индивидуални и групни разговори за адаптацијата на учениците од прво и шесто одделение.
- Изготвување и спроведување на тестови за учениците од второ одделение во месец декември со белешки, согледувања, работа на втор термин по донесена анализи и извештај од реализацијата на тестираните ученици.
- Работа на тековно изготвување на документација по разни потреби со одередена намена.

**<u>Работата и соработката со родителите:</u>**

Успешната соработка со родителите водеше кон продуктивни и позитивни ефекти во прилог на училиштето и учениците. Во тековната учебна година се реализираа советувања на родители во помал број со примена на програмата за Советување на родители (со изработка на покана, записник и извештај од спроведената средба).

Со родителите на учениците редовно се водеа индивидуални и групни средби и отворено се разговараше за проблемите со кои учениците се соочуваа, за нивното напредување, постигнатиот успех, однесување, дисциплина, вклученоста во воннаставните активности, учествата на конкурси и натпревари по различни области и слично.

- Учество во совет на родители со изготвена листа на присуство на родители, застапувања на одредени точките од дневниот ред, водење на записник заедно со записничарот-родител. Разгледување и спроведување на донесените одлуки, мислења и предлози во соработка со претседателот на совет на родители.
- Учество на наставнички совет со застапувања на дел од точките од дневниот ред, според однапред изготвената програма за реализација на советот со водење на записник и листа за присуство.

- Потоа, учество на одделенски совет (изготвување на програма за одделенски совет, дневен ред, листа за присуство, сопствени инструменти и подготовка на идивидуални инструменти наменети за наставниците. Се изврши обработка и анализа на сите податоци по реализацијата на советите. По секој одделенски совет беше изготвен записник.
- Учество во училишниот одбор со покана за одредени точки од дневниот ред.

Соработката е тековна и континуирана со локалната самоуправа, општинскиот и државниот просветен инспектор, советниците за образование од Општина, стручни лица од БРО, МОН, здравствените и социјалните установи. Се извршување навремена електронска достава на изработени документи и барани податоци. Напоредно се изготвија статистички извештаи, докази од аналитичко-истражувачка работа, записници, распореди, табели за ученици и наставници, обработка на податоци, споредбени анализи и прегледи, со водење на посебни регистри од секое подрачје, секако за потребите на училиштето и надвор од него.

Во ООУ„Стојан Бурчевски Буридан” Иванковци- Велес имаше редовни-тековни инспекциски надзори. Сите документи на увид од надзорите беа редовно и правилно изработени од страна на педагогот на училиштето, во утврденот датум, каде немаше решение за постапување по истите.

Целосниот извештај на педагогот содржи и позначајни информации за остварувањето на активностите за сите подрачја на воспитно-образовната дејност на училиштето.

**Педагог: Елена Илиева Недев**

## РАБОТА НА СТРУЧНИТЕ ОРГАНИ ВО УЧИЛИШТЕТО

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР

Училишниот одбор расправа и одлучува по прашања во врска со работата на училиштето,кои во негова надлежност се утврдени со Законот,подзаконските акти и нормативните акти на училиштето.

Училишниот одбор работи на седници и според изготвена годишна програма. На одржаните состаноци се донесоа Одлуки и заклучоци поврзани со напредокот на училиштето.

Училишниот одбор на ООУ,,Стојан Бурчевски-Буридан,, с. Иванковци Велес е составен од седум члена и тоа претставници од Општина Велес, Наставничкиот совет.Советот на родители во ООУ „Стојан Бурчевски – Буридан “ с. Иванковци Велес

Во текот на учебната година 2024/2025 година Училишниот одбор одржа 7(седум) состаноци и тоа од септември 2024 година до јуни 2025 година.

Се работеше според предвидената програма за работа на училишниот одбор и се донесоа одлуки по следниве активности:

- Одлука за формирање на пописни комисии за 2024 година.
- Разгледување на пристигнати документи во врска со јавен Оглас за пополнување на 10 (десет) работни места на определено работно време за учебната 2024/2025 година до 31.08.2025 година.
- Одлука за усвојување на Интерна процедура за вршење на попис на средствата и обврските на ООУ „Стојан Бурчевски – Буридан “ с. Иванковци Велес
- За претставници избрани од ученичкиот парламент наменети за училишен одбор без право на глас избрани се Пепита Димовска и Иван Страшевски.
- Кооптирање на нов член во Училишниот одбор претставник од Општина Велес Василка Малинова.
- Кооптирање на член во Училишен одбор претставник од наставниците Александар Ѓорѓиев.
- Одлука за усвојување на финансовиот план за 2025 година. Одлука за усвојување на Годишниот план за Јавни набавки за 2025 година.
- Одлука за усвојување на извештајот од пописот за 2024 година Одлука за усвојување на Годишни завршни сметки на 787 , 903, 603 и 603 од МОН за 2024 година.
- Одлука за распоредување на наменскиот остаток на средствата од сопствената сметка за 2024 година.
- Одлука за усвојување Планот за заштита од природни и други несреќи во ООУ„Стојан Бурчевски-Буридан“ с. Иванковци Велес
- Одлука за формирање на комисија за изготвување на самоевалуација

- Одлука за одобрување на Програмата за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности и предлагање за нејзино реализирање.
- Одлука за јавна набавка: прибирање на понуди за изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни акивности на учениците во учебната 2024/2025 година.
- Одлука за формирање на комисија за спроведување на постапка за јавна набавка: прибирање на понуди за изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни акивности на учениците во учебната 2024/2025 година
- Одлука за формирање на комисија за спроведување на постапка за јавна набавка: прибирање на понуди за фотографирање на учениците во учебната 2024/2025 година
Училишниот одбор решава и прашања кои ќе произлезат во текот на годината во рамките на своите законски овластувања и други тековни проблеми.

**Претседател на Училишен одбор**
**Александар Арсовски**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА НАСТАВНИЧКИОТ СОВЕТ

Тоа е највисок стручен орган во училиштето, а го сочинуваат сите наставници кои изведуваат настава, директорот и педагогот на училиштето. ООУ„Стојан Бурчевски-Буридан“- Иванковци одржа два состанока каде на советот редовно беа присутни сите извршители во ВОП.
Директорот на училиштето, педагогот и поголем број наставници учествуваа во расправа за напредокот на училиштето.
Нивните дискусии допринесоа за надминување на тековните проблеми, а нивното решение беше во интерес на учениците и училиштето.
Пред почетокот на учебната година се разгледуваше годишниот извештај, годишната програма,систематизацијата на работните места, презентирање на планот за организација, следење и реализација на наставата по смени за учебната 2024-2025 година.Наставниците беа запознаени со кодексот на однесување и куќниот ред во училиштето. Навремено се изготви распоред на работното време, формирање на комисии и известувања за тековните обуки, семинари. Напоредно беа усвоени правила за однесување на учениците во училница.
Потоа беше реализирано предавање и практична вежба за правилна примена на ПП апарати и ризици од пожар наменето за вработените на училиштето.
На наставничкиот совет дел од наставниците дискутираа на различни теми, поврзани со начинот на работа во училиштето, истапија со свои размислувања, поставуваа прашања и даваа сугестии. Директорот на училиштето ги информираше наставниците преку краток извештај за набавката на нагледни средства, технологија и опрема за потребите на учениците и наставниците. Исто така додаде и неколку збора за реновирање на училниците во
П.У Сујаклари, состојбата на училиштето во с. Иванковци и следните планови и процедури за истото. Во текот на средбата одговорните на ученичкиот парламент го информираа советот за иницијативата за донација на средства наменети за здравствената состојба на нашата ученичка, каде се зазема едногласно мислење за спроведување на истата на ниво на училиште. Директорот ги извести наставниците за успешната реализација на Хуманитарната активност со наша донација за децата кои лежат на Детското одделение во Општата болница-Велес, хуманитарните активности од Здружение на пензионери-Велес и Невладината организација СПОНА за донирање на Новогодишни пакетчиња за учениците од одделенска настава. Потоа проектот Еко Оаза со уредување на дворовите на нашите училишта.
Од проекти во училиштето се истакна како информација дека успешно е добиен проект МИО, со договор за планирани понатамошни активности.
Тековно следеа осврtите од работата на училиштето од сите четири класификациони период за учебната 2024-2025 година. Се направи избор на членови во училишен одбор.
Напоредно беа дадени насоки за правилно водење на педагошката евиденција и документација од страна на директорот, педагогот и менторот. Беше формирана комисија за изготвување на самоевалуацијата.Во дел од точките следеше информација и договор за спроведување на Патрониот празник на училиштето каде говореа одговорните наставници.
На советот, наставнците беа редовно извесетени за донесените одлуки на Советот на родители. Потоа се даде информација за оргнизација на излетот и теренската настава на учениците. Се

формираа комисии и се направи избор од понудите за екскурзии и фотографирање на учениците од 9то оддееление.
Се утврди успехот на учениците за крај на учебната година и се прогласија најдобри ученици на генерација. Се разгледа годишниот извештај и програма за наредната учебна година, каде се водеше дебата по одредени подрачја.
На наставничкиот совет на наставниците им беа доставени решенија за годишен одмор. Наставниците тековно добиваат насоки за постапување, ги следеа упатствата за работа и редовно комуницираа со стручната служба на училиштето.
Дополнителните прашања беа дискутирани во точката за тековни прашања.
Во учебната 2024-2025 година наставничкиот совет одржаа седум средби.
За секој одржан наставнички совет се водеше дневен ред, записник, инструмент за присуство на наставниот кадар, како и други документи кои ги изготвуваа одговорниот наставник-записничар и педагогот на училиштето.

**Изготвил: Педагог, Елена Илиева Недев**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ОДДЕЛЕНСКИОТ СОВЕТ

**Одделенски совет** го сочинуваат наставници во оддленска настава од I-до V одделение и предметна од VI-IX одделение. На почетокот на учебната година училиштето изготви програма. За секој одделенски совет имаше изработено и објавено дневен ред. Во учебната 2024-2025 година беа одржани четири одделенски совети од кои се разгледа бројноста на учениците, успехот и поведението, изостаноците на учениците по класификациони периоди, потоа реализацијата на програмските содржини, изборна, доплонителна и додатна настава, реализација на воннаставните и вонучилишните активности, избор на ученик на генерација како и водење и потполнување на електронскиот дневник.
Педагогот изготвувше инструменти, наменети за одделенските совети за наставниците.
Истите се уредно потполнети со податоци по класифкациони периоди од страна на раководителите, и доставени до стручната служба во утврдениот датум.
Тие се документирани во посебен регистер за работа заедно со инструментот на педагогот со внесениот општ и индивидуален успех на ученикот. За секој одделенски совет педагогот на училиштето води записник (електронски), анализи од реализацијата на советите и инструмент за присуство на наставниците.

**Изготвил: Педагог, Елена Илиева Недев**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СОВЕТ НА РОДИТЕЛИ

**Советот на родители** е на значајно високо ниво во однос на посетеноста од страна на родителите, нивната ангажираност во секој аспект, како и во напрдокот на своите ученици.
На почетокот на учебната година е извршено кооптирање на членовите на совет на родители и направен е избор на претседателство. Родителите ја разгледаа програмата за работа на советот на родители и другите програми на училиштето како и целокупната воспитно образовната работа за учебната 2024-2025 година. Тие напоредно беа запознаени со кодексот на однесување и куќниот ред во училиштето.
На родителите им беше презентирана и Брошурата за родители и планот за организација, следење и реализација на наставата за учебната 2024-2025 година. Напоредно беше формирана комисија за осигурување на учениците, од редот на родителите која направи избор на наповолната на осигурителна компанија.
На советите по точките од дневниот ред се даваа идеи на разни теми, мислења, се носеа одлуки за доброто на училиштето.
Педагогот и директорот на училиштето ги презентираа извештаите по класификациони периоди, каде по истите следеа прашања и дискусии за општиот успех на учениците, поведението, реализацијата на наставта, условите за работа, планираните проекти за училиштето и слично. На средбите отворено се говореше за поминатите родителски средби од периодите. Се разговараше за општите насилства во училиштата, од што произлегува истито, Се истакна дека кај нас нема таков случај но е честа табу тема. Потоа се дискутираше на темите за личната хигена на учениците, нивното здравје професионалното ориентирање на учениците,

хуманитарните донации, за однесувањето на одделенските наставници во централното училиште и реализацијата на наставата во одделенска настава во с. Иванковци.
Дел од родителите земаа збор за соработката и начинот на комуникација со класните раководители на нивните ученици.
Родителите во тековната учебна година земаа учество во реализација на активностите од актвните проекти како и во другите организирани вонннаставни активности.
Беа формирани комисии за екскурзиите и фотографирањето на учениците од 9то одделение каде ги разгледаа пристигнатите понуди. Советот на родители донесе одлука за реализација на излет и теренска настава по барање на родителите. Потоа се направи избор на член од Советот на родители за член во Училишниот одбор.
На последниот совет се изврши излагањето на годишниот извештај и годишната програма на училиштето, каде се даде позитивно мислење по истото.
Родителите напоредно ги споделуваа нивните идни предлози, сугестии за организација на активностите во училиштето.
Во учебната 2024-2025 година се одржаа вкупно шест наставнички средби, од кој за секој одржан совет, уредно се води записник, инструмент за присуство, потоа документи од донесени одлуки, мислења и предлози, каде сите се документирани во службата на училиштето.

**Изготвил: Александар Арсовски**
**Педагог, Елена Илиева Недев**

## ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТАТА НА УЧИЛИШНАТА БИБЛИОТЕКА

**ООУ„Стојан Бурчевски-Буридан“ - с. Иванковци** располага со две библиотеки, од кои една се наоѓа во централното училиште во с. Иванковци и една – во подрачното училиште во с. Сујаклари. Во текот на учебната 2024/2025 година беше посетувана од ученици и наставници, кои ги изнајмуваа и користеа книгите, со кои располага истата.
Евиденцијата во библиотеката се води во посебна тетратка, во која се заведуваат изнајмените и вратените книги, како и новонабавените книги и учебници.
Училишната библиотека успешно ги оствари поставените цели и задачи на современиот образовен процес, којшто бара оспособување на учениците за самостојна работа, самообразование и подготовка за понатамошното образование, издавајќи книги на сите оние, кои се стремеа кон збогатување на сопственото знаење и сестран личен развој.
**Училишната библиотека**, во текот на целата учебна година, преку разноликоста на своите содржини и активности, се стремеше кон вклопување во воспитно – образовниот процес. Преку книжевниот фонд, кој го поседува, библиотеката ги ангажираше учениците, соединувајќи ги и задоволувајќи ги нивните интереси за читање. Со тоа, библиотечниот простор, беше нивно секојдневие, потреба и катче, каде што воспитно и образовно поминуваа дел од своето време. Училишната библиотека настојуваше преку различни форми на соработка: соодветни публикации, предавања, разговори, натпревари и други активности да создаде услови за поуспешно совладување на наставните содржини по сите наставни предмети. На тој начин се афирмираше самостојното учење, заземајќи соодветно место во наставниот процес. Во таа насока, постојано се информираа и се запознаваа изведувачите на наставата со книжевниот фонд, со цел и тие да ги насочуваат учениците за правилно користење на истиот. Училишната библиотека им служеше на наставниците како соодветен извор за непрекинато стручно усовршување и следење на најновите трендови од областа на наставно-образовниот процес. Паралелно со овие активности, во рамките на материјалните можности на училиштето, билиотеката го зголеми книжевниот фонд.
Во структурниот состав во основата на програмата за работа на училишните библиотекари, опфатени се покарактеристични задачи на училишната библиотека, содржини и активности. Во текот на учебната 2024/2025 година се исполнуваше основната цел на училишната библиотека - да помага и да дополнува во воспитно-образовниот процес, издавајќи книги на сите оние, кои се стремат кон збогатување на сопственото знаење и сестраниот личен развој. Во текот на овој период,



училишната библиотека, беше посетувана од ученици и наставници, кои ги изнајмуваа и користеа книгите, со кои располага истата.
Библиотекарот континуирано ги поттикнуваше учениците да читаат книги, нагласувајќи им дека тие треба да ги чуваат и да ги вратат без да ги оштетат.
Библиотекарот соработуваше со сите наставници и ги информираше за новоиздадените и новонабавените книги, весници, списанија и друго. Учествуваше во подготовките за одбележувањето на културните манифестации, кои се организираа во периодот. Библиотеката собираше, стручно обработуваше и даваше на користење библиотечен материјал, потребен на учениците, наставниот кадар и останатите вработени во училиштето. Евиденцијата во библиотеката се водеше во посебна тетратка, во која се заведуваа изнајмените и вратените книги, како и новонабавените учебници.
Навремено на почетокот на учебната година, уредно беше извршен системот на прием и распределба на бесплатните учебници. Исто така, учениците од прво и од шесто одделение, навремено беа ажурирани и на тој начин им се овозможи брз пристап до потребните книги за читање.Во првото полугодие учениците и наставниците редовно беа услужувани со постоечкиот книжевен фонд, а за сето тоа уредно се водеше евиденција по писмен пат, што овозможуваше за кратко време да се добие информација за бараните наслови, позајмените или, евентуално, подолго задржаните наслови.Учениците од шесто одделение, имаа можност да ја посетат родната куќа на познатиот велешки поет, Кочо Рацин и на тој начин, се запознаа со неговиот живот и неговото дело и ја разгледаа специфичната велешка архитектура на неговата родна куќа.
Во соработка со членовите на литературната и на драмската секција, се одржаа две креативни работилници. Првата се реализираше, по повод Европскиот ден на јазиците.
Во текот на активноста, учениците изработија хамер на македонски, англиски и германски јазик, со одговорните наставнички: Мирјана Пановска, Маја Стојанова, Маринела Пановска и Марија Димова. Истиот тој хамер, тројца претставници – ученици, го презентираа во Медијатеката на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ - Велес, заедно со претставници од другите општински основни и средни училишта. Целта за одбележувањето на овој ден е да се поттикне изучување јазици кај сите возрасни групи и да се зголеми почитта кон сите европски јазици. Втората активност се реализираше по повод одбележувањето на Светскиот ден на учителот. По тој повод, во нашето училиште се одржа квиз на тема: „Македонскиот јазик кај авторите од XIX век“, меѓу учениците од осмо и деветто одделение. По квизот, учениците изработија картички со цитати, кои им ги поделија на своите наставници, заблагодарувајќи им се на тој начин, за нивното влужување за стекнување на поголеми знаења.Учениците преку реализирни активности го обележаа месецот на книгата. Одбележувањето на месецот на книгата во нашето училиште започна со читање и творење мудри мисли за книгата, а заврши со едукативната активност на тема: Јас предложувам народна приказна– прочитај ја и ти! , која е дел од проектот „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“. Во текот на оваа активност, учениците од шесто одделение, интерпретираа по една народна приказна, заедно со нивните родители, наставници и повозрасни другарчиња. На крај, сите заедно изработија хамер, претставувајќи ги своите анализи и интерпретации. Целта на овие две активности е да се развие интерес и љубов кон читање книги и да се зголеми бројот на читатели во нашето училиште.
Во рамките на Детските Рацинови средби, учениците твореа лични творби и изразно читаа и рецитираа песни од Кочо Рацин.
По повод претстојните новогодишни и божиќни празници, во нашето училиште се изведе новогодишна програма на тема: ,,Постои ли Дедо Мраз?“, во којашто учествуваа ученици од прво до деветто одделение, со помош на нивните одговорни наставнички, Маја Стојанова, Александра Кузмановска и Билјана Тренчова-Ботарева. Учениците имаа можност да се претстават со свои песнички, драматизации, рецитали и ритмички точки и со тоа да го искажат својот талент во глума, пеење, играње и да испратат новогодишна порака - во целиот свет да владее мир, благосостојба, другарување во текот на 2025 година и годините кои следат, како и исполнување на ниивните новогодишни желби. Својата креативност, учениците имаа можност да ја изразат и преку



работилницата за изработка на новогодишни украси, која имаше хуманитарен карактер.
Реализираните активности, кои беа дел од одбележувањето на Нова година, имааа цел да го развијат другарството меѓу учениците, укажувајќи им дека преку нивна соработка и помагање може да се постигнат подобри резултати.При крајот на првото полугодие, учениците уште еднаш се советуваа дека треба да ги чуваат книгите, преку пораки, кои се посветени на книгите.Во текот на првото полугодие, училишната библиотека се збогати со нов книжевен фонд, со цел учениците да се дружат со нови ликови, во топла и пријатна атмосфера, навлегувајќи во нивниот свет и доживувајќи ги нивните авантури, бидејќи читањето книги не само што го збогатува речникот и начинот на изразување, туку делува и релаксирачки.
Во текот на второто полугодие се продолжи со издавање и враќање на книги.
Се проверија состојбите на книгите и се посвети време на уредување на училишната библиотека, изготвувајќи список на поправени книги. На оние ученици кои покажаа интерес за библиотекарство, им се објасни постапката за евидентирање на книги, со цел да се прошират знаењата од библиотекрството.
Учениците од прво до деветто одделение имаа можност да ја следат претставата, ,,Добрата Јана и лошиот дедо", во изведба од Куклен театар.
По повод 21 Февруари - Меѓународниот ден на мајчиниот јазик, учениците од предметна настава, имаа предавање од страна на нивниот одговорен наставник. Некои од учениците активно се вклучија во креативната работилница, изработувајќи хамер за правописни правила. А, некои од нив, се натпреваруваа, одговарајќи прашања од интересниот квиз, поврзани со примената на правописните правила. Активностите беа спроведени со цел да внимаваме на правилната употреба на македонскиот стандарден јазик, кој е непресушен, вечен извор и кој треба да го чуваме ,,како тланикот на огништето”.
Заедно со учениците се интерпретатираше и анализираше дело по избор, со цел да се развие љубов кон читањето книги.По повод Денот на жената се организираше читање на лични песни, посветени на мајките и се учествуваше на литературни конкурси, по тој повод.
Ученичката Ана Бојковска од осмо одделение и ученикот Иво Богдановиќ од деветто одделение се стекнаа со пофалница за учество во натпреварот за најдобар рецитатор, кој е една од активностите, со кои се одбележи Денот на училиштето ,,Васил Главинов’’ од Велес. Тие ги рецитираа песните: ,,Печал’’ од Кочо Рацин и ,, Глас од Македонија” од Коле Неделковски.Учениците активно се вклучија во одбележувањето на Денот на училиштето, на тема: „Народното творештво – чувар на традицијата“, соработувајќи со членовите на драмската и на литературната секција. Дел од учениците настапија со презентирање на народната приказна ,,Мрзливата жена и метлата”, некои со ритмички точки, некои со изведба на народни ора и на тој начин успешно се одбележа Денот на училиштето. За организацијата на активностите, одговорен наставник беше Маја Стојанова.
По повод Светскиот ден на поезијата и Светскиот ден на литературата за деца, изразно се читаа песни од македонски и странски поети, со цел да се промовира читањето, пишувањето и објавувањето поезија низ целиот свет, како и да се поттикнат учениците да творат свои песни, нагласувајќи ја љубовта кон читањето кај децата и важноста на книгите.
Се одржаа консултации со активите во врска со набавка на нови изданија и се констатираше дека за следната учебна година, потребно е да се обезбеди повеќе стручна литература.
Навремено беше извршено пријавувањето на потребните учебници за следната учебна година, како и евидентирањето на состојбата на учебиците.
Учениците од седмо и од осмо одделение, учествуваа во интерен натпревар за изработка на лична книга и истите беа оценувани и наградени со диплома од страна на учениците од шестоми од деветто одделение. Во месец мај се изврши евиденција на изнајмените книги, кои не беа вратени и се известија учениците, како и наставниците, за нивно враќање.
По повод Денот на сесловенските просветители, учениците од предметна настава се натпреваруваа во три групи и го покажаа своето знаење, преку одговорените прашања од квизот. Активноста беше спроведена со цел, знаењата за св. Кирил и Методиј, по чии стапки и денес чекориме, чувајќи ја нашата словенска писменост, да останат трајни.
Лектирата ,,Македонски народни хумористични приказни”- избор од Томе Саздов беше прогласена за најчитана книга за учебната 2024/2025 година.
Се поделија записници за враќање на учебниците и целата постапка се евидентираше.

Се изврши санирање на оштетените книги и на оштетените учебници. Се одржа изложба на тема: „Ќе другаруваме со книгата...“ и им се издадоа лектири на учениците, кои ќе ги читаат во текот на летниот распуст.

| Ред.бр. | Библиотечен фонд | Количество |
|---|---|---|
| 1. | Лектирни изданија | 1807 |
| 2. | Стручна литература | 269 |
| 3. | Превод на литературни дела од автори кои добиле Нобелова награда | 17 |
| 4. | Белетристика | 579 |
| 5. | Историски учебници | 244 |
| 6. | Книги на англиски јазик | 164 |
| 7. | Наслови на книги | 2246 |
| 8. | Слободна литература | 1975 |

**Изработиле:**
**Библиотекари, наставници по Македонски јазик:**
**Мирјана Пановска и Маја Стојанова**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧЕНИЧКИОТ ПАРЛАМЕНТ

На почетокот од учебната 2024/2025 година се одржа состанок, во кој, една од точките беше - конституирање на ученичкиот парламент и избор на претседателство и раководство. Раководството на ученичкиот парламент се избра со мнозинство гласови од вкупниот број присутни ученици, по пат на тајно гласање.
Регуларно беа изгласани следните членови:
**Претседатели по одделенија**

| Р.БР. | УЧЕНИЦИ Иванковци | одделение | Р.бр. | УЧЕНИЦИ П.У Сујаклари | одделение |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Ели Спасовска | VI | 1 | Сандра Трајковска | VI |
| 2 | Андре Бојковски | VII | 2 | / | VII |
| 3 | Давид Димовски | VIII | 3 | Александра Ташевска | VIII |
| 4 | Леонардо Стојановски | IX | 4 | Адриан Азири | IX |

**Избор на раководство на ученичката заедница**
**при ООУ „Стојан Бурчевски-Буридан”, с.Иванковци**

| Претседатели на ученички парламент (Преставници за училишен одбор) | Иванковци | Сујаклари |
|---|---|---|
| | Иван Стршевски | Пепита Димовска |
| Ученички правобранители | Ивона Богдановиќ | Стеафан Пановски |
| Благајници | Валерија Бојкова | Натали Арсовска |
| Записничари | Дамјан Спасовски | Дамјан Трајковски |

Учениците се согласија, во текот на првото полугодие, да се организира хуманитарна акција – донирање финансиски средства за ученик од одделенска настава, кој имаше оперативен зафат. Учениците, едногласно, се согласија да се донира по 50 денари од ученик и доброволна сума од вработените во училиштето. Собраните средства беа доставени до родителот на ученикот.
Учениците, на еден од состаноците, предложија повеќе правила за однесување на учениците во училница, а потоа, едногласно се изгласаа и се договорија, истите тие правила, да бидат закачени во секоја училница.
Пред крајот на првото полугодие, се одржа предавање на тема: „Последици од злоупотреба на пиротехнички средства “, од страна на наставничката Катерина Петрова и од педагогот Елена Илиева – Недев. На почетокот, се отвори дискусија околу прашањата: Зошто децата посегнуваат по пиротехника? Колку тие се запознати со последиците и опасноста од нејзината примена? Кои се последиците од примената на приротехничките средства по здравјето на

животните? Главната цел на оваа активност е да се разбере дека петардите се евтини, но последиците од нив можат да бидат многу скапи и опасни.
Преку изнесување свои предлози, идеи и ставови, учениците имаа активно учество во одлучувањето, планирањето и реализирањето на активностите, кои беа поврзани со одбележувањето на Нова година.
Една од тие активности беше креативната работилница за изработка на новогодишни украси, која имаше хуманитарен карактер.
На почетокот од второто полугодие, учениците беа информирани за успехот, поведението и редовноста на учениците по првото полугодие, по што се дадоа предлози за подобрување на успехот на учениците и се донесе заеднички став дека учениците треба повеќе внимание да посветат на учењето, со цел да се постигнат подобри резултати до крајот на учебната година.
Потоа, присутните го анализираа своето учество во активностите, кои беа реализирани во текот на првото полугодие, изнесувајќи свои ставови и впечатоци.
Во текот на полугодието, се одржа дебата и се реализираше работилница на тема: ,,Нашата училишна соработка и комуникација”, со цел да се постигнат успешни резултати во градење меѓуврсничка комуникација и соработка. Учениците дадоа повеќе предлози – активности, на пример: караоке, спортски игри, пешачење во блиската околина и сл. кои се реализираа до крајот на учебната година, со цел да се развива другарството и соработката меѓу учениците.
По повод немилиот настан во Кочани, учениците со едноминутно молчење, им оддадоа почит на починатите во пожарот, напишаа свои пораки, кои се чуваат во Кутијата на жалост и на крај, пуштија балони.
Претставници од Црвен крст на Република Северна Македонија, Општинска организација Велес, одржаа предавање на тема: ,,Борба против болести на зависности”, преку кое учениците се запознаа со поимот зависност, како и со последиците од употребата на цигари, алкохол и дрога. Предавањето помина во пријатна атмосфера со интеракција, прашања и размена на идеи, а учениците стекнаа корисни совети, кои ќе им придонесат поздрав начин на живеењеУчениците, ја изгласаа ученичката од деветто одделение, Ивона Богдановиќ, како предлог за првенец на генерација, од Иванковци, а од Сујаклари беше изгласана ученичката Ивона Андреева.На крајот од учебната година, се дискутираше за донесување предлог-програма за работа во следната учебна година, меѓу што беше предложено: да бидат поканети претставници од Територијална противпожарна единица на Општина Велес, претставници од Локален совет за превенција на детско престапништво, Општина Велес, претставници од Црвен крст на Република Северна Македонија, Општинска организација Велес, кои ќе одржат предавање на одредена тема. А, еден од главните предлози на учениците е доуредувањето и разубавувањето на училишниот двор.Сите реализирани активности имаа цел да го развијат другарството меѓу учениците, укажувајќи им дека преку нивна соработка и помагање може да постигнат подобри резултати и да го збогатат своето знаење.

**Одговорен наставник**
**Мирјана Пановска**
**Педагог, Елена Илиева Недев**

## ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТАТА НА СТРУЧНИТЕ АКТИВИ

**Анализа од работата на стручните активи**
**Во нашето училиште функционираат четири стручни активи:**

- **Актив на одделенска настава**,
- **Актив на природни науки ,**
- **Актив на општествени науки и**
- **Актив на уметност, техника и спорт**

Сите активи одржаа средби на кои се разговараше за плановите и програмите, отворените и нагледни часови, интегрирање на наставните содржини и проектни активности. Секој актив има изработено годишен план каде истиот е доставен од претседателите на активите.

## ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТАТА НА АКТИВ НА ОДДЕЛЕНСКИ НАСТАВНИЦИ

Одделенскиот актив во нашето училиште го сочинуваат следниве паралелки:
с. Мамутчево 4 и 5 одделенски наставник, Билјана Тренчова Ботарева
с.Отовица–комбинирана паралелка 1, 2 и 5 одд.одделенски наставник,Далиборка Крстевска
с. Сујаклари – комбинирана паралелка ,1,2,3, и 5 одд наставник, Александра Кузмановска
с. Иванковци – 1 одделенски наставник,Охрида Колодрзни
с. Иванковци – 2 – одделенски наставник, Анета Јакимовска
с. Иванковци - 3 – одделенски наставник, Златко Јанев
с. Иванковци – 4 – одделенски наставник, Панче Бошков
с. Иванковци – 5- одделенски наставник, Емилија Илиева
Наставата во нашето училиште се одвиваше без отстапување.
Во текот на учебната 2024 – 2025 год, одделенските раководители реализираа содржини и активности планирани со Годишната програма за работа, а изготвена на почетокот на учебната година. Сите активности се реализираа тековно според планот за воннаставни активности кои беше изготвен во месец септември од страна на одделенскиот актив.
**Реализирани се следниве активности во учебната 2024-2025 година:**
Октомври -2024– Детска недела ( училишни активности)
Октомври- 2024 -Свечен прием на првачињата во Детската организација
Октомври- 2024- Работилници на тема –Поздрав на есента ,Ноември- 2024-Театарска престава,, Мачорот во чизми,, театар Ј.Х.К. Џинот.
Декември- 2024 – Новогодишна програма во сите училишта.
Февруари- 2025- Куклен театар ,,Добрата Јана и лошиот дедо,,
Март 2025-Изработка на осмомартовска честитка.
Март 2025-Обележувањетона денот на пролетта
Март 2025-Учество во програмата по повод патроноиот празник на училиштето
Април 2025- Еколошка работилница-Уредување на училишниот двор
Април 2025 -Априлијада-Изработка на маски
Април- 2025- Ден на планетата Земја
Април 2025 Велигденски хепенинг-работилница
Април- 2025- Посета на Природниот Музеј во Скопје и З.О.Г.
Јуни 2025 -Меѓународен Ден на детето
Предавања по повод државни и национални празници.
Предавање на тема-Опасностите од употреба на петарди и заштита
Учество на натпревари и конкурси организирани од други училишта.
**Наставниците од Одделенскиот актив реализираа и други содржини планирани со Годишната програма за работа на активот:**
Месечно реализирање на активности од проектот МИО и ЕКО.
Активот одржа неколку работни средби со присуство на сите членови каде се разговараше и се направи договор за оддржување на отворени и нагледни часови на почетокот на учебната година.Активот на одделенска настава, тековно учествуваа на сите манифестации организирани од локалната самоуправа.
За сите реализирани состаноци претседателот на активот изготвува дневен ред, листа за присуство и извештај од самата средба.

**Претседател на стручен актив**
**Златко Јанев**

## ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТАТА НА СТРУЧНИОТ АКТИВ ПРИРОДНИ НАУКИ

Стручниот актив по предметите по природни науки одржа состанок на кои се разговараше за различните пристапи, методи и техники како да се подобри наставата по природни науки.
На почетокот на учебната година стручниот актив на наставници по природни науки предаваат програма со наведени нагледни часови по еден час од наставниците во тековната година.

| Наставник Име и презиме | предмет | Наставна содржина | одделение | Месец на реализација |
|---|---|---|---|---|
| Андријана Кариланова | математика | Решавање равенки | VI | февруари |
| Андријана Сарагиновска | биологија | Составни делови на избалансирана исхрана | VIII | ноември |
| Катерина Петрова | географија | Заштита на водите од загадување | VII | Мај |
| Марина Јанушевска | математика | Класификација и својства на четириаголници | VIII | Април |
| Снежана Шупевска | физка | Час за повторување за трансфер на топлина и изолација | IX | Декември |

Наставниците  кои се дел од стручниот актив по природни науки на состанок на почетокот на годината разговараа за програмата на стручниот актив и потребен материјал за изведување на наставата по предметите од активот, во текот на полугодието се набави со многу нагледни средства соодветни за предметите од активот.
Во текот на годината  наставниците активно учествуваа во многу работилници, предавања, квизови и др.
Од страна на наставничката по географија беше реализирана научно-теренска настава по предвидена програма (железнички собраќај и планетариум).
Исто така заедно со наставничката по географија учествуваа во работилница каде изработија нагледни средства.
Наставничката Андријана Кариланова учествуваше на математички игри,, Математиката е игра каде поимите се правила а броевите се играчи,, организирано од Здружение на математичари, исто така зема учество во натпреварот Дабар 2024.
Наставниците од природни науки активот земаа учество во различни квизови по повод патронатите на училиштата: квиз натпревар по математика и природни науки по повод патронатот на Димитрија Чуповски - Андријана Кариланова, наставничката Андријана Сарагиновска заедно со учениците учествуваше во квиз натпревар под мотото ,, Знаење зграби и љубов подари,, организран од ООУ,,Блаже Конески ,, -Велес, исто така ученици учествуваа со творби по повод патрониот празник на ООУ ,,Васил Главинов ,, на тема Питагорова спирала. Исто така се реализираа различни работилници како ,,Колку математика има во електрониката,, органзираана од ДСУ ,, Коле Неделковски, работилници од Еко календарот – со наставничката Андријана Сарагиновска.
Наставничката по географија Катерина Петрова и педагогот на училиштето заедно реализираа едно едукативно предавање на тема:
Превенција од злоупотреба на пиротехнички средства. Додека, по повод Светскиот ден на пчелата се реализираа интересни работилница и предавање со наставничките Андријана Сарагиновска, Маринела Пановска и Тања Милошева.



Наставничката Марина Јанушевска одржа работилница  за изработка на нагледни средства со учениците од осмо одделение.
Потоа, се зема учество во Пролетното чистење како дел од  акцијата Генералка викенд.Активот редовно одржуваше средби во училиштето и разговараше за планираните и реализираните активности каде најчесто се споделуваа идеи, мисленња и се даваан предлози.

**Одговорен наставник: Андријана Сарагиновска**

## ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТАТА НА СТРУЧНИОТ АКТИВ УМЕТНОСТ, ТЕХНИКА, СПОРТ

Во текот на оваа учебна 2024/2025 година стручниот актив Уметност, техника, спорт ги одржа редовните состаноци раководејќи се според програмата за работа на овој актив.

- Наставата по музичко образование ја изведуваше наставник со несоодветно образование, бидејќи не се пријави ниту еден наставник за работа по музичко образование.
- Направен е распоред по кој се реализира дополнителна и додатна настава со другите активи
- Реализирани се работилници по ликовно образование (за одбележување ма соодетни денови, празници или настани) и учествувано е на ликовни конкурси распишани од други училишта и институции
- Наставниците по физичко и здравствено образование организираа турнир во шах по повод Денот на училиштето, како и спортски игри за учениците од прво до петто одделение.
- Наставникот по техничко образование и информатика се вклучи во Интернационалниот натпревар Дабар со голем број на ученици, за што училиштето допи и Уверение за учество.
- Согледана е состојбата во однос на успехот на крајот од учебната година и разговарано е за негово подобрување.

**Одговорен наставник: Весна Христовска**

## ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТАТА НА СТРУЧНИОТ АКТИВ ПО ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ

Во текот на учебната 2024/2025 година Активот имаше повеќе предвидени цели и активности кои беа реализирани во целост. Покрај предвидените активности, беа реализирани и други активности за кои тековно се појави потреба. Нашиот актив имаше две главни полиња на работа – планирање на работата на Активот и реализација на предвидените активности. Планирањето беше извршено во Август 2024 со полна соработка од сите членови на Активот. Во рамките на планирањето беа зацртани цели на Активот, за кои понатаму беа конципирани и предвидени соодветни активности. Нивната реализација одеше тековно по месеци, скоро без или со минимални отстапувања од планираното.Соработката со другите активи како Активот по природни науки се реализираше тековно.
Секој месец се реализираа презентација и дебата по предметот Граѓанско образование на наставничката Македонка Арсовска, преку работилница по повод 4 Октомври, Светскиот ден на животните од страна на наставниката по македонски јазик Маја Стојанова, Одележување и литературно читање по повод 5 Октомври, Светскиот ден на учителот од страна на наставничката Маја Стојанова, Предавање по повод 8 Септември, Ден на независноста на Р.С.Македонија, предавање по повод 23 Октомври, од страна на наставникот Александар Ѓорѓиев, се реализираше Европскиот ден на јазиците – ,,Колку јазици знаеш за толку луѓе,, од страна на наставничката по германски јазик, Марија Димова, Одбележување на Европската недела на мобилност 2024 - ,,Пешачиме низ велешките маала и сокаци,,(размена на идеи, пешачење и посета на Спомен – куќата на Кочо Рацин), одблежување на 26 Септември – Европски ден на јазиците (препејување на рефренот од песната ,,Ангел си ти,,од Тоше Проески на македонски, англиски и германски јазик, 5 Октомври, Светски ден учителот (квиз и работилница), Ден на македонската револуционерна борба, предавање по повод 8 Декември, Св.Климент Охридски од страна на наставникот по историја, Александрар Ѓорѓиев, државните празници, под менторство на наставниците по историја, Македонка Арсовска и Александар Ѓорѓиев.
Преку предавање се обележа и Месецот на книгата. Во рамките на Денот на литература за деца се одржа активност во соработка со наставници и ученици, во реализација на наставничката по македонски јазик, Мирјана Пановска, работилница – анализа и интерпретација на народна приказна – (,,Јас предложувам народна приказна, прочитај и ти,,).

По повод Денот на учителот се одржа литературно читање во централното и подрачното училиште во Сујаклари, Работилница за изработка на рачни творби по повод Ноќ на вештерките, по повод одбележувањето на 8 Декември, Ден на св.Климент Охридски, во нашето училиште ООУ "Стојан Бурчевски Буридан,, П.У Сујаклари, учениците од предметна настава

активно земаа учество во работилницата заедно со наставникот по историја, Александар Ѓорѓиев. Беа реализирани новогодишни работилници од страна на наставничките по Англиски јазик, Маринела Пановска и по германски јазик, Марија Димова, работилница, приредба и продажен базар - ,,Дедо Мраз - пак кај нас,, , реализирање на Новогодишна програма на тема: ,,Постои ли Дедо Мраз?,, од стана на наставничката по македонски јазик, Маја Стојанова.Се реализираше и претставата ,,Добрата Јана и лошиот дедо,, - (куклен театар), работилница - Денот на вљубените, одбележување на 21 Февруари – Ден на мајчиниот јазик, културно – историски споменици во нашата татковина. По повод новогодишните празници, наставничката по македонски јазик, Маја Стојанова подготви приредба, која се изведе во подрачното училиште во с.Сујаклари.
Воедно, наставничката по англиски јазик, Маринела Пановска подготви изработка на новогодишен базар со учениците од шесто до деветто одделение во училиштето во с. Иванковци.
Наставничката Мирјана Пановска реализираше интерен натпревар за избор на највпечатлива новогодишна презентација. По повод 21 Февруари – Меѓународниот ден на мајчиниот јазик, учениците од VIII и IX одд., со нивниот одговорен наставник, Мирјана Пановска, одржаа предавање, работилница и квиз, во која презентираа цитати од познати македонски културни дејци, со цел да го негуваат мајчиниот јазик, како завет од прадедовците.Реализирани беа работилници во нашето училиште по повод 8 Март, Меѓународниот ден на жената, Одбележување на 21 Март – Светски ден на поезијата – (предавање), Работилница по повод 8 - ми Март, Денот на жената, Работилница по повод Денот на жената на тема: Среќен 8 - ми Март мамо,,. Работилница и приредба по повод Денот на жената на тема: ,,Празникот на мама,,,Програма и активности по повод Патрониот празник на ООУ ,,Стојан Бурчевски Буридан,, , велигденска работилница, Програма по повод Патрониот празник на училиштето, Денови на германскиот филм, одбележување на 2 Април – Светски ден на литературата за деца – (предавање), предавање од Црвен крст на тема: ,,Борба против болести и зависност,, одбележување на 24 Мај – Ден на сесловенските просветители – (предавање и квиз), Проект - ,,Еко - Оаза,, - уредување на училишниот двор во училиштето во с.Иванковци, работилница по повод Светскиот ден на пчелата.Во текот на годината се одржаа нагледни часови според планираната програма.Истите беа реализирани од страна на наставници, кои уредно беа документирани со записник од страна на службата.

**Одговорен наставник: Маја Стојанова**

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ ВО НАШЕТО УЧИЛИШТЕ

### Извештај од активностите на Еко проектот

На почетокот на учебната година се формираше Еко тим.




Во текот на учебната година се реализираа многу работилници и предавања кои се во согласност со еко календарот, и имаа за цел поврзување со наставната програма посебно со природните науки.Исто така се прави месечен извештај за спроведените активности, поставување на цели и планирање на активности за наредниот месец. Се одбележаа еколошките денови, преку еколошка едукација на учениците и пошироката заедница, се со цел подигање на еколошката свест, и зголемување на личната одговорност.
Снимање на тековната состојба во училиштето во врска со создавањето на отпад; потрошувачката на енергија и вода.За еко акцијата Генералка викенд во која се вклучи училиштето беа доделени дипломи. Од Еко Календарот се одбележаа повеќе од активностите кои се спроведоа од страна на еко координаторот како и другите наставници.Исто така се реализира работилница по повод Светски ден на пчелата на 20 мај од страна на еко координаторот и наставниците Маринела Пановска и Тања Милошева Петрушева. Се реализираа еко акции како Пролетно чистење и Генералка викенд.
По повод Патрониот празник на училиштето се реализираше Еко акција, Еко Оаза за разубавување и уредување на училишниот двор.

Календарот за активности е наведен во табелата:

| | |
|---|---|
| 16 септември | Светски ден за заштита на озонската обвивка |
| 22 септември | Меѓународен ден без автомобили |
| 8 октомври | Меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата |
| 15 октомври | Меѓународен ден на пешаците |
| 16 октомври | Меѓународен ден на храната |
| 29 декември | Меѓународен ден на биодиверзитетот |
| 3 март | Светски ден за заштеда на енергија |
| 21 март | Ден на пролетта (активности за заштита на околината) |
| 22 март | Светски ден за заштеда на водите |
| 7 април | Светски ден на здравјето |
| 22 април | Светски ден на планетата |
| 15 мај | Светски ден за заштита на климата |
| 31 мај | Светски ден против пушењето |
| 5 јуни | Светски ден за заштита на животната средина |
| Ден на акција на еко-училиштата- се реализира два пати во текот на една учебна година<br>Акции за пошумување | |

## Извештај од Меѓуетничка интеграција во образованието

Проектот Меѓуетничка интеграција во образованието е со цел да се постигнат позитивни ефекти кај учениците во насока на нивно оспособување за комуникација, интеракција и соработка со ученици од другите етнички групи. Очекуваните исходи се постигнување на одлична взаемна комуникација помеѓу двете партнерски училишта ООУ,, Стојан Бурчевски Буридан”с. Иванковци и ООУ,,Лириа” с.Бузалково. Создавање на позитивни ефекти од интеракција и можност да се разберат и почитуваат различните гледишта и разликите во потребите и начинот на живеење. Потоа, потполна интеракција помеѓу наставниците, родителите и учениците и подобрување на меѓуетничките односи со отфрлање на стереотипите и предрасудите. МИО тимот согласно член 46 став 4 од Законот за основно образование, на 30 10 2024 година аплицираше за грант со партнер училиштето ООУ „Лирија“с. Бузалково. По тој основ се доби решение за додлување на средства за реализација на активностите кои придонесуваат за развој и унапредување на мултикултрализмот, меѓуетничката интеграција и толеранција во основните училишта.

Средбата ќе биде реализирана во учебната 2025-2026 година.

| | | | |
|---|---|---|---|
| 39 | Карпош ООУ „Владо Тасевски“/ Karposh SHFK „Vllado Tasevski“ | Карпош/Чаир Karposh /Çair | Чаир ООУ „Хасан Приштина“ Чаир/ Çair SHFK „Hasan Prishtina “ Çair |
| 40 | Велес ООУ „Рајко Жинзифов“ с.Горно Оризари/Veles SHFK „Rajko Zhinzifov“ f. Orizare e Epërme | Велес/Veles | Велес ООУ „Блаже Конески“/Veles SHFK „Bllazhe Koneski“ |
| **41** | **Велес ООУ „Стојан Бурчевски Буридан“ с.Иванковци/Veles SHFK „Stojan Burçevski Buridan“ f. Ivankovcë** | **Велес/Veles** | **Велес ООУ „Лирија“ с.Бузалково/Veles SHFK „Liria“ f.Buzallkovë** |
| 42 | Старо Нагоричане ООУ„Христијан Карпош“ с.Младо | Старо Нагоричане | Старо Нагоричане ООУ„Светозар |

**Реализирани интерни работилници со вклучени МИО активности во нашето училиште**

| МИО работилници | Мио активности | Организатори на реализираните активности | Целна група | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|
| Активности по повод Новогодишните и Божиќни празници<br>Хуманитарни акции<br>Априлијада<br>Велигденски празници | -Изработување на Новогодишни експонати<br>- Приредба по повод Новогодишните и Божиќни празници<br>Априлијада(деца под маски)<br>- Велигденски празници(експонати и бојадисување на јајца) | Директор,Педагог<br>МИО тим, одговорни наставаници Ученици од одделенска и предметна настава П.У Сујаклари, П.У Отовица, П.У Мамутчево Иванковци | Ученици д I-V и VI-IX одделение | тековно |

Проектот МИО и понатаму успешно се реализира и во редовната настава преку редовните часеви од страна на наставниците. За оваа учебна година вкупно беа реализирани 241 час МИО во рамките на редовната настава. Истите се наведени во инструментите изготвени од страна на класните раководители.

**Изготвил,Педагог: Елена Илиева Недев**
**МИО кординатор: Александар Ѓорѓиев**
**Членови:МИО тим**

## Извештај од програмата за антикорупциска едукација на учениците

Во нашето училиште се пристапи кон реализирање на програмата за антикорупциска едукација на учениците.Наставникот Аександар Ѓоргиев изготви програма и пристапи кон нејзино реализирање заедно со учениците.

**Реализација на активностите :**

| Наставна содржина | Време на реализација | Релизирани цели | Реализатори | Вид на активност |
|---|---|---|---|---|
| Предзнаење и водење во корупција и антикорупција | септември | Да се согледаат предзнаењата на учениците | Александар Ѓоргиев | Пополнување на прашалник од страна на учениците |
| Причина и последици од корупцијата | ноември | Да се запознаат со поимите корупција,антикорупција,интегритет,социјален притисок,етичност, Да знаат за облиците во кои може да се појави корупција и начинот на спречување и заштита од истата, Да го сфатат штетното влијание на корупцијата во општеството Да ги согледаат причините и последиците од корупцијата | Александар Ѓоргиев | Говорна активност, предавање, работилница Потполнување на работен лист од страна на учениците |
| Стекнување на основни знаења за корупција и антикорупција | февруари | Да се запознаат со поимите корупција,антикорупција,интегритет ,социјален притисок,етичност, Да знаат за облиците во кои може да се појави корупција и начинот на спречување и заштита од истата, Да ги препознаваат механизмите за спречување на корупција Да го сфатат штетното влијание на корупцијата во општеството Да ја сфатат улогата на Државната комисија за спречување на корупција во нашата држава и механизмите преку кои таа делува | Александар Ѓоргиев | Предавање, вежби крстозбор дискусија-разговор со учениците на дадена тема работилница |
| Активна борба против корупцијата | април | Да се запознаат што значи,,одлевање на социјален притисок,, да знаат за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата Да го сфатат штетното влијание на корупцијата во општеството Активна борба против самата корупција | Александар Ѓоргиев | Работилница, дискусија со учениците Пополнување на прашалник за учениците |
| Утврдување на знаењата за корупција и антикорупција | јуни | Да се утврдат знаењата Да се види дали учениците научилие и совладале знаења одпрограмата за антикорупциска едукација | Александар Ѓоргиев | Говорна активност Пополнување на прашалник од страна на учениците |

Учениците пополнуваа прашалници, со цел да се согледаат нивните предзнаења за корупција и антикорупција. Првата работилница се одржа крајот на септември 2024 година со пополнување на прашалник на тема Корупција.

Учениците преку презентација се запознаа со поимите корупција, антикорупција, интегритет, социјален притисок, етичност; да знаат за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата; да го сфатат штетното влијание на корупцијата во

општеството. Учениците изработуваат хамер на тема Причини и последици од Корупцијата Втората работилница се реализираше во февруари 2025 година на која преку предавање; power point презентација и дискусија учениците се стекнаа со основни знаења за корупција и антикорупција знаат за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата, да ги препознаваат механизмите за спречување на корупцијата, го сфатија штетното влијание на корупцијата во општеството, ја сфатија улогата на Државната комисија за спречување на корупција во Република Северна Македонија и механизмите преку кои таа делува.Третата работилница се реализираше почетокот на април 2025 година преку предавање на претставник на Министерството за Внатрешни работи на која учениците се запозна со активната борба против корупцијата и на крај повторно го пополнуваа прашалникот со кој се учениците го претставија знаењето за корупција и антикорупција. Ученци кои учествуваа во работилниците се од предметна настава од централното и подрачното училиште.

**Одговорен наставник: Александар Ѓорѓиев**

## Извештај од Заедничка грижа за правилно насочување на учениците

Во учебанта **2024-2025 година** во нашето училиште тековно се реализираа предвидените активности со годишниот план од проектот „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“.Проектот ги опфаќа учениците, наставниците и службата, при што сите планирани средби се реализираа со голем интерес и вклученост на родителите. Во прилог табелата на реализирани активности по дадени теми во функција на унапредување на здравјето на учениците.

**Реализирани активности од проектот**
**„Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“**

| Наслов на активностите | Активност | Реализатори | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| **Еко ден** | Одбележување на Европската недела на мобилност 2024<br>Пешачиме низ Велешките маала и сокаци | Општина Велес<br>Одговорни на проектот наставници,родители, ученици, педагог | Септември |
| **Родителска отворена средба** | Разговор за успехот на учениците во првото полугодие | Родители, наставници (предметна и одделенска настава), ученици, педагог | Октомври |
| **,,Прочитав јас-прочитај и ти"**<br>Работилница анализа и интерпретација на народна приказна | Учениците, родителите и наставниците претставија по една народна приказна, која најмногу им се допаднала и им оставила најдобар впечаток, како интересна и корисна на останатите соученици, со цел да се развие интерес и љубов кон читањето приказни и да се зголеми бројот на читатели во нашето училиште, а на крај од активноста се изработи и хамер за Итар Пејо. | Одговорен наставник по македонски јазик Мирјана Пановска<br>Ученици од предметна настава од Иванковци родители, педагог | Октомври<br>Ноември |
| **Приредба и хуманитарен базар** | Приредба по повод Новогодишните празници<br>Реализација на хуманитарен базар | Родители, наставници предметна и одделенска настава),ученици, педагог | Декември |
| **Одиме на теренска настава и излет** | Излет во блиската околина | Родители, оддленски и предметни наставници,ученици, педагог | Април<br>Мај |
| **Родителот е наставник** | Предавање од страна на родителот на одрдена тема од земјоделие | Родители,наставници (предметна) ученици, педагог | Мај |

Учениците и родителите беа мотивирани и земаа активно учество во сите активности. Активностите ги организираше одговорниот наставник Мирјана Пановска, додека документацијата ја водеше педагогот на училиштето.
Проектот и понатаму успешно се реализира во нашето училиште и по реализацијата на сите активности се изготвува полугодишен и годишен извештај и се доставува по дописот, по електронки пат.

**Изготвиле: Мирјана Пановска**
**Педагог, Елена Илиева Недев**

## Извештај од Општествено хуманитарна работа

Целите и задачите на вклучување на учениците во општествено хуманитарна работа и оваа учебна година се да се развие позитивниот став кон трудот, чувство за одговорност пр и работа, да се развие љубов кон природата и природните убавини, да се создадат навики за одржување на хигиената на училиштето и неговата околина, подигнување на нивото на здравствената култура, водење постојана грижа за здравјето преку здрава исхрана, потоа чување и одржување на зелените површини како и развивање свест за хуманитарни активности кај учениците.
Општествено хуманитарните активности се релизираа тековно.
За истите се води редовна евиденција во дневниците на наставниците и документацијата кај педагогот на училиштето.

**Реализација на општествено хуманитарни активности**

| Хуманитарни активности | Организатори/реализатори/ учесници | Цели | Датум |
|---|---|---|---|
| **Хуманитарна донација** за учениците од I-IX одделение (Ранчиња и училишен материјал) | Семејство Игор и Оливера Здравковски Ученици и наставници од одделенска настава | По повод успешен и среќен почеток на учениците | 02 09 2024 |
| **Подарокот - ваучер**, добиен за нашите ученици од прво одделение со можност бесплатно зачленување во Локалната библиотеката. | Локалната библиотеката Велес | Да навлезат во прекрасниот свет на книгите Навика за континуирано читање | 01 10 2024 |
| **Хуманитарна донација** | Ученички парламент | Со насочена донација за здравјето на нашата ученичка | 23 12 2024 |
| **Хуманитарна акција** Новогодишни пакетчиња и едукативен материјал за Детското одделение при ЈЗО Општа Болница-Велес | Одговорен наставник Маринела Пановска Ученици, наставници, педагог, директор на училиштето | Насмевки, радости на детските лица, исполнети срца со желби за брзо оздравување | 27 12 2024 |
| **Хуманитарна донација** за учениците од I-V одделение од с. Иванковци (Новогодишни пакетчиња) | Невладината организација СПОНА Директор, Трајче Недев Педагог, Елена Илиева Недев Одговорен наставник Златко Јанев | По повод Новогодишните и Божиќните празници | 27 01 2025 |

**Одговорен наставник: Катеринчо Груев**
**Евидентирал: Педагог, Елена Илиева Недев**

## Извештај за реализирана хуманитарна работилница за изработка на Новогодишни украси



На ден 18.12.2024 година, новогодишна работилница се одржа во с. Иванковци, додека на ден 19.12.2024 година истата работилница беше реализирана во с. Сујаклари. Работилницата беше организирана со ученици од шесто до деветто одделение, со цел да се поттикне креативноста, тимската работа и празничниот дух кај учениците.

**Организатори и учесници**
Работилницата беше организирана од наставничката по Англиски јазик Маринела пановска, со поддршка од класните раководители, директорот, педагогот во училиштето и родителите . Учествуваа ученици од шесто, седмо, осмо и деветто одделение, со вкупно:
- **с. Иванковци:** 26 ученика
- **с. Сујаклари:** 13 ученика

**Цел на активноста**
Главната цел на работилницата беше да се изработат новогодишни украси од еколошки и рециклирани материјали. Дополнително, целта беше да се развијат естетските вештини, да се промовира одржливоста и да се создаде празнична атмосфера во училиштата.
**Тек на активноста**
1. **Вовед:**
   - Наставниците им објаснија на учениците за значењето на рециклирањето и користењето на природни материјали.
   - Беше демонстриран процесот на изработка на неколку примероци на украси.
2. **Практична работа:**
   - Учениците, поделени во тимови, започнаа со изработка на украси, користејќи разни материјали како картон, текстил, пластика, шишарки и боички.
   - Наставниците и волонтерите им помагаа во реализацијата на идеите.
3. **Изложба:**
   - На крајот од секоја работилница, изработените украси беа изложени и оценети од страна на присутните.

**Резултати и впечатоци**
Работилницата помина во одлична атмосфера, полна со забава, креативност и тимски дух. Изработените украси ќе бидат искористени за продажба на новогодишниот хуманитарен базар. Учениците изразија задоволство од активноста и ја истакнаа желбата за повторно организирање на слични настани.
**Заклучок**
Работилницата беше успешна и ги исполни поставените цели.
Наставниците препорачуваат вакви активности да се реализираат редовно, со цел дополнително развивање на креативноста и еколошката свест кај учениците.

**Одговорен наставник: Маринела Пановска**

## ИЗВЕШТАЈ ОД РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАБОТИЛНИЦИ, ПРИРЕДБИ И БАЗАРИ

### ИЗВЕШТАЈ ОД УЧЕНИЦИТЕ ОД ИВАНКОВЦИ

Во ООУ„Стојан Бурчевски Буридан“ – с.Иванковци во одделеленска настава се реализираа вонаставни активности.



√ **Прием на првачиња** – На ден 2.9.2024(понеделник) во нашето училиште се пречекаа првачињата.Првачињата ги пречека нивната наставничка Олика Колодезни.Учениците од другите одделенија со нивните одделенски наставници направија програма со рецитирање на песнички.
√ **Работилница„Боите на есентта** “- На ден 26.9.2024(четврток) учениците од одделенска настава реализираа работилница за есента. Сите ученици во од одделенска настава заедно со нивните одделнески наставници земаа учество во работнилницата.
√ **Активности за детска недела**
Во ООУ„Стојан Бурчевски Буридан“ – се реализираше обележување на Детската недела под МОТО: **„Правата на детето - безбеден чекор кон среќно детство!“**
-На ден 7.10.2024( понеделник) се реализираа активности за запознавање на на учениците со нивните права и обврски,како и истакнување на одредбите (Конвенцијата за правата на детето) за одбележување на Светскиот ден на детето.
-На ден 8.10.2024 (вторник) се реализрираше работилница на тема:

„Правата на детето-безбеден чекор кон среќно детство“. Учениците активно се вклучија во активноста преку нивните креативни изработки и љубов кон
творењето и ликовното изразување.Актинвоста допринесе задоволство, радост, смеа, меѓусебно дружење меѓу учениците.

-На ден 9.10.2024 (среда) се реализираше активноста- Спортски активности.Сите ученици активно се вклучија во активноста и со задоволство ги прифаќаа правилата на игрите и сите заедно го почуствува натпреварувачкиот дух, другарувањето и забавата.

-На 10.10.2024 (четврток) се реализираше активност -Прием на првачињата во Детската организација. Учениците со мала претстава ги поздравија првачињата. На сите првачиња им посакуваме среќно и успешно да чекорат по патот на школувањето.

√ **Театарска претстава "Мачорот во чизми", театар Ј.Х.К. - Џинот, Велес**

На ден 5.11.2024 (вторник) Учениците го посетија театарот Јордан Х.К. - Џинот,каде што ја гледаа и уживаа во претставата за деца "Мачорот во чизми" работена според приказната на Шарл Шеро.

√ **Новогодишна претстава и новогодишна работилница„Новогодишни желби и радости“**

На ден 23.12.2024 (понеделник) учениците од нашето училиште учествуваа во новогодишна приредба кои ја подготвија со своите наставници. Преку стихотворби, песнички, ритмички точки и драматизација учениците ни посакаа Среќна Нова година, Новогодишни и Божиќни празници.

√ На 19.2.2025 Пред учениците од одделенска настава беше прикажана **куклената претстава „Добрата Јана и лошиот дедо“** од Куклениот театар „КРИН“. Учениците беа воодушевени и задоволни од убавата изведба на актерите.

√**Приредби и работилници „Празникот на мама“** ( 6.3.-7.3.2025) –Заедно со наставничката по Англиски јазик Рената Есенчева и наставниците од одделенска настава се одржаа работилници и претстава за денот на мајктата.

√ **Работилница„Пролет мила дојде“** На ден 21.3.2025 преку работилница учениците го одбележаа пристигнувањето на пролетта.

√ **Одбележување на денот на шегата„Априлијада 2025“** На 1.4.2025 учениците низ маски го одбележаа денот на шегата.

√ **Одбележување на Велигден преку работилница „Велигденско јајце“ и Велигденски базар„Велигденски радости“**(15.4.-17.4.2025).

Во овие активности учениците заедно со своите родители успешно придонесоа да се реализираат предвидените активности:

√ **Одбележување на Денот на планетата** Земја –На ден 22.4.2025 учениците преку пишуваа еко пораки се вклучија во одбележувањето на денот на нашата планета.

√ **Посета на Природонаучен Музеј и Скопје ЗОО** (Да се запознаеме со биодиверзитетот). На ден 23.4.2025 учениците заедно со одделенските наставниците и предметниотнаставник по природни науки Катерина Петрова го посетија Природонаучен Музеј и Скопје ЗОО.

Одделенските наставници редовно одржуваа средби преку текот на целата учебна година со одлична соработка и договор за сите активности.Учениците земаа учество во сите активности и самостојно даваа идеи за реализација на нови планирани активности за следната учебна година.

**Одделенски наставници**
**од с.Иванковци**

**ИЗВЕШТАЈ ОД УЧЕНИЦИТЕ ОД КОМБИНИРАНАТА ПАРАЛЕЛКА ОД С. СУЈАКЛАРИ**

**1. Воннаставна активност - *,,Програма за прием на првачиња и ученици“,***



На ден 02.09.2024 година започна новата учебна година во која уредно се примени првачињата. Тие се запознаа со редот и дисциплината во училиштето и училницаа. Потоа свечено беа обележани како ученици, првачиња со беџови и др разни материјали кои ќе ни помогнат во понатамошното учење. За да ни биде уште по забавно на првиот школски час се слушаа песнички од Биби и Боби. Се пееја уште многу други песни и раскажуваа летни авантури.

Ајде на училиште, се црташе летниот одмор на табла.

**2. Воннаставна активност - тема *,, Есен во моето училиште“.***

На ден 20.09.2024 година се реализираше втората работилница на тема**,, Есен во моето училиште“.**

Учениците изработуваа Есенски ликовни творби со лепење и боење на листови од дрвја. Боевме и сечевме листови и матријали за работилницата кои ги закачивме на таблото. Учениците од прво одделение изработуваа верверички со есенски листови како симбол на есенско животно а другите одделенија изработуаа шумското животно еж. Учениците од петто одделение изработуваа печат од лист на часот по ликовно и шарена тиква. Учениците од четврто одделение изработуваа дрва со лепење на есенски листови и улениците од трето одделение изработуваа форма тикви и боеаја. Есенски овошја и зеленуци се набројуваа за време на работилницата, со кој зеленшук се прави зимница, омилено овошје на секој ученик и зеленчук. За крај сите заедно изработувавме ежови од компири со чичкалици. Учениците беа многу креативни и исполнети со многу возбуда.

По повод Детска недела со МОТО: Правата на детето - безбеден чекор кон среќно детство се одржаа следниве активности:

На ден 07.10.2024год се запозна учениците со нивните права и обврски, и истакнување на одредбите читање на (Конвенцијата за правата на детето). Запознавање со детските права и почитување и учење на правата на децата. Со презентација се продлабочи темата на правата на децата

-На ден 08.10.2024година се одржа Работилница на тема Правата на детето-безбеден чекор кон среќно детство. Учениците од I, III, IV и V одделение изработува разни цртежи и потребни материјали каде сечеа и лепеа за Изработка на на хамерот.Тие со многу љубов и креативност изработија разни цртежи и на нив ги запишаа своите права и обврски. Целта на оваа ние е сите да сме задоволни, радосни, исполнети со смеа, и меѓусебно дружење.

-На 09.10.2024година се одржаа - Спортски активности (Заеднички спортски активности) заедно со учениците од подрачните училишта Отовица и Мамутчево. Започнавме со вежби за правилен расти равој .Потоа продолживме со разни игри кои ги развиваат физичките,функционалните и психомоторните способности. Учениците Заедно се другаруваа и спортува заедно со наставникот по ФЗО. Се одржаа разни игри натпревари и полигон за трчање.

-На ден 10.10.2024год се одржа- Цртање со креда во училишниот двор. Учениците со својата креативност нацртаа разни цртежи во училишниот двор со разни креди во боја.Се црташе: цвеке, куќа, деца, срциња,ѕвезди и сл. Тие меѓусебно се дружеа комуницираа и другаруваа.

На самиот крај се одржа Приемот на првачињата во Детската организација каде тие добија беџови со нивно име во знак на ѕвезда. Потоа др ученици ни кажаа по една стихотвотба.

Тие бе исполнети со чувство на среќа,возбуда, и радост како веке дел од Детската организација. Потоа следни активности кои се реализираа во тековнта учеба година се:

**Воннаставна активност ,,Halloween" -*Денот на вештерките***

По повод Денот на вештерките или ,,Halloween" се одржа работилница на 20.10.2024година. Заедно со наставничката по Англиски јазик-Рената Есенчева ја осмисливме работилницата наменета за ученците. Најпрво учениците се опуштија со песни за **,,Halloween"** каде истовремено пееја и боеаја цртежи поврзани со денот на вештерките. Потоа се правеа вештерки и духови од хартија каде учениците на свој начин ги украсуваа. Тиквите кои ги донесоа учениците се вдлабнуваа и сечеа и во нив се ставаа свеќи кои светат. За крај сите маскирани игравме, глумевме и пеевме разни песни на Македонски и Англиски Јазик по повод денот на вештерките.

**Воннаставна активност –** театарска претстава ***,,Мачорот во чизми”***

На ден 04.11.2024 година учениците од I до V одделени присуствуваа на театарската претстава **,,Мачорот во чизми”.** Учениците од оваа театарска претстава научија многу поучни работи кои ќе ги користат во понатамошниот живот. По театарската претстава учениците се прошетаа низ младинскиот парк каде се дружеа и другаруваа низ смеа и разни игри во паркот.

**Воннаставна активност - *Новогодишен дух во нашата училница***

На ден 23.12.2024 се одржа Новогодишната работилница во која учествуваа активно сите ученици. За почеток почнавме да изработуваме елки од стапчиња кои учениците ги боеаја и ги лепеа а потоа лепеа разни лампиони на нив.

Потоа се изразботуваше снешко од чиничиња со разнобојни обравчиња. Продолживме со разни изработки од стапчињата како ѕвезда, капа, лик на Дедо Мраз и ѕвонче. Првачињата има

задача на исечена елка да лепат разновидни форми како круг, тријаголник и правоаголник. За крај се боеаја лампиони каде секое дете поединечно ги лепеше на исечена елка од хамер а воедно и пееше по една новогодишна песничка. Се боеаја и уште многу разни цртежи за на Новогодишниот хамер. Секое дете му беа подарени Новогодишни наочари каде имаа задача да ги обојат разновидно и да ги залепат на соодветниот хамер.

**Воннаставна активност -** ***Изработка на честитки за денот на вљубените***

По повод Денот на вљубените се одржа работилница на ден 12.02.2025 година .

Во оваа работилница учениците на креативен начин ја искажуваа својата љубов, изготвуваа разни честитки, исцртуваа срциња на салафетки и картончиња. Со силикон се изготвуваа срциња кои секој ученик различно си го декорираше. Се изготвуваа срциња од хартија кои ги лепеа на стапчиња. Се се изготвуваше во знакот на срце во црвена боја. Секој од учениците пееше по една песна и кажуваше стихотворба.

**Воннаставна активност -** ***Кукленит театар „Крин“ - „Добрата Јана и лошиот дедо“***

По барање на учениците се одржа куклен театар во нашето училиште на ден 20.02.2025 година. Глумците најпрво ги воведоа со разни прашања дали гледаат цртани кој им се омилени а потоа и доделија награда за одговорено точно прашање. По краткиот разговор започнаа со куклениот театар каде учениците беа пресрекни и возбудени. Со внимание го проследија куклениот татар а потоа секој ученик беше во можност да се запознае со ликовите. Куклите беа изработени од мек и убав материјали да може лесно да се ракува со него.

Секој ученик беше во можност да ги фати и почуствува нивната енергија на хармонија.

**Воннаставна активност -** ***,,Осми Март"***

На ден 05.03.2025 година се одржа работилница по повод денот на жената **Осми март.**

Оваа работилница беше исполнета со изготвување на разни цветови во разни бои, и од разни материјали. Со испишување на осмомартовски пораки преку кои уцениците им го чеституваа празнкот на своите мајки, баби, тетки, наставнички.

Исто така се пишуваа и стихови на самите честитки преку кои се изразуваа учениците на свој начин. Сите оние изработки што се изработија на оваа работилница се поделија на наставничките преку кои учениците им го честитаа Празникот на жената.

**Воннаставна активност –** ***Пролетта во мојата училница***

На ден 21.03.2025 година се одржа работилница по повод **Пролет** - Пристигнување на Пролетта. Во Пролет расцветуваат дрвјатата, цвеќињата цветаат а пчелките и бубамарите излегуваат. Сите овие работи се пролетни затоа и ние направивме: Пчелки, расцветани дрвја, бубамари, разнобојни цвеќиња. Секој ученик си влечеше слика која требаше да ја обои и исече а потоа (пчела, бубамара, сонце, пеперутка) се залепија на рачињата така фатени за рачиња еден до друг рецитираа стихотворби. Се боеја и изготвуваа разни пеперутки, ластовички и цртежи со ливади и лалиња .

**Воннаставна активност –*Првоаприлски маски***

На ден 01.04.2025 година се одржа нова воннаставна активност по повод Денот на шегата 1 Април. Во оваа активност учествуваа и учениците од ПУ Отовица и Мамутчево каде заедно се другаруваа и играа друштвени игри. По друштвените игри секој ученик имаше задолжение да нацрта и изготви своја маска. Потоа сите ученици изведоа модно дефиле од разни маски кои ги изработиле дома со своите родители.И за крај се кажуваа разни шеги и смеи.

**Вон наставна активност –*Велигденски радости***

По повод Христијанскиот празник Велигден се одржа работилница на ден 16.04.2025. Оваа работилница се одвиваше во два дена каде првиот ден се изработуваа цртежи во разни техники и боење на јајца од хартија и стиропор. Вториот ден се изготвуваа зајчиња од пластични шишиња, зајчиња од стиропор, кокошки со јајца исто така од стиропор и дрвени јајца кои беа исто така украсени со разни материјали донесени од учениците. Се изготвуваа и висечки украси од стапчиња. Се изготвуваа и пилиња и разни зајчиња од хартија и пластични материјали(предмети). Дел од овие украси беа поставени на Велигденскиот базар кој се одвиваше во Младинскиот парк во организација на Општина Велес.

**Воннаставна активност –*Ден на планетата Земја***

На ден 22.04.2025 се одржа вон наставна активност по повод - Одбележување на 22 април - Денот на планетата Земја – како да ја заштитиме планетата од загадување. Најнапред прочитавме неколку цитати како да ја заштитме природата водата и планетата од разни загадувања, потоа се боеја разни цртежи со планетата Земја. За да на крај се изработи хамер со јасна порака ,, Светот е во наши раце”. На овој хамер учениците ја нацртаа планетата Земја

и ја обоија, а околу нејзе се залепија дрвја изработени од самолеплива хартија кои го означуваат чистиот воздух.

**Воннаставна активност –** ***Посета на Природно-научниот музеј и Зоолошката градина со учениците од I до V одделение.***

Оваа активност се одржа на ден 23.04.2025 година - Одговорен наставник Катерина Петрова. Целта на активноста е да се другарува со другарчињата, да се комуницира и да се запознаеме со нови работи од Природно научниот музеј. Најнапред се разгледа Музејот и неговата убавина. Учениците тука научија за животните кои живееле пред многу година а потоа за животните кои ги имаме сега во нашата држава. По музејот учениците ја посетија Зоолошката градина и Дино паркот. Во Зоолошката градина учениците разгледаа разни животни и нивните живеалишта, имаше многу разни прашања за нивните живеалишта, со што се хранат, кој ѓи храни и кој ги одгледува. На сите ти прашаеа добија одговори и сите задоволни и среќни продолживме во Дино паркот каде имаше Диносаурси кои испуштаа звуци и се движеа.

**Вон наставна активност –** ***Генералка викенд – Еко акција***

На ден 09.05.2025 година се одржа Воннаставна активност Генералка Викенд заедно со учениците до деветто одделение. Најнапред се поделија флаери преку кој се водеше дискусија за отпадот со учениците. Потоа се поделија ракавици и вреќи кои беа означени каков отпад треба да содржат. Оваа активност содржеше собирање на отпад и селекција на отпад во и надвор од училишето.

**Вон наставна активност –** ***Денот на желките***

На ден 23.05.2025 год се одржа работилница на тема Светски ден на Желките. По тој повод учениците најнапред проследија power point презентација каде се упатија во животинскиот свет. Видовите на желки водни или копнени а потоа започнаа со своите изработки: изготвуваа желки од релноста во 2Д форма, и желки од својата фантазија. Првачињата редеа броеви до 100 во низа со цел да состават желка од редоследот на броевите и составуваа оклоп на желка со сечење и лепење. Третто одделение имаа за цел да ги формираат 2Д желките од реалниот свет и четврто и петто одделние има задача да состават желки од својата фантази во разни бои од вообичаените. За сите актвности редовно се доставуавше барање до службата на училиштето.Додека по самото одржување се изготвуваше извештај од реализија на активноста.

**Одделенски наставник**
**Александра Кузмановска**

**ИЗВЕШТАЈ ОД УЧЕНИЦИТЕ ОД КОМБИНИРАНАТА ПАРАЛЕЛКА ОД С. ОТОВИЦА**

Во ООУ,,Стојан Бурчевски Буридан"с. Иванковци, ПУ-Отовица тековно беа реализирани неколку приредби, работилници и продажни базари со наставниците и учениците од одделенска настава. Темите беа избор на празнувања и одбележувања на значајни датуми.

**Работилница „Есенски бои " 24.09.2024 година**

По повод есента во подрачното училиштето во с.Отовица се организираше работилница на тема ,,Есенски бои " каде учество земаа учениците од I до V одделение. На самата работилница учениците изработуваа ликовни творби со користење на природни материјали: ориз, леќа, коноп, картон, суви лисја од дрва, хартија во боја.

Во рамките на одбележувањето на Детската недела оваа учебна година реализирани беа низа активности:

- **На 7ми Октомври (понеделник)** беа прочитани одредбите од Конвенцијата за правата на детето (презентација), дел од тие пораки беа напишани од страна на учениците на предходно изработени цветови и истите покасно се закачени на видно место во ходниците на училиштето.
- **На 8ми Октомври (вторник)** со цел поттикнување на креативноста, учениците имаа низа активности меѓу кои и изработка на летачки балони на кои исто така беа напишани пораки за поубав и посреќен свет за секое дете.
- **9 Октомври (среда)** беше посветени на заедничките спортските игри со другарчињата од подрачните училишта во с.Сујаклари и с.Мамутчево.
- **На 10ми Октомври (четврток)** учениците ја изразија својата креативност преку цртањето со креди во училишниот двор.

Свечениот прием на првачињата беше направено од страна на на одделенскиот наставник – Далиборка Крстевска и останатите другарчиња.

**Работилница „Ноќ на вештерките-Halloween" 30.10.2024 година**

По повод католичкиот празник **Halloween,** учениците заедно со натавничката по англиски јазик Рената Есенчева и одделенските наставници имаа работилница на која изработуваа најразлични маски,украси поповод овој празник.

**Работилница по повод Нова година**



По повод Новогодишните празници во училиштето организиравме работилници на тема: ,,Дедо Мраз и кај нас " каде учество земаа учениците од I до V одделение заедно со своите наставници. На самите работилници учениците изработуваа честитки, украси со користење на природни материјали: коноп, картон, стакло, хартија во боја, дрво, волница, тесто, темперни бои, лак.

**Продажен -Новогодишен хепенинг (27.12.2024 година)**

Изработените творби од работилницата ги изложивме на продажен штанд кој беше посетен од родители и најблиски роднини. Бескрајна беше радоста на учениците чии експонати во целост беа продадени.

**Приредба по повод Новогодишните и Божиќните празници (27.12.2024година)**

Во текот на месец декември заедно со учениците од I до Vодделение, наставничката по Англиски јазик подготвивме приредба со која се претставивме пред директорот, педаготот, месното население и родителите.

**Куклен театар „КРИН"-„Добрата Јана и лошиот дедо" (19.2 2025 година)**

На 19.2 .2025 год.куклениот театар „КРИН" за учениците од одделенска настава од П.У.Отовица и П.У.Сојаклари беше прикажана куклената претстава „Добрата Јана и лошиот дедо".

**„Среќен 8 Март "-денот на жената -работилница**

По повод денот на жената учениците од П.У.Отовица ја изразија својата креативност преку изработка на цветови ,честитки и букети кои ги подарија на нивните мајки , баби ,тетки.

**Први Април -Денот на шегата (01.4.2025 година)**

Учениците од одделенска настава од П.У.Отовица и П.У.Сојаклари креативно и оригинално на овој ден продефилираа и ги претставија своите оригинални маски.

**Велигден -Велигденска работилница (15.4.2025 година)**

Во текот на месец Април учениците од П.У.Отовица активно беа вклучени во изработки по повод христијанскиот празник Велигден а истите беа изложени на Велигденскиот базар одржан во Младински парк -Велес.

**Велигденски базар -организација Општина Велес (17.4.2025година)**

Учениците од П.У.Отовица заедно со своите другарчиња беа дел и земаа активно учество во Велигденскиот базар, организиран од Општина Велес.

**Патронен празник на училиштето (30.4.2025 година)**

**По повод одбележувањето на Патрониот празник на училиштето,** учениците од П.У.Отовица земаа активно учество со голем број на активности:

1.Спортски активности со учениците од П.У.Сојаклари на ден 23.4.2025година.

2.Ден на планетата Земја, се реализираше една активност заедно во соработка со наставничките Катерина Петрова, Весна Христовска со изработка на модел на планетата Земја и модел на Сончевиот систем, каде сите ученици од комбинираната паралелка земаа учество.

3.Театар сенки-„Волкот и трите прасиња "-по повод Денот на училиштето беше реализиран театар со сенки (скратена верзија ) на бајката „Волкот и трите прасиња" на ден 23.4.2025 година.

4. Денот на одбележувањето на Патрониот празник -30.4.2025година

На ден 09.5.2025 година учениците и наставничката по техничко образование Весна Христовска активно се вклучија во проектот Генералка викенд-Грижа за околината и изработија канта за отпадоци од хартија.

Нашите фотографии како прилог се дел од извештај од реализацијата на сите активности во тековната учебна 2024-2025 година.

**Одделенски наставник**
**Далиборка Крстевска**

**ИЗВЕШТАЈ ОД УЧЕНИЦИТЕ ОД КОМБИНИРАНАТА ПАРАЛЕЛКА ОД С. МАМУТЧЕВО**

**Извештај за одржани работилници**



На 30.10.2024, по повод празникот **Halloween**, беше организирана и реализирана работилница, на часот по англиски јазик, со учениците од одделенска настава во сите подрачни училишта и во централното училиште, од страна на наставникот Рената Есенчева, заедно со одделенските наставници.
Идеата и целта на истата беше учениците да се запознаат со друга култура, традиција и обичаи. Целта на работилницата беше остварена така што сите ученици заедно беа креативни, цртаа и боеја маски и сечеа со ножички. Беа вредни и длабеа тикви на кои правеа отвори за очи, нос и уста, внатре ставаа запалена свеќа, што е и всушност позначаен симбол за овој празник.чениците се дружеа, заедно работеа, се забавуваа и беа задоволни од остварената активност.
На 03.11.2024 година учениците од сите подрачни училишта од I до V одд. Беа на театар во Велес и ја следеа детската претстава **''Мачорот во чизми''.** Децата ја проследија со воодушевување, беа пресреќни и на крај задоволни ракопрескаа.
По повод доаѓањето на Нова Година и новогодишните празници на ден 20.12.2024 година децата цртаа и боеја новогодишни цртежи , ги лепеа на хамер, правевме украси со оригами техника, разни новогодишни фигури , ја красевме елката и училницата. Децата беа среќни и задоволни од оваа реализирана активност во нивната училница.

**Одржување на приредба за Нова година**

По повод доаѓањето на Нова Година и Новогодишните празници се одржа заедничка приредба на учениците од П.У.Мамутчево, заедно со учениците од одделенска настава од П.У.Сујаклари, во организација на наставничката по македонски јазик Маја Стојанова.
Децата заедно настапија со детски Новогод.песнички,рецитации и драматизации за Дедо Мраз и Нова година.Приредбата ја достигна својата цел,децата заедно играа ,пееја,се дружеа и се веселеа заедно за претстојните празници,добија аплаузи од наставниците и нивните најблиски кои беа во публика.Сите беа среќни и задоволни и со тоа активноста беше успешна.

**Одржаната работилница на тема БОН ТОН** на ден 05.02.2025година

Со учениците заедно боевме цртежи, сечевме и лепевме слики на хамер, поврзани со темата и дискутиравме за секојдневното културно однесување на децата и возрасните, во различни, секојдневни ситуации. Како треба секогаш и секаде, сите да се однесуваме и меѓусебно да се почитуваме,секојдневно да сме љубезни и да се поздравуваме.
Научивме дека требе секогаш да бидеме со разбирање кон другите, да ги сакаме и почитуваме нашите родители и наставници. Да им помагаме на постарите или болните, да се дружат сите заедно, да се сакаат и ценат сите подеднакво.
Учениците од ПУ Мамутчево заедно со учениците од ПУ Сојаклари од I до V одд. ја следеа во училиштето куклената претстава "Добрата Јанаи лошиот дедо„ од куклениот театар Крин од Велес. По повод Меѓународниот ден на жената,Осми март,со учениците од П.У. Мамутчево одржавме работилница на 05.03.2025, на која што разговаравме за значењето на тој ден.
За тоа, кои се Клара Цеткин и Роза Луксенбугр,какви биле правата на жените во минатото,а какви се денес. Потоа дискутиравме зошто и од кога се означува и празнува овој ден.
Во чест на празникот, учениците изработија цртежи и честитки, разни цветови во оригами техника, да ги подарат на своите мајки, баби и наставнички,како подарок,во знак на почит.
На ден 21.03.2025 год.во ПУ Мамутчево,со учениците имавме работилница,на тема доаѓањето на годишното време Пролет. Прво разговаравме какво време е Пролетта, дали и зошто им се допаѓа Пролетта, какви и кои промени ги носи ова годишно време во природата.Се потсетивме и за тоа кои се предвесници на пролетта,кои цвеќиња растат први во Пролет, кои птици се враќаат од Југ, какво е времето во Пролет. Дека се е разеленето во природата, летаат птици,пеперутки и други инсекти.
За таа цел, децата правеа цртежи со пролетни пејсажи,со разни цвеќиња,изработени и оригами техника,а и во училишниот двор и во саксии садевме и рассадувавме цвеќиња.
Децата на крај беа среќни и задоволни од сработеното и завршената активност.
На ден 01.04.2025 год. Учениците од ПУ Мамутчево,заедно со учениците од ПУ Сојаклари и



ПУ Отовица,,имаа работилница по повод Денот на шегата. Децата изработуваа разни маски од познати ликови, ги боеја и лепеа, кажуваа шеги и мали лаги, поврзани со темата.Потоа слушаа детски песни,за овој ден ,пееја ,играа и се забавуваа.Сите беа насмеани, среќни и радосни, со што беше и исполнета целта на оваа активност.
На ден 17.04.2025год.Учениците од ПУ Мамутчево,имаа работилница на тема, како ние го празнуваме и славиме големиот христијанскин празник Велигден. Работилницата се одржа заедно со наставничката по англиски јазик.Прво разговаравме за тоа,каков е тој празник,како се подготвуваме дома за неговото славење.Зборувавме за тоа дека за овој празничен ден, мајките и бабите во домот бојадисаа црвени јајца, кои се симбол за овој ден. За таа цел, децата цртаа и боеја цртежи со Велигденски мотиви, изработуваа украси и Велигденски кошнички, фарбаа и цртаа Велигденски јајца .Потоа, сите ученици од I до V одд. од сите подрачни училишта на 23.04.2025 год. беа во посета на Природно-научниот музеј и зоолошката градина во Скопје каде учениците дојдоа до нови сознанија, искуства и меѓусебно се дружеа. По повод Патрониот празник на нашето училиште на 30.04.2025 година во ПУ Сујаклари се одржа Свечена приредба во која учествуваа учениците од I до V одделение каде што глумеа, рецитираа и пееја.На ден 09.05.2025 по повод акцијата ,,Генералка викенд '' и ЕКО акција, во нашето училиште со учениците имавме активности околу расчистување на училишниот двор, ходникот и училницата.Собиравме отпадоци, хартија, картон и лименки, за да имаме чиста и здрава околина во која живееме и работиме. По самата завршена активност учениците беа среќни и задоволни од својот придонес и постигнат резултат.За сите активности одделенскиот раководител редовно доставуваше барање и извештај од реализацијата на сите активности.

**Одделенски наставник**
**Биљана Тренчова Ботарева**

## ИЗВЕШТАЈ ОД РЕАЛИЗИРАНА ПРОГРАМА ЗА СПОРТ И СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ



Во учебната 2024/25 година се одржаа повеќе спортски активности во организација на наставниците по ФиЗО – Катеринчо Груев и Кристијан Пешов.

- На ден 24.04.2025 по повод Патрониот празник во ССОУ ,, Коле Неделковски" -Велес се организираше турнир во шах со учениците од 1 до 9 одделение од с.Иванковци и с.Сујаклари
- На ден 29.4.2025 по повод Патрониот празник реализирана е теренска настава од рекреативен-едукативен карактер со наставниците до месноста с. Рудник.
- По повод Патрониот празник на ООУ ,,Стојан Бурчевски- Буридан" с.Иванковци се организираа спортски активности со учениците од 1 до 9 одделение од с.Сујаклари, с.Отовица и с.Мамутчево
- На ден 03.06.2025 по повод Светскиот ден на велосипедите учениците од с.Иванковци и с.Сујаклари и стручниот актив по ФиЗО организираа велосипедска тура.

Спортските активности придонесуваат за развивање на позитивни особини на личноста на ученикот: Упорност, издржливост, дружељубивост, толерантност, меѓусебно разбирање, соработка, емоционалната стабилност, социјалната интеракција и комуникација. Активностите кај учениците поттикнуваат позитивните емоции, пријатни доживувања и добро расположение.

**Одговорни наставници**
**Катеринчо Груев и Кристијан Пешов**

## ИЗВЕШТАЈ ОД ОРГАНИЗИРАНО ИЗВЕДУВАЊЕ НА НАУЧНО ТЕРЕНСКА ТЕРЕНСКА НАСТАВА ПО ГЕОГРАФИЈА

Во нашето училиште редовно се реализираат теренски наставни со однапред утврдена едукативна цел.
На ден 04.12.2024 година учениците од предметна настава во нашето училиште беа вклучени во еднодневна научно теренска настава во Скопје. Со помош на теренската настава беа постигнати следниве воспотно-образовни цели и задачи:
-поврзување на теоријата со праксата

-развивање на способност за набљудување, запазување и воочување на географските предмети, облици, појави и процеси
-создавање можности за продлабочување, проширување, збогатување и проверување на теоретското знаење.
-развивање способности и вештини за ориентација во просторот
-можност за запознавање со локалната, регионалната и националната средина
-развивање на патриотизам, социјализација, солидарност, другарство, хуманости исл.
-јакнење на упорноста, истрајноста и одговорноста.
Во текот на теренската настава се реализираа следниве активности:
Поаѓање од Иванковци во 11.00ч, со упатување кон железничката станица во Велес.
Околу 11:40 пристигнавме на железничката станица и сместивме во возот.
Од 13:30 до 14:45 имавме прошетка низ Веро Џамбо, каде учениците шетајќи низ трговскиот центар ја почуствуваа празничната еуфорија. Во 14:55часот пристигнавме пред Младински културен центар, каде се упатуваме кон Планетариумот. Учениците следеа 45 минутно предавање од стручно лице каде се запознааа со тајните на универзумот и ги продлабочија своите знаења.
Во 16:30 часот пристигнавме на железничката станица во Скопје и сместивме во возот. Учениците безбедно пристигнаа во своите места на живеење околу 18:45часот.
Релациите се избрани според интересот на учениците и родителите.

**Одговорни наставници: Катерина Петрова**
Маринела Пановска и Андријана Кариланова

**ОРГАНИЗИРАНО ИЗВЕДУВАЊЕ НА ТЕРЕНСКА НАСТАВА ПО ПРИРОДНИ НАУКИ**

Во второто полугодие (23.04.2025 година), учениците од одделенска настава во нашето училиште беа вклучени во еднодневна теренска настава во Скопје.
Со помош на теренската настава беа постигнати следниве воспотно-образовни цели и задачи:
поврзување на теоријата со праксата
-развивање на способност за набљудување, запазување и воочување на предметите облиците, појавите и процесите во природата
-создавање можности за продлабочување, проширување, збогатување и проверување на теоретското знаење
-развивање способности и вештини за ориентација во просторот
-можност за запознавање со локалната, регионалната и националната средина
-развивање на патриотизам, социјализација, солидарност, другарство, хуманости исл.
-јакнење на упорноста, истрајноста и одговорноста
-развивање смисла за убаво, љубов кон природата, природните убавини, природните и културно-историските споменици
**Во текот на теренската настава се реализираа следниве активности:**
Поаѓање од Иванковци во 08.15ч, со упатување кон Скопје. Околу 10:00часот пристигннавме во Природно-научен музеј.
До 11:00 часот следеше разгледување на експонатите во музејот со предавање за флората и фауната која е застапена во нашата земја.
Потоа, посетата на музејот, околу 11:30 часот се упативме кон Зоолошката градина и Дино паркот. Околу 14:30 часот следуваше подготовка за враќање кон село Иванковци.
Релациите се избрани според интересот на учениците и родителите.
Целите беа исполнети во целост а учениците беа задоволни од сите изведени активности.

**Одговорен наставник: Катерина Петрова**
**одделенски наставници**

## Извештај од реализиран еднодневен излет во блиската околина

По програмата беше реализиран еднодневниот излет за учениците од I до IX одделение со локација: Археолошки локалитет Стоби, манастир Свети Ѓорѓи (Неготино).
**Време на реализација:** 04.06.2025 година
Учесници во реализација на излетот: Учениците, наставници и медицинско лице и туристички водич.
Начин на финансирање: Излетот го финансираат родителите на учениците
**ВОСПИТНО ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ :**







Целта на овој еднодневен пролетен излет е од забавно рекреативен карактер во природа.
За развивање интерес за природата и градење на еколошки навики кај учениците.
- Да воспоставува, развива и негува пријателство низ заеднички прошетки, друштвени игри, рекреација и забава;
-Да гради позитивен однос кон природата и ја почитува (користениот простор да остане чист и уреден);
- Да ги прошири веќе стекнатите знаења за историјата на овие простори преку посета на Археолошкиот локалитет Стоби
- Да се цени културното наследство на својот народ, а со тоа и на другите народи;
- Да се поттикнува чување, негување и презентирање на културни вредности
- Развивање љубов кон татковината и нејзините вредности;
- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- Поттикнување и исполнување на позитивни емоционални доживувања;
- Дружење и споделување добри спомени.

Во текот на теренската настава се реализираа следниве активности:
Поаѓање со учениците од училиште беше во 08.00 часот, со упатување кон Археолошкиот локлитет Стоби. Следеше разгледување и едукација учениците за остатоците од Римско време. Едукацијата беше реализирана од стучен археолог. Од таму групата се упати кон манастирот Св. Ѓорѓија во Неготино и кон Мексиканскиот ресторан. Со учениците се вратиме во 15.00 часот во точно утвденото време.Релацијата беше избрана според интересот на учениците. Со овој излет учениците стекнаа и развија другарство, социјализација, поттикнување и манифестирање на позитивни емоции, се рекреираа, се прилагодија на новиот начин на здраво живеење, развија љубов и грижа кон природните убавини на нашата татковина.

**Одговорен наставник: Катерина Петрова**
**и одделенски наставници**

## ИЗВЕШТАЈ ОД ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ДЕТСКАТА НЕДЕЛА

Во ООУ„Стојан Бурчевски Буридан"– се реализираше обележување на Детската недела под МОТО: **„Правата на детето - безбеден чекор кон срећно детство!"**
**Место на реализација**- Во центалното и подрачните училишта
**ООУ,,Стојан Бурчевски Буридан" Иванковци**



Секоја година во предвидениот период во месец октомври, возрасните се потсетуваат од страна на нивните деца на правата кои ги имаат како најмлади суштества на планета.Тоа се право на живот,право на нега, право на школување, право на живот без насилство и други права, според повелбата на ООН. Секое првачe станува член на Детската организација. Педагогот на училиштето изготви програма и распоред на активностите за реализација на Детската недела.Детската недела во ООУ,,Стојан Бурчевски Буридан ,, Иванковци беше проследена со низа активности по претходно приготвената програма:



Првиот ден од одбележувањето, децата беа запознаени со активностите по повод Детската недела. На одделенскиот час на Светскиот ден на детето- Закон за заштита на децата (Сл.весник на РМ 23/2013) член 221,став 2, сите одделенски и предметни раководители им ги прочитаа и објаснија пред учениците одредбите од Конвенцијата за правата на детето, каде тие напоредно се запознаа со нивните права и обврски.Во вториот ден од програмата, учениците активно се вклучија во активноста преку нивните креативни изработки и љубов кон творењето и ликовното изразување. Актинвноста допринесе задоволство, радост, смеа, меѓусебно дружење меѓу учениците.Тие изработија интересни цртежи и напишаа прекрасни песнички.Третиот ден се реализираа спортските активности. Децата, беа вклучени во најразновидни спортски натпревари во возење со велосипед, играње пинг-понг, тротинет, прескокнување јажиња, активности со обрачи, топки и други спортски активности. Тие со задоволство ги прифаќаа фер правилата на игрите и сите заедно го почуствуваа натпреварувачкиот дух, другарувањето и забавата.На 10.10.2024 (четврток) учениците своерачно цртааа со креди во боја во училишниот двор, каде на крај го презентираа својот нацртан цртеж. Потоа се реализираше активноста со прием на првачињата во Детската организација. Учениците со мала претстава ги поздравија првачињата. Директорот на училиштето и училишниот педагог со пригодни зборови им се обратија на децата за одбележувањето на неделата и влегување на првачињата во детската организација.Тие им посакаа среќно и весело детство со успешно чекорење по патот на школувањето.

**Изготвил:Педагог,Елена Илиева Недев**

## ИЗВЕШТАЈ ОД ОРГАНИЗИРАЊЕ РАЗНОВИДНИ ОПШТЕСТВЕНИ, КУЛТУРНИ И ОБРАЗОВНИ АКТИВНОСТИ СО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Во соработка со Локалната заедница беа организирани разни манифестации и активности по разни поводи, настани и јубилеи. Дел од културно образовните активности во училиштето се реализираа во соработка со Локалната самоуправа и се превземаа најразлични акции на соработка, манифестации, одбележување на значајни датуми од историски, верски и др. аспект, а кои се од интерес и на училиштето и на Локалната средина.

| ОРГАНИЗИРАЊЕ РАЗНОВИДНИ ОПШТЕСТВЕНИ, КУЛТУРНИ И ОБРАЗОВНИ АКТИВНОСТИ ВО УЧЕБНАТА 2024/2025 ГОДИНА | | | |
|---|---|---|---|
| **Активности** | **Датум на реализација** | **Организатори и учесници во активноста** | **Прилог фотографии** |
| **Положување на свежо цвеќе и следење на програма за** 8-ми Септември **Ден на независноста** Спомен костурницата | 08 09 2024 | **Општина Велес** **Делегација за положување** Педагог: Елена Илиева Недев Наставници: Кристијан Пешов Маја Стојанова |  |
| **Европската недела на мобилност 2024** Пешачиме низ Велешките маала и сокаци | 18 09 2024 | **Општина Велес** **Преставници од нашето училиште** Директор: Трајче Недев Наставници: Мирјана Пановска Катеричо Груев Ученици од 6то одделение |  |
| Работилница **Европски ден на јазиците** Колку јазици знаеш-за толку луѓе вредиш | 26 09 2024 | Локална библиотека- Гоце Делчев Наставник по македонски јазик Мирјана Пановска Актив општествени науки Ученици од 6то до 9то одделение |  |
| **Посета на Патрон празник на училиштето** ООУ Панко Брашнаров-Велес Следење на програма и приредба | 04 10 2024 | **Присутни на програмата на Патронот:** Директор:Трајче Недев Наставник:Маја Стојанова |  |
| **11-ти Октомври** **Ден на народното востание** Делегација за положување на Спомен костурницата | 11 10 2024 | **Општина Велес** **Делегација за положување** Директор: Трајче Недев Наставник:Андријана Сарагиновска |  |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Додлување на благодарници за успешна реализација на акцијата<br>**Генералка викенд 2024** | 16 12 2024 | **Општина Велес**<br>**Преставници:**<br>Педагог Елена Илиева Недев<br>**Наставник:**<br>Марија Димова |  |
| **Посета на Патрон празник на училиштето**<br>**ООУ Васил Главинов-Велес**<br>Пригодна програма со хуманитарен карактер | 15 04 2025 | **Голема сала на Општина Велес**<br>**Присутни наставници на програмата:**<br>Маја Стојанова<br>Марија Димова |  |
| **Посета на Патрон празник на училиштето**<br><br>**ООУ Лирија с. Бузалково- Велес**<br>**Културно уметничка програма** | 17 04 2025 | **Присутни на програмата:**<br>Директор: Трајче Недев<br>Наставник: Александар Ѓорѓиев |  |
| **Велигденски базар 2025**<br>**Младински парк (штанд)** | 17 04 2025 | **Општина Велес**<br>Анета Јакимовска,Александра Кузмановска,Далиборка Крстевска<br>Панче Бошков,Емилија Илиева<br>Златко Јанев, Рената Есенчева<br>**Ученици од одделенска настава** |  |
| **Положување на свежо цвеќе**<br>**Чествување за бесмртните Гемиџии-122 години потоа** | 28 04 2025 | **Општина Велес**<br>**Делегација за положување:**<br>Наставници: Катеринчо Груев<br>Македонска Арсовска<br>Александар Ѓеорѓиев |  |
| **Акција**<br>**Генералка викенд 2025** | 09  05 2025 | **Општина Велес**<br>**Мен Енд Маунтен ДОО Скопје**<br>**Одговорен наставник:**<br>Андријана Сарагиновска<br>Одд. и предметни наставници |  |
| **Положување на свежо цвеќе и следење на програма за Денот на победата над фашизмот**<br>Спомен кострурницата | 09 05  2025 | **Општина Велес**<br>**Педагог:** Елена Илиева Недев<br>**Наставници:**<br>Маја Стојанова<br>Марија Димова |  |
| **Посета на Патрон празник на училиштето**<br>Делата огледало на нашите постапки | 16 05 2025 | ООУ Петре Поп Арсов-с. Извор<br>**Присутни на програмата на Патронот:**<br>Директор: Трајче Недев<br>Педагог Елена Илиева Недев |  |
| **Следење на организираните активности по повод**<br>62. Рацинови средби | 12 06 2025 | **Присутни на организираните активности**<br>**Наставници по македонски јазик**<br>Маја Стојанова<br>Мирјана Пановска |  |
| **Положување на свежо цвеќе**<br>62. Рацинови средби<br>Споменикот на Кочо Рацин пред СОУ “Гимназија Кочо Рацин” | 12 06 2025 | **Општина Велес**<br>**Делегација за положување:**<br>Директор: Трајче Недев<br>**Наставници:**Марија Димова<br>Билјана Тренчова Ботарева |  |
| **Положување на свежо цвеќе**<br><br>62. Рацинови средби<br>Спомен – Костурница | 12.06.2025 | **Општина Велес**<br>**Делегација за положување:**<br>Далиборка Крстевска<br>Андријана Кариланова<br>Кристијан Пешов |  |
| **Културна манифестација**<br><br>Театарската претстава „Рацин“изведена во рамките на 62 Рацинови средби | 17.06.2025 година | **Општина Велес**<br>**Присутни на програмата:**<br>Директор: Трајче Недев<br>**Наставници:**Марија Димова,Далиборка Крстевска<br>Евгенија Стојанова Јорданов |  |

**Изготвиле:Педагог,Елена Илиева Недев**
**Директор, Трајче Недев**

**ИЗВЕШТАЈ ОД ЗАПИШАНИ ДЕЦА ЗА УПИС ВО ПРВО ОДДЕЛЕНИЕ**
**ЗА УЧЕБНАТА 2025-2026 ГОДИНА**

**ООУ„Стојан Бурчевски Буридан„ с. Иванковци-Централно**

| р.бр | Име и презиме на ученикот | Моментално место на живеење |
|---|---|---|
| 1 | Давид Кузмановски | с.Иванковци |
| 2 | Дарија Стојчиќ | с.Иванковци |
| 3 | Даријан Спасовски | с.Иванковци |
| 4 | Лука Андреевски | с.Иванковци |
| 5 | Стефан Јакимовски | с.Иванковци |

**ООУ„Стојан Бурчевски Буридан„с. Сујаклари-Подрачно**

| р.бр | Име и презиме на ученикот | Моментално место на живеење |
|---|---|---|
| нема | | |

**ООУ„Стојан Бурчевски Буридан„с. Мамутчево-Подрачно**

| р.бр | Име и презиме на ученикот | Моментално место на живеење |
|---|---|---|
| нема | | |

**ООУ„Стојан Бурчевски Буридан„с. Отовица-Подрачно**

| р.бр | Име и презиме на ученикот | Моментално место на живеење |
|---|---|---|
| нема | | |

**Деца според нашиот реон** се вкупно: 10 ученика
**Опсервирани се вкупно**: 5 ученика
**Опсервирани ученици кои не припаѓаат на нашиот реон**: нема
**Не запишани ученици** : нема
**Иселени во странство**: 4 ученика
**Со потврда за одложување** на уписот за наредна учебна година: 1 ученик
**Податоци по училишта:**
ООУ„Стојан Бурчевски Буридан„ с. Иванковци-Централно: 5 првачиња
ООУ„Стојан Бурчевски Буридан„с. Мамутчево-Подрачно: нема
ООУ„Стојан Бурчевски Буридан„с. Сујаклари-Подрачно: нема
ООУ„Стојан Бурчевски Буридан„с. Отовица- Подрачно: нема
Уписот на ученици според член 60 од Законот за основно образование (Службен весник на Р.С.М,бр.161/19) се реализираше регуларно во месец Мај 2025 година.

**Комисијата за упис на првачиња при ООУ „Стојан Бурчевски Буридан“ с. Иванковци**
Елена Илиева Недев –Училишен педагог
Жана Ѓорѓиева – Специјален едукатор
Далиборка Крстевска – одделенски наставник

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРИМЕНАТА НА ИКТ ВО НАСТАВАТА

Во денешно време на дигитални технологии, примената на ИКТ алатките во образованието е од суштинска важност за подобрување на процесот на учење и подучување.
Особено во основните училишта, каде што започнува оформувањето на основните вештини и знаења кај учениците, примената на дигитални алатки не само што ги збогатува наставните содржини, туку и овозможува интерактивно учење и адаптирање на наставниот процес според

потребите на секој ученик, во училници со комбиниран пристап на дигитални и физички ресурси.
На почетокот на учебната 2024-2025 година во подрачното училиште во Сујаклари сите училници се обезбедија со смарт табли, а во училницата во одделенска настава електронски панел.Интернетот беше надграден со соодветна опрема, обезбедена од страна на училиштето.
Наставниците во своите тематски и дневни планирања (сценарија) ги бележеа активностите поврзани со ИКТ по сите предмети во одделенска и предметна настава.
Современата технологија (смарт табли, таблети, лап топи) редовно се користи од наставниците и учениците и се големо олеснување за совладување на предвидените содржини. Покрај тоа наставниците користат и онлајн едукативни платформи кои се интересни за учениците.

**Одговорен наставник**
**Весна Христовска**

## ИЗВЕШТАЈ ОД ВОДЕЊЕТО НА Е-ДНЕВНИКОТ НА ПАРАЛЕЛКАТА




Во учебната 2024-2025 година дневникот на паралелката се водеше целосно електронски. Направени се квартални проверки за секое тромесечие и заклучено е дека наставниците редовно го пополнуваат својот дневник на паралелката со податоците кои им се бараат.
Притоа, се води сметка за новините кои произлегуваат од новата концепција.
Може да се каже дека внесени се сите воннаставни активности (акции, секции, излети, екскурзии, работилници), општествено корисна работа и здравствена заштита на учениците.
На крајот на секое тромесечите уредно се креираат сите евидентни листови и истите електронски се потпишуваат од стрна на родителите.
Во предвидениот рок беа ставени и сите годишни оценки и направени изостаноци.
Во текот на учебната година на сите наставници им се доделени нови кориснички имиња и лозинки за верификација во новиот систем ЕСАРУЕД.
Електронскиот дневник редовно преку текот на целата учебна година го следеше службата и одговорниот наставник каде напоредно даваше инструкции и совети за негово правилно водење.

**Одговорен наставник:**
**Весна Христовска**

## ВОДЕЊЕ НА ПЕДАГОШКА ЕВИДЕНЦИЈА И ДОКУМЕНТАЦИЈА

### Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на наставниот кадар

**<u>Водење на педагошка евиденција и документација</u>**
Директорот и педагогот на училиштето работат по програма и во учебната 2024-2025 година редовно го следеа и вреднуваа квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар. Педагошката евиденција и документација се водеше одговорно и редовно од целокупниот наставен кадар во дневникот за работа на паралелката (е-дневникот), со тековна проверка од страна на стручната служба и одговорниот администратор на училиштето.
Од страна на директорот и педагогот се изврши увид во глобалните, тематските и дневните планирања на наставниците, како и во досието на наставниците.
Тие беа документирани во посебни фолдери кај педагогот на училиштето и проследени на увид со следење на реализација на наставните планови и програми, преку посета на редовните наставни часови;
Потоа се направи анализа со изготвување на записници и извештаи по посетените часови,како и евалуација на дневните подготовки на наставниците согласно изготвените инструменти.

Редовно и тековно беа изготвувани сите потребни извештаи, документи и потполнување на инструментите по класификациони периоди за учебната 2024-2025 година.

**Следење на реализацијата на наставните планови и програми**

На почетокот на учебната година извршен е увид во годишните и тематските планирања на наставниците. Следена е реализацијата на наставните планови и програми преку посета на наставни часови. Потоа направена е анализа и изготвени се извештаи по посетените часови, како и евалуација на дневните подготовки на наставниците согласно изготвените инструменти.

**Примена на современи наставни методи и форми на работа**

Во училиштето беше изготвен план за посета на отворени и нагледни наставни часови.
По истите водени се стручни разговори и консултации со наставниците за наставните содржини од посетените часови, односно за користените методи, форми и стратегии и техники на учење и поучување. Посебно внимание се посвети на новата Концепција за прво,второ,трето четврто,петто и шето одделение, е-содржините во наставата, рефлексијата на крајот на наставниот час, користените инструменти за оценување на постигањата на учениците и во целост изготвување на сценаријата на планирање на еден наставен час.

**Увид во работата на стручните активи**

Извршен е увид во програмите на стручните активи, посетени се состаноци, напарвен е план за нагледни часови и план за подготовка на творен ден. На средбите се дискутираше, се даваа предлози и забелешки, како и насоки за унапредување на воспитно образовниот процес.

**Увид во педагошката документација и евиденција**

Редовно се прегледувани електронските дневниците на паралелките. По извршените увиди од страна одговорниот администратор, педагогот и директорот на училиштето, се напарвени анализи и обработки на податоците и констатираната состојба се евидентира во однапред изготвени инструменти. Преку водењето на педагошкиот картон и досие од страна на педагогот е следена и другата педагошка евиденција и документација (годишни,тематски и дневни планирања, планирање и реализација на изборна, дополнителна, додатна настава, часовите на одделенската заедница, родителските средби, планирања, записници, изготвување на анкети,тестови и слично).Потпонување на ученичките легитимации, евидентните листови, свидетелставата и главната книга за учениците и образците за дополнителна, додатна настава и воннаставните активности. На овие документи се врши увид и се водат записници и инстументи при самата проверка, кој се евидентирани кај службата на училиштето.
Педагошката евиденција и документација во оваа учебна година се водеше одговорно и редовно од страна на целокупниот наставен кадар.
Во тековната учебна година уредно беше водена педагошката евиденција и документација и во записничките книги (електронски и писмено) на училишниот одбор, наставничкиот совет, одделенските совети, советот на родители како и извештаите за работата на директорот, стручниот соработник-педагог, стручните активи, ученичките организации на училиштето, записниците од работните средби на тимовите.
Тоа покажа висок степен на реализација на предвидените содржини и активности од годишната програма за работа во учебната 2024-2025 година.Навремено се ажурираше целокупната администрација на училиштето.Во ООУ„Стојан Бурчевски Буридан“ с.Иванковци- Велес оваа учебна година имаше редовни (тековни) инспекциски надзори од кои нашето училиште доби позитивна мислење во однос на водењето на целокупната педагошка работа.

**Изготвиле,**
**Директор:Трајче Недев**
**Педагог: Елена Илиева Недев**

ООУ „Стојан Бурчевски-Буридан”, с. Иванковци-Велес
тел. 043/253-185, e-mail: stojanburcevski@yahoo.com

# ТИМ КОЈ УЧЕСТВУВАЛ ВО ИЗГОТВУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА УЧЕБНАТА 2024-2025 ГОДИНА

**Годишен извештај за реализација на воспитно – образовната работа за учебната 2024-2025 година го изготвија:**



**Директор: Трајче Недев**
**Училишен педагог: Елена Илиева Недев**
**Одделенски наставници:**
**Далиборка Крстевска**
**Кристијан Пешов**

Во соработка со наставниците од ООУ,,Стојан Бурчевски Буридан“с. Иванковци

Претставници од училишен парламент
Ученици: Иван Стршевски, Пепита Димовска

Претседател на
Училишен одбор

Александар Арсовски

Вд.Директор

Трајче Недев

М.П

Велес, Август 2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско основно училиште
Стојан Бурчевски Буридан
Бр. 02 – 329/2
13.08.2025 год.
с. Иванковци Велес

Согласно член 108 став(1) алинеја 2 од Законот за основно образование (Сл.весник на Р.С.Македонија бр.161/2019), Училишниот одбор на седницата одржана на ден 13.08.2025 година ја донесе следнава

# О Д Л У К А

За предлагање на Годишен извештај за работа на ООУ,,Стојан Бурчевски-Буридан,, с. Иванковци Велес

## Член 1

Училишниот одбор го разгледа Годишниот извештај за работа на ООУ,,Стојан Бурчевски-Буридан,, с. Иванковци Велес за учебната 2024/2025 година и истиот го предлага на Советот на Општина Велес

## Член 2

Оваа Одлука стапува во сила од денот на донесувањето.

Претседател на У.О.
Александар Арсовски